Точка на дневен ред: **5**
Предлагач: **Надзорен одбор**

Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Извештај на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година

Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери да го усвои следниот:

Извештај на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година

Во прилог:

- Извештај на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година;
- Предлог - одлука за разгледување и прифаќање на Извештајот на Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување со Мислење на Надзорниот одбор по Извештајот.

Скопје, мај 2023 година

НЛБ Банка АД Скопје

Финансиски извештаи изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување

За годината завршена на 31 декември 2022

со Извештај на независниот ревизор

Содржина

Извештај на независниот ревизор до акционерите на НЛБ Банка АД Скопје....4

Биланс на успех....6

Извештај за сеопфатна добивка....7

Извештај за финансиска состојба....8

Извештај за промени на капиталот....9

Извештај за паричниот тек....10

1. Општи информации....13
2. Преглед на значајните сметководствени политики....17
3. Управување со ризици....52
4. Нето-приходи од камати....99
5. Приходи од дивиденди....99
6. Нето-приходи од провизии и надомести....100
7. Нето-добивка/(загуба) од финансиски инструменти чувани за тргување....100
8. Нето-добивка/(загуба) од финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Биланс на успех....101
9. Нето-добивка/(загуба) од курсни разлики....101
10. Нето-добивки/(загуби) од депризнавање на средства....101
11. Други оперативни приходи....101
12. Други оперативни расходи....102
13. Трошоци за вработените....102
14. Општи и административни трошоци....103
15. Амортизација....103
16. Добивка/(загуба) од модификација....104
17. Резервирања....104
18. Исправка на вредноста....105
19. Данок на добивка....106
20. Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки....107
21. Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка....108
22. Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност....109
23. Должнички хартии од вредност....110

24. Кредити на и побарувања од банки 111
25. Кредити на и побарувања од комитенти 111
26. Останати финансиски средства 112
27. Движење на исправката за финансиските средства 112
28. Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања 117
29. Вложувања во придружени друштва (евидентирани по методот на главнина) 118
30. Вложување во недвижности 118
31. Недвижности, опрема и средства со право на употреба 120
32. Нематеријални средства 121
33. Наеми 122
34. Останати средства 123
35. Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Биланс на успех 123
36. Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност 124
37. Депозити на банки 124
38. Депозити на други комитенти 125
39. Обврски по кредити 126
40. Субординирани обврски 128
41. Останати финансиски обврски 129
42. Резервирања 129
43. Останати обврски 132
44. Трансакции со поврзани страни 132
45. Запишан капитал 136
46. Заработка по акција 139
47. Промени во обврските што произлегуваат од финансиските активности 139
48. Последователни настани 140

Извештај на независниот ревизор до акционерите на НЛБ Банка АД Скопје

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на НЛБ Банка АД - Скопје („Банката“), коишто ги сочинуваат Извештајот за биланс на успех, Извештајот за останата сеопфатна добивка, Извештајот за финансиска состојба на Банката на 31 декември 2022 година, како и Извештајот за промените на капиталот и Извештајот на паричните текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготовувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и интерна контрола којашто раководството смета дека е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Република Северна Македонија и објавени во Службен весник бр. 79 од 11 јуни 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршуваме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Банката. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи на Банката објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови на Банката за годината што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Владимир Соколовски

Управител

Даница Ганчева

Овластен ревизор

Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО

Скопје, 5 април 2023 година

доверливо

Материјал за 116-та седница
на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Точка број: 2023 – 116ВС Т3.5

Дата на седницата: 31.03.2023

Предлагач: Управен одбор

Извештај за резултатите од ревизијата спроведена од страна на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, за извршената ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2022 со Мислење за извештајот на друштвото за ревизија

Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје во текот на првите два месеци од 2023 година изврши ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) за годината завршена на 31 декември 2022, коишто вклучуваат: Биланс на успех, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на состојба, Извештај за промените во капиталот и резервите, Извештај за паричниот тек, Преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Ревизијата на финансиските извештаи е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр.79 од 11 јуни 2010 година и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршење на ревизија, ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на работењето и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Заради успешно и ефикасно извршување на ревизијата на финансиските извештаи завршена на 31 декември 2022 година, Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на четвртиот квартал од 2022 година, со состојба 30.09.2022 година.

Менаџментот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Надзорниот одбор ги разгледа и одобри финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Надзорниот одбор го разгледа и прифати Нацрт мислењето на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, според кое:

- „финансиските извештаи на Банката објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2022 година како и финансиската успешност и паричните текови на Банката за годината што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување".

Блаж Бродњак
Претседател на
Надзорен одбор

Биланс на успех

	Белешки	2022	2021
Приходи од камата пресметани користејќи го методот на ефективна каматна стапка	4	3.594.111	3.417.619
Расходи за камата пресметани користејќи го методот на ефективна каматна стапка		(257.170)	(290.304)
Останати каматни и слични расходи		(17.456)	(22.478)
Расходи за камата	4	(274.626)	(312.782)
Нето приходи од камата		**3.319.485**	**3.104.837**
Приходи од дивиденди	5	1.594	1.057
Приходи од провизии и надомести	6	2.228.313	1.995.473
Расходи за провизии и надомести	6	(1.181.382)	(1.020.480)
Нето приходи од провизии и надомести		**1.046.931**	**974.993**
Нето добивка/(загуба) од финансиски инструменти чувани за тргување	7	345.544	277.954
Нето добивка/(загуба) од финансиски обврски мерени по објективна вредност преку биланс на успех	8	1.827	-
Нето добивка/(загуба) од курсни разлики	9	22.279	(7.588)
Нето добивка/(загуба) од депризнавање на средства	10	(2.506)	2.717
Други оперативни приходи	11	138.881	69.287
Други оперативни расходи	12	(203.590)	(195.770)
Трошоци за вработените	13	(986.047)	(895.614)
Општи и административни трошоци	14	(634.923)	(568.927)
Амортизација	15	(335.072)	(298.889)
Добивка/(загуба) од модификација	16	(148)	(10.819)
Резервирања за кредитни загуби	17	26.877	(66.332)
Резервирања за останати обврски	17	8.294	(2.390)
Исправки на вредност на финансиски средства	18	(178.432)	294.519
Исправки на вредност на нефинансиски средства	18	(6.611)	(25.869)
Удел во добивката/(загубата) од вложувања во придружени друштва (евидентирани по метод на главнина)	29	(2.141)	-
Добивка пред оданочување		**2.562.242**	**2.653.166**
Данок на добивка	19	(233.525)	(249.774)
Добивка за годината		**2.328.717**	**2.403.392**
Основна и разводнета заработка по акција (во денари)	46	**2.727**	**2.814**

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот одбор на 23.03.2023 година и потпишани во нивно име од:

Игор Давчевски Член на Управен одбор	Петер Зелен Член на Управен одбор	Бранко Грегановиќ Претседател на Управен одбор

Извештај за сеопфатна добивка

	Белешки	2022	2021
Нето добивка за годината		**2.328.717**	**2.403.392**
Останата сеопфатна добивка која се прекласификува во биланс на успех во следните периоди:			
- должнички инструменти мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	45	(301.582)	(142.185)
Останата сеопфатна добивка која нема да се прекласификува во биланс на успех во следните периоди:			
- промени во објективната вредност на сопственичките инструменти мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	45	1.297	92.112
- актуарски добивки/(загуби)	45	6.140	(2.344)
Останата сеопфатна добивка/(загуба) за годината, нето од данок		**(294.145)**	**(52.417)**
Вкупна сеопфатна добивка за годината		**2.034.572**	**2.350.975**

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот одбор на 23.03.2023 година и потпишани во нивно име од:

Игор Давчевски Член на Управен одбор	Петер Зелен Член на Управен одбор	Бранко Грегановиќ Претседател на Управен одбор

Извештај за финансиска состојба

	Белешки	31.12.2022	31.12.2021
Актива			
Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	20	18.068.674	15.118.573
Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	21	5.034.419	7.173.951
Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност	22		
- должнички хартии од вредност	23	12.500.382	12.827.964
- кредити на и побарувања од банки	24	1.501.596	2.812.159
- кредити на и побарувања од комитенти	25	72.113.402	66.708.081
- останати финансиски средства	26	1.843.467	1.519.621
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	28	247.481	246.951
Вложувања во придружени друштва (евидентирани по методот на главнина)	29	15.997	-
Вложување во недвижности	30	95.975	95.975
Недвижности, опрема и средства со право на употреба	31	2.013.712	2.082.140
Нематеријални средства	32	294.420	312.448
Останати средства	34	73.890	54.512
Вкупна актива		**113.803.415**	**108.952.375**
Обврски			
Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку биланс на успех	35	12.386	-
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност	36		
- депозити на банки	37	349.479	392.740
- депозити на други комитенти	38	90.058.923	86.117.723
- обврски по кредити	39	2.095.534	1.518.935
- субординирани обврски	40	2.763.800	2.768.342
- останати финансиски обврски	41	1.519.920	2.354.678
Резервирања	42	367.620	416.709
Обврски за данок на добивка (тековен)		28.493	78.730
Одложени даночни обврски	19	90.039	102.924
Останати обврски	43	143.678	232.326
Вкупно обврски		**97.429.872**	**93.983.107**
Капитал			
Капитал и резерви кој припаѓа на акционерите на банката			
Запишан капитал	45	854.061	854.061
Премии од акции	45	2.274.484	2.274.484
Реваloризациски резерви	45	(234.547)	59.598
Задржана добивка		5.843.222	4.811.226
Останати резерви		7.636.323	6.969.899
Вкупно капитал		**16.373.543**	**14.969.268**
Вкупно капитал и обврски		**113.803.415**	**108.952.375**

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот одбор на 23.03.2023 година и потпишани во нивно име од:

Игор Давчевски Член на Управен одбор	Петер Зелен Член на Управен одбор	Бранко Грегановиќ Претседател на Управен одбор

Извештај за промени на капиталот

	Запишан капитал	Премии од акции	Ревалоризациски резерви	Задржана добивка	Останати резерви	Вкупно капитал
Сосотјба на 1 јануари 2021	**854.061**	**2.274.484**	**112.015**	**5.604.377**	**5.299.563**	**14.144.500**
Нето добивка за годината	-	-	-	2.403.392	-	2.403.392
Останата сеопфатна добивка	-	-	(52.417)	-	-	(52.417)
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**(52.417)**	**2.403.392**	**-**	**2.350.975**
Дивиденди	-	-	-	(1.526.207)	-	(1.526.207)
Пренос во законски резерви	-	-	-	(1.670.336)	1.670.336	-
Состојба на 31 декември 2021	**854.061**	**2.274.484**	**59.598**	**4.811.226**	**6.969.899**	**14.969.268**
Сосотјба на 1 јануари 2022	**854.061**	**2.274.484**	**59.598**	**4.811.226**	**6.969.899**	**14.969.268**
Нето добивка за годината	**-**	**-**	-	2.328.717	**-**	2.328.717
Останата сеопфатна добивка	**-**	**-**	(294.145)	-	**-**	(294.145)
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**(294.145)**	**2.328.717**	**-**	**2.034.572**
Дивиденди	-	-	-	(630.297)	-	(630.297)
Пренос во законски резерви	-	-	-	(666.424)	666.424	-
Состојба на 31 декември 2022	**854.061**	**2.274.484**	**(234.547)**	**5.843.222**	**7.636.323**	**16.373.543**

Подетални информации се достапни во белешка 45.

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот одбор на 23.03.2023 година и потпишани во нивно име од:

Игор Давчевски Член на Управен одбор	Петер Зелен Член на Управен одбор	Бранко Грегановиќ Претседател на Управен одбор

Извештај за паричниот тек

	2022	2021
Паричен тек од оперативни активности		
Наплатени камати	3.733.209	3.453.488
Платени камати	(275.176)	(348.179)
Примени дивиденди	1.594	1.057
Примени провизии и надомести	2.197.285	1.993.737
Платени провизии и надомести	(1.181.382)	(1.020.481)
Добивки/(загуби) од финансиски средства и финансиски обврски што се чуваат за тргување	347.308	277.149
Плаќања на вработените и добавувачите	(1.599.184)	(1.499.080)
Приливи од оперативни приходи	148.220	74.838
Плаќања од оперативни расходи	(203.600)	(195.818)
Паричен тек од оперативни активности пред промените во оперативните средства и обврски	**3.168.274**	**2.736.711**
(Зголемување)/намалување на оперативните средства	**(4.743.957)**	**(8.603.805)**
Нето (зголемување)/намалување на финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	1.280.813	(1.783.148)
Нето (зголемување)/намалување на кредити и побарувања	(5.718.417)	(6.840.242)
Нето (зголемување)/намалување на останати финаниски средства	(344.383)	14.901
Нето (зголемување)/намалување на останати средства	38.030	4.684
Зголемување/(намалување) на оперативните обврски	**4.584.160**	**7.663.241**
Нето зголемување/(намалување) на обврски мерени по амортизирана вредност	4.304.511	7.576.087
Нето зголемување/(намалување) на останати финансиски обврски	361.548	156.379
Нето зголемување/(намалување) на останати обврски	(5.301)	4.414
Плаќања на обврски за закуп	(76.598)	(73.639)
Паричен тек од оперативни активности	**3.008.477**	**1.796.147**
Платен данок на добивка	(296.647)	(116.417)
Нето паричен тек од оперативни активности	**2.711.830**	**1.679.730**
Паричен тек од инвестициски активности		
Приливи од инвестициски активности	**2.092.918**	**4.574.317**
Приливи од продажба на материјални средства и вложувања во недвижности	868	445
Приливи од депризнавање на должнички инструменти мерени по амортизирана вредност	2.092.050	4.573.872
Готовински плаќања за инвестициски активности	**(1.942.709)**	**(4.956.390)**
Готовински плаќања за стекнување материјални средства и вложувања во недвижности	(61.376)	(125.259)
Готовински плаќања за стекнување на нематеријални средства	(76.976)	(60.897)
Готовински плаќања за стекнување придружени друштва	(18.138)	-
Готовински плаќања за стекнување на должнички инструменти мерени по амортизирана вредност	(1.786.219)	(4.770.234)
Нето готовина од инвестициски активности	**150.209**	**(382.073)**

Извештај за паричниот тек (продолжува)

	2022	2021
Паричен тек од финансиски активности		
Парични средства од финансиски активности	**-**	**924.345**
Приливи од субординирани обврски	-	924.345
Готовински плаќања за финансиски активности	**(1.957.631)**	**(193.739)**
Платени дивиденди	(1.957.631)	(193.739)
Нето паричен тек од финансиски активности	**(1.957.631)**	**730.606**
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти	108.854	81.928
Нето зголемување на паричните средства и паричните еквиваленти	**1.013.262**	**2.110.191**
Парични средства и парични еквиваленти на почетокот на годината	**19.719.899**	**17.609.708**
Парични средства и парични еквиваленти на крајот на годината	**20.733.161**	**19.719.899**

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот одбор на 23.03.2023 година и потпишани во нивно име од:

Игор Давчевски	Петер Зелен	Бранко Грегановиќ
Член на Управен одбор	Член на Управен одбор	Претседател на Управен одбор

Парични средства и парични еквиваленти

За целите на паричните текови, паричните средства, како и паричните еквиваленти се состојат од следните ставки со рочност до 3 месеци од денот на стекнувањето:

	Белешки	2022	2021
Пари и парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	20	18.073.962	15.123.406
Финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	21	1.187.640	1.725.827
Кредити и побарувања на банки со рочност до 3 месеци	24	1.471.559	2.741.683
Депозити во останати финансиски институции со рочност до 3 месеци	25	-	128.983
Вкупно		**20.733.161**	**19.719.899**

Ставката „Пари и парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки“ во табелата погоре е прикажана како бруто-износ, додека соодветната ставка во Извештајот за финансиска состојба вклучува исправки на вредност за парични средства и парични еквиваленти во износ од 5.288 илјади денари (2021: 4.833 илјади денари). Ставката „Депозити во останати финансиски институции со рочност до 3 месеци“ со состојба на 31.12.2022 не вклучува ограничени депозити во финансиски институции.

1. Општи информации

1.1 Вовед

НЛБ Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката) е акционерско друштво регистрирано и со седиште во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: РСМ). Банката е подружница на Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана (во натамошниот текст: НЛБ д.д.), која контролира 86,97 % (2021: 86,97 %) од акциите со право на глас на Банката.

На 31 декември 2022 година најголем акционер во НЛБ д.д. со значајно влијание е Република Словенија, која поседува 25 % плус една акција (31 декември 2021: 25 % плус една акција).

Акциите на Банката котираат на официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје на супсегментот Задолжителна котација – обични акции регистрирани под ИСИН: „MKTNBA101019“.

Банката има вложување во придружено друштво НЛБ ЛИЗ & ГО ДОО Скопје. Банката учествува во основната главнина на Друштвото со паричен влог што одговара на 49 % удел во Друштвото. НЛБ ЛИЗ & ГО ДОО Скопје е регистрирано и е со седиште во Република Северна Македонија и претставува вложување во поврзан субјект. Сметководствениот третман и прикажувањето на вложувањето во придруженото друштво во финансиските извештаи на Банката е според методот на главнина.

Адресата на регистрираното седиште на НЛБ Банка АД Скопје е следната:

ул. Мајка Тереза бр. 1,
Скопје, Општина Центар
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Банката има овластување да ги извршува сите банкарски активности во согласност со Законот за банки. Главните активности вклучуваат одобрување на кредити на клиенти, примање на депозити, размена на девизни средства, платен промет во земјата и странство и банкарски услуги за физички лица. Дополнително, обезбедува средства за финансирање на компании за извозни и увозни цели.

Сите износи во финансиските извештаи и во белешките кон финансиските извештаи се искажани во илјади денари, доколку не е поинаку назначено.

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од Надзорниот одбор на 31 март 2023 година.

1. Општи информации (продолжува)
1.1 Вовед (продолжува)

Директори

Имињата на членовите на Управниот Одбор и директорите на сектори во Банката кои работеа во текот на финансиската година и до датумот на овој извештај се:

Претседател на Управен одбор	Бранко Грегановиќ
Член на Управен одбор	Петер Зелен
Член на Управен одбор (до 18 декември 2022)	Гинтер Фриедл
Член на Управен одбор	Игор Давчевски
Помошник на Управниот одбор (од 1 април 2022)	Гоце Вангеловски
Помошник на Управниот одбор/директор на Деловен сектор за управување со продажна мрежа	Маја Ставрева Стојанова
Помошник на Управниот одбор/директор на Сектор за реструктурирање и управување со проблематични пласмани	Зоран Грнчаровски
Помошник на Управниот одбор/директор на Сектор за развој на понуда и маркетинг	Љупка Ѓоргиевска
Директор на Деловен сектор за финансиски пазари и средства	Љубица Јанчевска Димитровска
Директор на Сектор за финансиско управување	Донка Марковска
Директор на Сектор за работа со готовина и депо (од 1 декември 2022)	Драги Јосивоски
Директор на Сектор за внатрешна ревизија	Анита Бошкова
Директор на Сектор за логистика на продажбата	Слаѓана Белева
Помошник-директор на Сектор за информатичка технологија	Верица Заринска
Директор на Деловен сектор за работа со корпоративни клиенти	Билјана Степанулеска Почевска
Директор на Сектор за ризици, евалуација и контрола	Сања Чурилов
Директор на Сектор за кредитни ризици	Ана Нарашанова
Директор на Сектор за правни работи и секретаријат	Виолета Јанева
Директор на Сектор за логистика на Банката	Игор Кацарски
Директор на Сектор за платни системи (од 1 ноември 2022)	Весна Китанова
Директор на Центар за управување со човечки ресурси	Дејан Маџоски
Директор на Центар за усогласување со прописите и интегритет	Матеја Папеж

1.2 Деловно окружување на Банката

Македонската економија во 2022 година беше под влијание на влошеното глобално опкружување, како резултат на геополитичките тензии што произлегоа од воената инвазија на Русија над Украина и ценовните притисоци на примарните производи. Согласно со ова, прогнозите на Народната банка за инфлацијата беа ревидирани нагоре, во услови на нагорни корекции на проценките за увозните цени. Исто така, Народната банка како и другите централни банки го промени долгогодишниот курс на монетарната политика и го започна циклусот на нејзино ограничување. Каматната стапка на благајничките записи во 2022 година беше неколкукратно зголемена од Народната банка и во декември 2022 година достигна 4,75 % (декември 2021: 1,25 %).

1. Општи информации (продолжува)
1.2 Деловно окружување на Банката (продолжува)

Според објавената стапка на раст на реалниот бруто-домашен производ (БДП), во третиот квартал на 2022 година забави до 2 % на годишна основа (4 % во претходниот квартал) наспроти 4,2 % за 2021 година. Овие резултати се под влијание на негативните ефекти на војната во Украина врз цените и понудата, како и од изразената варијабилност и неизвесност на надворешните економски и финансиски услови. Анализирано по компоненти, растот во целост се должи на позитивниот придонес на домашната побарувачка, во услови на раст и позитивен придонес кон личната потрошувачка и бруто-инвестициите, поврзани со висок раст на увозот и акумулација на снабдување со енергија, додека јавната потрошувачка има мал негативен придонес. Од друга страна, негативниот придонес ја означува нето-извозната компонента, во услови на поголем раст на увозот во однос на растот на извозот.

Гледано од производната страна на БДП, растот во третиот квартал во најголема мера се должи на позитивниот придонес на групните активности „трговија, транспорт и угостителство“, кои беа едни од најпогодените активности од кризата предизвикана од КОВИД-19. Дополнителен позитивен придонес доаѓа од недвижностите, уметноста, земјоделството, како и активностите за финансиско осигурување. Од друга страна, негативен придонес е забележан во индустријата, градежништвото, како и дејноста „јавен менаџмент и одбрана; образование, здравство и социјална заштита“.

Во ноември, индустриското производство бележи пад на годишна основа од 19,0 %, што претставува продлабочување на падот, во услови на пад и негативни придонеси во преработувачката индустрија, рударството и снабдувањето со електрична енергија. Кумулативното индустриско производство во ноември 2022 година е за 0,1 % пониско во однос на истиот период минатата година (ноември 2021: 2,1 %).

Кај промените на потрошувачките цени, во декември 2022 година беше остварена годишна стапка на инфлација од 18,7 %, што претставува забавување во однос на ноември 2022 година (19,5 %), по стабилен раст од повеќе од една година. Годишната стапка на инфлација во периодот јануари - декември 2022 година изнесува 14,2 %. Забавувањето на годишната стапка на инфлација во целост е резултат на побавниот раст на цените на прехранбените компоненти, при стабилизирање на растот на цените на енергетските компоненти и умереniот раст на базната инфлација. Инфлацијата, сепак, продолжува да произлегува од факторите на страната на понудата, односно зголемувањето на увозните цени на храната и енергијата, вклучително и домашната цена на електричната и топлинската енергија, кои се под влијание на настаните на светскиот енергетски пазар. Нивниот долгорочен и посилен раст создава и преносливи ефекти врз цените на другите производи и услуги.

Соодветната монетарна политика и кохерентната макроекономска и фискална политика резултираа со непроменет кредитен рејтинг, „Стандард и Пурс“ го потврди суверениот кредитен рејтинг ББ-/Б на Северна Македонија со стабилен изглед и „Фич“ го потврди стандардниот рејтинг на Северна Македонија на ББ+/Б со негативен изглед. Се нагласува дека потврдениот рејтинг е резултат на имплементацијата на политиките на управување, развојот на човечкиот капитал, како и кредибилните и кохерентни макроекономски и финансиски политики конзистентни со долгоодржуваниот фиксен девизен курс.

Дополнително, девизниот курс денар/евро остана релативно стабилен, без значителни флуктуации, поради континуираното одржување висок износ на девизни резерви.

Анализата на показателите за адекватност на девизните резерви покажува дека тие продолжуваат да се одржуваат во безбедната зона. Износот на бруто-девизните резерви на 31 декември 2022 година изнесува 3.863 милиони евра. Гледано преку факторите на промена, тоа главно произлегува од државните трансакции, во случај на стабилни движења на девизниот пазар.

1. Општи информации (продолжува)
1.2 Деловно окружување на Банката (продолжува)

Стапката на невработеност продолжи да паѓа на историски најниско ниво од 14,3 % во третиот квартал од 2022 година (15,2 % во четвртиот квартал од 2021 година).

На ниво на банкарски сектор, вкупните кредити во декември 2022 година резултираа со годишен раст од 9,4 % (декември 2021: 8,3 %). Од секторски аспект, зголемувањето е резултат на кредитниот раст на компаниите и домаќинствата 11,5 % и 7,3 %, соодветно (декември 2021: 9,0 % и 7,8 % соодветно).

Депозитите од небанкарскиот сектор во декември 2022 година се зголемени за 4,9 % во однос на истиот период лани (декември 2021: 7,8 %), од кои депозитите на домаќинствата се зголемени за 5,8 %, а депозитите на претпријатијата пораснале за 3,7 % (декември 2021: 7,1 % и 11,6 % соодветно).

Квалитетот на кредитното портфолио е подобрен со учество на нефункционалните кредити од 2,8 % во декември 2022 година (декември 2021: 3,2 %). Стапката на нефункционалните кредити во секторот домаќинства се намали на 1,9 % заклучно со декември 2022 година (декември 2021: 2,0 %), додека стапката на нефункционалните кредити на корпоративниот сектор се намали на 3,8 % (декември 2021: 4,5 %). Добивката пред оданочување на банкарскиот сектор заклучно со третиот квартал 2022 година е зголемена за 11,9 % во однос на истиот период од 2021 година.

Македонската економија, како мала и отворена, е исклучително зависна од случувањата во европската економија, како наш најзначаен трговски партнер. Со воениот конфликт меѓу Русија и Украина, развојот на настаните, санкциите и продолженото времетраење на кризата се намали економскиот раст во ЕУ со што се зголеми неизвесноста за состојбата и во домашната економија. И покрај тоа што нашата економија нема директна изложеност кон руската и украинската економија, геополитичките тензии делуваа во насока на значително повисока инфлација, при веќе присутни притисоци врз цените како резултат на нарушените пазари на енергентите и на основните производи. Сето ова, негативно влијаеше на финансиската кондиција на компаниите, перформансите од нивното работење, како и на расположливиот доход на домаќинствата. Сепак, Банката засега нема значајни директни изложености кон поврзани страни или пак, клучни клиенти или добавувачи од земјите вклучени во конфликтот.

2. Преглед на значајните сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составување на финансиските извештаи се наведени во понатамошниот текст. Овие политики конзистентно се применувани низ сите прикажани години, со исклучок на промените во сметководствените политики како резултат на воведување нови стандарди или промена на стандарди.

2.1 Изјава за усогласеност

Финансиските извештаи се подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (во понатамошниот текст: МСФИ) издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (во понатамошниот текст: ОМСС).

Овие финансиски извештаи се состојат од Биланс на успех и Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за финансиската состојба, Извештај за промените во капиталот, Извештај за паричниот тек, значајни сметководствени политики и белешки кон финансиските извештаи.

2.2 Основа за изготвување и презентирање на финансиските извештаи

Банката го презентира Извештајот за финансиска состојба по редослед на ликвидност. Анализата за наплатливоста или порамнувањето во рок од 12 месеци по датумот на известување (тековни) и повеќе од 12 месеци по датумот на известување (нетековни) е презентирана во белешка 3.3.4.

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на принципот на континуитет, според историската вредност, освен за финансиските средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, финансиски обврски по објективна вредност преку Биланс на успех, дериватни средства и обврски, преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања и вложувања во недвижности, кои се признаваат според објективна вредност.

Подготовката на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара користење на определени критични сметководствени проценки. Таа, исто така, бара и расудување на раководството при примената на сметководствените политики на Банката. Иако овие проценки се засноваат на најдобро познавање на раководството за тековните настани и активности, вистинските резултати на крајот можат да се разликуваат од тие проценки. Сметководствените проценки и соодветните претпоставки се разгледуваат на континуирана основа. Ревизиите на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој се ревидира проценката. Областите што вклучуваат повисок степен на расудување или сложеност, или областите каде претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи се прикажани во белешката 2.29.

2.3 Компаративни износи

Освен кога одреден стандард или толкување дозволува или бара поинаку, сите износи се прикажани или обелоденети во компаративни износи. Каде што се применува МСС 8, компаративите се приспособени за да се усогласат со промените на презентацијата во тековната година.

2.4 Странски валути

а) Функционална и известувачка валута

Ставките вклучени во финансиските извештаи се мерени користејќи ја валутата на примарното економско окружување во којашто работи Банката („функционална валута“). Финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари (MKD), што е функционална и известувачка валута на Банката.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.4 Странски валути (продолжува)

б) Трансакции и состојби

Деловните трансакции во странска валута се искажуваат во функционалната валута според важечкиот среден курс на датумот на трансакциите според курсната листа на Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: НБРСМ). Добивките и загубите од курсните разлики кои произлегуваат од порамнување на такви трансакции и од сведувањето на годишните курсеви на монетарните средства и обврски деноминирани во странска валута се признати во Билансот на успех.

Курсните разлики што произлегуваат од промените во амортизираната вредност на монетарните ставки деноминирани во странска валута и класифицирани како финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се признаваат во Билансот на успех.

Курсните разлики на немонетарните ставки, како на пример, акциите класифицирани како финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се вклучени заедно со ревалоризациските резерви во (загубите)/добивките од вреднување пренесени во останата сеопфатна добивка и акумулирани во капиталот.

Добивките и загубите кои се резултат на купувања и продажби на странски валути што биле наменети за тргување се вклучени во Билансот на успех како нето-добивки/загуби од финансиски средства и обврски за тргување.

Странските валути со кои работи Банката, главно се еврото (EUR), доларот на САД (USD) и швајцарскиот франк (CHF). Девизните курсеви кои се користеа на 31 декември 2022 и 2021 година беа следниве:

	2022 MKD	2021 MKD
1 EUR	61,49	61,63
1 USD	57,65	54,37
1 CHF	62,45	59,47

2.5 Приходи и расходи од камата

Приходите и расходите по основ на камата за сите финансиски инструменти мерени по амортизирана набавна вредност и финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се признати во Билансот на успех за сите каматоносни инструменти на пресметковна основа користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Приходите од камата за сите средства за тргување и финансиски средства кои се задолжително мерени по објективна вредност преку Билансот на успех се признати користејќи ја договорната каматна стапка. Методот на ефективна каматна стапка е метод на мерење на амортизираната вредност на финансиските средства и финансиските обврски и за распоредување на приходите и расходите за камата во соодветниот период. Ефективната каматна стапка е стапката која ги дисконтира очекуваните идни парични приливи или одливи во очекуваното времетраење на финансискиот инструмент или, доколку е соодветно, за пократок временски период до бруто-сметководствената вредност на финансиските средства или до амортизираната вредност на финансиските обврски. Приходите од камата вклучуваат купони заработени од инвестиции со фиксен принос и пресметани дисконти и премии на хартии од вредност. Пресметката на ефективната каматна стапка ги вклучува сите надомести и провизии платени или примени помеѓу договорените страни и сите трансакциски трошоци, но ги исклучува идните загуби од кредитен ризик.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.5 Приходи и расходи од камата (продолжува)

Приходите од камати се пресметуваат со примена на ефективната каматна стапка на бруто-сметководствената вредност на финансиските средства, освен кредитно оштетените средства. Кога финансиското средство станува кредитно оштетено и затоа се вклучува во Група 3, приходот од камата се пресметува со примена на ефективната каматна стапка на нето-амортизираната вредност на финансиското средство. Доколку финансиското средство ја подобри категоријата и не е повеќе кредитно оштетено, приходите од камата повторно се пресметуваат на бруто-основа.
Во случај на купени или издадени кредитно оштетени финансиски средства, кредитно приспособена ефективна каматна стапка се применува на амортизираната набавна вредност на финансиското средство од првичното признавање. Кредитно приспособена ефективна каматна стапка е каматната стапка која, при почетното признавање, ги дисконтира очекуваните идни парични текови (вклучувајќи ги и кредитните загуби) до амортизираната набавна вредност на купеното или издаденото кредитно оштетено финансиско средство.

Приходите и расходите од камата го вклучуваат расходот за камата утврден со актуарска пресметка поради промена на сегашната вредност на користите за вработените поради приближување до датумот на плаќање и расходите за камати по обврски за наеми.

2.6 Приходи и расходи од провизии и надомести

Приходите од провизии и надомести се признаваат во износ што го одразува надоместокот на кој Банката очекува да има право во замена за обезбедување на услугите. Обврските за извршување, како и времето на нивното остварување, се идентификувани и утврдени на почетокот на договорот.
Кога Банката обезбедува услуга на своите клиенти, надоместокот се фактурира и главно се задолжува веднаш по задоволувањето на услугата дадена во одреден момент.

Приходите од провизии и надомести се состојат главно од финансиски услуги што ги врши Банката, вклучувајќи и издавање на гаранции, отворање акредитиви, платен промет во земјата и странство, трансакциски сметки на клиенти, провизии од трансакции со трговци, порамнување со картички и АТМ, провизии од доверителски активности, брокерски провизии кои се надоместоци од тргување со хартии од вредност, осигурителни посреднички услуги, како и провизии за други услуги.

Банката генерално е главна страна во своите приходни аранжмани, бидејќи таа обично ги контролира услугите пред да ги пренесе на клиентот.
МСФИ 15 се применува за сите договори со клиентите за да се обезбедат услуги во вообичаениот тек на работењето, освен оние што се посебно исклучени од неговиот опфат, што вклучуваат финансиски инструменти во рамките на опфатот на МСФИ 9. Бидејќи финансиските инструменти се надвор од опфатот на МСФИ 15, поголемиот дел од главните извори на приходи на Банката (на пример, приход од камата на кредити и добивки при продажба на хартии од вредност) не се во рамките на стандардот.
Провизиите и надоместите кои се составен дел од ефективната каматна стапка на финансиските средства и обврски се прикажани во приходи или расходи од камати.

2.7 Приход од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат во Билансот на успех кога ќе биде утврдено правото на Банката да прими плаќање и кога се веројатни економските користи од приливот.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти

а) ***Класификација и мерење***

Финансиските инструменти првично се мерат според објективната вредност плус или минус (во случај на финансиски инструмент кој не се мери според објективната вредност преку Билансот на успех) трансакциските трошоци што се припишуваат директно на стекнувањето или издавањето на финансискиот инструмент. Последователното мерење зависи од класификацијата на инструментот.

Финансиски средства

Сите должнички финансиски средства треба да бидат проценети врз основа на комбинација од деловниот модел на Банката за управување со средствата и карактеристиките на договорниот паричен тек на инструментите. Категориите за мерење на финансиски средства се:

- финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност (АНВ);
- финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка (ОВОСД);
- финансиски средства за тргување (ОВВБУ); и
- финансиски средства кои не се за тргување, но задолжително се мерат по објективна вредност преку Биланс на успех (ОВВБУ).

Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност (АНВ)

Финансиските средства се мерат по АНВ доколку тие се чуваат во деловен модел за наплата на договорните парични текови („чувани за наплата“), и доколку паричните текови се само наплати на главницата и каматата (во понатамошниот текст: „СППИ“) на неотплатената главница.

Кредити и побарувања се финансиски средства кои ги исполнуваат условите на СППИ. Тие се средства со фиксни или определиви плаќања издадени од Банката и оние купени на секундарен пазар, што не котираат на активен пазар.

Кредитите и побарувањата од други комитенти вклучуваат кредити и побарувања од различни клиенти, кои ги исполнуваат условите на СППИ.

Кредитите и побарувања од банки вклучуваат трансакции на пазарот на пари, орочени депозити во банки и кредити дадени на банки и штедилници.
Кредитите и побарувањата првично се признаваат кога Банката станува странка на договорните одредби на инструментот или кога средствата се испорачани. Кредитите и побарувањата првично се мерат по набавна (објективна) вредност плус трансакциските трошоци кои се директно поврзани со издавањето на средството, а последователно се мерат по амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка. Амортизираната набавна вредност се намалува за загубите поради оштетување. Приходите од камата, добивките и загубите од курсни разлики и загубите поради оштетувањето се признаваат во Билансот на успех. Приходите од камата се прикажуваат во ставката „Нето-приходи од камата“, користејќи го методот на ефективна каматна стапка, добивките и загубите од курсни разлики во ставката „Нето-добивка/(загуба) од курсни разлики“, додека загубите поради оштетување се прикажуваат во ставката „Исправки на вредност на финансиски средства“.

Трансакциските трошоци кои се директно поврзани со стекнување или издавање се вклучени во почетното мерење на кредитите и побарувањата.

Банката има должнички хартии од вредност мерени по АНВ кои се чуваат заради наплата на договорните парични текови и ги исполнуваат условите на СППИ (банката очекува парични текови на одредени датуми СППИ). Оваа категорија ги опфаќа вложувањата во државни обврзници и државни записи коишто не се назначени при почетното признавање како средства по објективна вредност преку Билансот на успех или како финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

Овие финансиски средства се признаваат во Извештајот за финансиска состојба на датумот на тргување.

Банката првично ги признава должничките хартии од вредност по нивната набавна вредност, што е еднаква на објективната вредност плус трансакциските трошоци кои директно се припишуваат на стекнувањето на средството. Трансакциската цена се третира како објективна вредност на финансиското средство.

По почетното признавање, должничките хартии од вредност се мерат по амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка.

Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка (ОВОСД)

Должничките финансиски инструменти се мерат по ОВОСД доколку се чуваат во рамките на деловен модел со цел наплата на договорните парични текови и продажба („чувани за наплата и за продажба“), и доколку паричните текови претставуваат СППИ на неотплатената главница. ОВОСД резултира со признавање на должничките инструменти по објективна вредност во Извештајот за финансиската состојба, а по амортизирана набавна вредност во Билансот на успех. Приходите од камати пресметани користејќи ја ефективната каматна стапка, добивките и загубите од курсни разлики и загубите поради оштетување се признаваат соодветно во Билансот на успех. Останатите нето-добивки и загуби се признаваат во останата сеопфатна добивка, сè додека инструментот не се депризнае. При депризнавање на должнички финансиски инструмент, кумулативните добивки и загуби претходно признаени во останата сеопфатна добивка се рекласифицираат во Билансот на успех.

За да се утврди објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активен пазар се користи тековната куповна цена. Добивките и загубите што произлегуваат од промените на објективната вредност се еднакви на разликата помеѓу амортизираната набавна вредност и тековната објективна вредност на средството.

Банката го депризнава финансиското средство кога истекуваат договорните права за добивање на паричните текови од финансиското средство или кога Банката ги пренела правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг.

Сопственичките инструменти кои не се чувани за тргување може да бидат неотповикливо определени како ОВОСД, без последователна рекласификација на добивките или загубите во Билансот на успех, освен за дивидендите кои се признаваат во Билансот на успех. Овие средства последователно се мерат по фер вредност. Останатите нето-добивки и загуби се признаваат во останатата сеопфатна добивка и никогаш не се прекласифицираат во Билансот на успех.

Финансиски обврски

Финансиски обврски се обврски кои се:

- договорна обврска за пренос на готовина или друго финансиско средство или за размена на финансиски инструменти со друга страна, или
- договор што може или ќе биде подмирен со капитални инструменти на Банката и е недериват за кој Банката е, или може да биде обврзана да достави варијабилен број сопственички инструменти или дериват што ќе биде, или може да биде, подмирен на кој било друг начин освен со размена на фиксен износ на готовина или друго финансиско средство за одреден број сопственички инструменти на Банката.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

Банката ги класифицира своите финансиски обврски при првичното признавање во една од следните категории:

- финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност, или
- финансиски обврски кои се мерат по објективната вредност преку Билансот на успех.

Банката ги мери своите финансиски обврски по амортизирана набавна вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Трошокот за камата, добивките и загубите од курсните разлики и добивките или загубите од депризнавањето се признаваат во Билансот на успех.

За финансиските обврски кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех, промените во објективната вредност на финансиските обврски се признаваат во Билансот на успех.

Утврдување на деловните модели на НЛБ Банка

Банката ги утврди своите деловни модели кои се засновани на видливи фактори за различни портфолија коишто најдобро го одразуваат начинот на кој Банката управува со групи финансиски средства и обврски за да ја постигне својата деловна цел, како што се:

- како перформансите на деловниот модел и финансиските средства што се чуваат во рамките на тој деловен модел се вреднуваат и за нив се известува клучниот менаџерски персонал;
- како се следат перформансите;
- ризиците што влијаат на перформансите на деловниот модел и, особено, начинот на кој се управуваат тие ризици;
- како се наградува менаџментот (на пример, дали надоместот се заснова на објективната вредност на средствата или врз основа на наплатата на договорните парични текови);
- очекуваната фреквенција, вредност и време на продажбите;
- кои се мотивите и намерата да се одобрат финансиските средства/обврски и кои цели на бизнисот треба да се постигнат;
- кои се приходите/расходите што произлегуваат од финансиските средства/обврски;
- кои се идните очекувања на Банката за управување со финансиските средства/обврски, итн.

Врз основа на анализата на проценката на деловните модели на Банката, Банката ги усвои следните деловни модели:

- деловен модел за финансиски средства со цел наплата на договорните парични текови при одобрување на кредитна изложеност кон банки и други клиенти;
- деловен модел за финансиски средства со цел наплата на договорните парични текови и деловен модел за финансиски средства со цел наплата на договорните парични текови и/или за продажба, за финансиски средства должнички хартии од вредност: благајнички записи, државни записи и државни обврзници;
- деловен модел за сопственички финансиски средства, кои се мерат по објективна вредност при што промените во објективната вредност ќе се евидентираат во ревалоризациски резерви во рамки на останата сеопфатна добивка;
- деловен модел за сопственички финансиски средства, кои се мерат по објективна вредност при што промените во објективната вредност ќе се евидентираат во ревалоризациски резерви во рамки на останата сеопфатна добивка, за сопственички инструменти за кои нема активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон или е поврзано со можноста за користење на услугите коишто ги вршат овие институции;
- деловен модел за финансиски обврски со цел плаќање на договорените парични текови за финансиски обврски во кои влегуваат: депозити на банки и други клиенти, издадени должнички хартии од вредност, обврски по кредити и субординирани обврски;

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

- деловен модел за финансиски обврски чувани за тргување во кои влегуваат финансиски обврски чувани за тргување и деривати за тргување и дериватни обврски чувани за управување со ризик во кои влегуваат деривати за заштита од ризик, вградени деривати и други деривати чувани за управување со ризик; и
- деловен модел за финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Билансот на успех кој ги вклучува обврските кон вработените врз основа на исплата на променлив дел од платата на идентификуваните вработени во форма на доделени инструменти чија вредност е поврзана со цената на акцијата на НЛБ д.д.

Во однос на должничките хартии од вредност во рамките на деловниот модел „чувани за наплата“, продажбата поврзана со зголемувањето на кредитниот ризик на издавачите, ризикот од концентрација, продажбата направена блиску до крајната рочност или продажбата со цел задоволување на потребите за ликвидност во сценарио за стресен случај се дозволени. Останатите продажби, кои не се должат на зголемување на кредитниот ризик, сè уште може да бидат конзистентни со деловниот модел „чувани за наплата“, доколку таквите продажби се инцидентни во однос на целокупниот деловен модел, и:

- се незначителни по вредност и поединечно и збирно, дури и кога таквите продажби се чести;
- се ретки дури и кога се значајни по вредност.

Преглед на договорните карактеристики на парични текови на инструментите (СППИ-тест)

Вториот чекор во класификацијата на финансиските средства во портфолијата кои се „чувани за наплата“ и „чувани за наплата и за продажба“ се однесува на проценката дали договорните парични текови се во согласност со СППИ-тестот. Износот на главницата ја рефлектира објективната вредност при почетното признавање намалена за последователните промени, на пр. поради отплата. Каматата мора да претставува само надомест за временската вредност на парите, кредитниот ризик, други основни ризици за кредитирање и профитната маржа во согласност со основните карактеристики на кредитирањето. Доколку паричните текови вклучуваат повеќе од de minimis изложеност на ризик или нестабилност што не е во согласност со основните карактеристики на кредитите, финансиското средство задолжително се признава по ОВБУ.

Банката го анализира портфолиото „чувани за наплата“ и „чувани за наплата и продажба“, за стандардизирани продукти на ниво на примерок на производот и за нестандардизирани продукти на ниво на индивидуална изложеност. Банката воспостави процедура за идентификација на СППИ како дел од редовниот процес на инвестирање со дефинирани одговорности за примарни и секундарни контроли. Посебен акцент е ставен на нови и нестандардни карактеристики на договорите за кредит.

Банката нема идентификувано изложености кои не го поминуваат СППИ-тестот и кои треба да се мерат задолжително по објективна вредност преку Билансот на успех.

Сметководствена политика за модифицирани финансиски средства

Кога договорните парични текови на финансиските средства се изменети, Банката проценува дали условите се изменети до степен кога средството суштински станува ново финансиско средство. Следниве фактори, покрај другите, се земаат предвид кога се прави таква проценка:

- причина за модификација на паричните текови (комерцијални или финансиски тешкотии на клиентот);
- промена на валута на кредитот;
- воведување на сопственички елементи;
- промена на првично договорениот должник со нов должник кој не е поврзано лице со првичниот должник; и
- не е поминат СППИ-тестот.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

Сметководствената политика за модифицирани финансиски средства се разликува за промените на договорните парични текови кои се појавуваат од комерцијални причини и оние кои се појавуваат поради финансиски тешкотии на клиентот. Модификациите на финансиските средства од комерцијални причини претставуваат депризнавање. Во врска со клиенти со финансиски потешкотии, значајните модификации доведуваат до депризнавање, додека модификациите кои не се значајни (каде што изложеноста на ризици останува скоро иста) не доведува до депризнавање. За вторите Банката признава модификациона загуба.

Доколку измените резултираат во депризнавање на финансиското средство, новото финансиско средство почетно се признава по објективна вредност, со разликата признаена како добивка или загуба од депризнавање во ставката „Исправки на вредност на финансиски средства“, до степен до кој загубата поради оштетување не е сè уште евидентирана. Доколку измените не резултираат во парични текови кои се суштински различни, промените не резултираат во депризнавање. Во такви случаи, Банката повторно ја пресметува бруто-сметководствената вредност на модифицираното финансиско средство и признава модификациона загуба во ставката „Добивка/(загуба) од модификација“. Бруто-сметководствената вредност повторно се пресметува како сегашна вредност на повторно преговарани или изменети договорни парични текови кои се дисконтирани со првичната ефективна каматна стапка на финансиското средство (или кредитно приспособена ефективна каматна стапка за купени или издадени кредитно оштетени финансиски средства).

2.8.1 Рекласификација

Рекласификацијата на должничките финансиски средства од една категорија во друга е можна само доколку има промена на деловниот модел на Банката за управување со овие средства. Рекласификациите се прават во ретки случаи кога промената на деловниот модел има значително влијание врз работењето на Банката, кога промената се должи на промена на надворешни или внатрешни фактори кои значително влијаат врз активностите на Банката и друго. Одлуката за промена на деловниот модел ја носи раководството на Банката. Доколку постои промена на деловниот модел, Банката мора да ги прекласифицира сите финансиски средства од една во друга категорија. Во такви случаи, прекласифицираните средства продолжуваат да се мерат според начелата на новата категорија перспективно, односно, не се прават корекции на сите претходно признаени добивки или загуби. Рекласификацијата се врши од почетокот на периодот на известување по промената.
Финансиските обврски не се прекласифицираат. Прекласификација на вложувањата во сопствени инструменти од една категорија во друга не е дозволено.

2.8.2 Принципи за мерење

Банката користи два начини за мерење на вредноста на средствата и обврските:
- принцип на мерење според амортизирана набавна вредност, и
- принцип на мерење по објективна вредност.

2.8.2.1 Принцип на мерење по амортизирана набавна вредност

Амортизирана набавна вредност на финансиско средство или финансиска обврска е износот по кој се мери средството или обврската, земајќи ги предвид:
- износот при првичното признавање;
- намален за отплата на главница;
- намален или зголемен за износот на акумулираната амортизација со користење на методот на ефективна каматна стапка, за секоја разлика помеѓу износот при почетното признавање и износот при достасувањето; и
- намален за исправката на вредност (само за финансиските средства).

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

Ефективна каматна стапка

Ефективната каматна стапка е стапката која ги дисконтира очекуваните идни парични приливи или одливи во очекуваното времетраење на финансискиот инструмент или, доколку е соодветно, за пократок временски период до бруто-сметководствената вредност на финансиските средства или до амортизираната вредност на финансиските обврски. Мерењето со користење на методот на ефективна каматна стапка овозможува амортизација на набавната вредност на финансискиот инструмент и на приход/расход од камата во периодот на очекуваното достасување на инструментот.

При пресметувањето на ефективната каматна стапка, треба да се земат предвид:
- сите очекувани идни парични текови;
- сите платени и/или наплатени провизии и надомести кои претставуваат составен дел на ефективната каматна стапка на финансиското средство или обврска (надоместоци за проценка на финансиската состојба, посредување при преговарање за условите на финансискиот инструмент, надоместоците за поднесување барање и обработка на барањето за одобрување на кредити, надоместоци за повлекување на средствата по финансискиот инструмент, редовна месечна провизија за управување со кредитот до конечното достасување на кредитот која се наплаќа во истиот момент со задолжувањето и плаќањето на редовната договорна камата, итн.);
- трансакциски трошоци директно поврзани со трансакцијата (провизии и надомести платени на агенти за продажба, советници, брокери, дилери, надоместоци на регулаторните тела, платени даноци и царини итн.); и
- премии и/или попусти дадени за финансиски инструмент.

При пресметувањето на ефективната каматна стапка, не треба да се земат предвид:
- загубите поради оштетување.

Провизиите и надоместите кои се составен дел од ефективната каматна стапка, трансакциските трошоци директно поврзани со трансакцијата и премиите и/или попустите се директно поврзани со одобрувањето на финансискиот инструмент и затоа претставуваат корекција на каматната стапка на финансиското средство или обврска, и соодветно се разграничуваат и се признаваат во Билансот на успех како приход од камата, односно расход за камата во периодот на достасувањето на финансискиот инструмент.

2.8.2.2 Принцип на мерење по објективна вредност

Мерењето по објективна вредност претпоставува дека средството или обврската се разменуваат помеѓу учесниците на пазарот, во редовна трансакција, според моменталните пазарни услови на датумот на мерење.
Објективната вредност се определува на различни начини, во зависност од тоа дали со средството или обврската се тргува на активен пазар или не се тргува.

Активен пазар: Објавена цена

Активен пазар е пазарот каде трансакциите со средствата или обврските се вршат со доволна фреквенција и обем, со цел да се обезбедат информации за цените за средствата или обврските. Релевантната котирана пазарна цена за средствата или обврските е онаа во рамките на опсегот помеѓу набавната и продажната цена, што најдобро ја претставува објективната вредност во дадените услови. Вообичаено се употребува тековната куповна цена за средството коешто се чува или за обврската којашто треба да се издаде, односно продажна/понудена цена за средството коешто ќе биде стекнато или за обврската којашто се чува, просечната пазарна цена или друга цена согласно со вообичаената, прифатена пазарна практика.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

Непостоење на активен пазар: Техники на вреднување

Доколку не постои активен пазар за финансиското средство или обврска, Банката користи техники за вреднување за кои располага со најмногу достапни податоци, со цел да ја утврди објективната вредност на средството или обврската, давајќи предност на податоците што може да се потврдат на пазарот.
Вообичаените техники за вреднување во Банката се: пазарен пристап (се користат котирани цени или други релевантни информации од пазарните трансакции со истите или слични средства или обврски) и приходен пристап (дисконтирана вредност на тековните пазарни очекувања за идните износи (парични приливи или приходи и расходи)) од средството или обврската.
При примена на техники за вреднување, Банката:

- користи информации за постигнатите цени на неодамнешни (од последните 6 месеци), нормални, комерцијални трансакции за ист финансиски инструмент помеѓу познати, доброволни страни (доколку се достапни);
- ако нема информации за цените постигнати од неодамнешните трансакции за истиот финансиски инструмент, тогаш, за утврдување на објективната вредност, треба да се примени сегашната пазарна цена на друг инструмент, кој во суштина е ист (во смисла дека е во иста валута и со иста или слична рочност);
- ако информациите за објективната вредност на финансискиот инструмент не можат да се добијат од пазарите, тогаш при утврдувањето на објективната вредност на финансискиот инструмент се користат податоци кои не можат да бидат потврдени на пазарот.

Техниките за вреднување треба да ги опфатат сите фактори кои учесниците на пазарот ги земаат предвид при одредувањето на цената и треба да бидат во согласност со усвоените економски методологии за утврдување на цената на финансиските инструменти.
Банката може да ги промени или да направи промени во техниката на вреднување на финансискиот инструмент, доколку таквата промена се должи на развојот на нови пазари, достапноста на нови информации, промени во условите на пазарот или подобрување на техниките на вреднување, и доколку тоа дава посоодветна објективна вредност на финансискиот инструмент. Корекции поради промена на техниките на вреднување претставуваат промени во сметководствените проценки во согласност со МСС 8.

Анализата на дисконтираните парични текови е важна и често применувана техника за утврдување на објективната вредност на средствата и обврските. Еден од најважните фактори во примената на оваа техника е одредување на соодветната дисконтна стапка.
Дисконтната стапка треба да ги вклучува неизвесностите и ризиците од мерењето на паричните текови кои се поврзани со одредено средство или обврска, како и варијабилноста на тие ризици и неизвесности.

Соодветната дисконтна стапка може да се определи како:

- стапка заснована на тековниот пазарен принос на инструментот или инструмент со слични карактеристики;
- повикување на стапка ослободена од ризик, коригирана за соодветниот ризик на средствата. При утврдување на дисконтната стапка и двата фактори треба да се земат предвид поединечно. Каматната стапка што е ослободена од ризик се базира на државни обврзници со споредливи карактеристики (валута и рочност) на средствата или обврските за кои ќе се применува дисконтната стапка. Премијата за ризик на средството е еднаква на износот што учесниците на пазарот би ја побарале како надомест за неизвесноста на идните парични текови на средството.

Непостоење на активен пазар: Сопственички инструменти

Банката ја мери/утврдува објективната вредност на сопственичките инструменти кои немаат тргувана цена на активен пазар и деривати што се поврзани со нив и кои мора да бидат подмирени со испорака на вакви некотирани сопственички инструменти. Банката ќе ја определи

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

објективната вредност со примена на метод кој најдобро ја одразува објективната вредност на сопственичкиот инструмент. Во ретки случаи, ако Банката има вложувања во сопственички инструменти на одредени специфични институции, ако не постои активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон и/или е поврзано со можноста за користење на услугите од овие институции, може да се смета дека нивната набавна вредност ја одразува нивната објективна вредност. Банката ги класифицира овие вложувања како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

б) Признавање

Банката првично ги признава кредитите и побарувањата на датумот кога се издадени. Редовните купувања и продажби на должничките хартии од вредност мерени по амортизирана набавна вредност, по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка и чувани за тргување се признаваат на датумот на тргување - датумот на кој Банката се обврзува да го купи или продаде средството.
Банката првично ги признава финансиските обврски на датумот кога настанале.

в) Депризнавање

Финансиското средство се депризнава кога истекуваат договорните права на паричните текови од финансиското средство или кога финансиското средство се пренесува и преносот се квалификува за депризнавање. Финансиската обврска се депризнава само кога е изгасната, односно кога обврската наведена во договорот е завршена, откажана или истечена.

г) Отпис на побарувања

Банката врши отпис на побарувања во следниве случаи:

- Банката нема право на идни парични текови, односно се истечени правата за наплата на кредитната изложеност, независно од основата поради која се изгубени или се истечени правата, што вклучува: правосилна судска одлука за неоснованост на побарувањето на Банката, правосилно судско решение за заклучена стечајна постапка, правосилно судско решение за одобрен план за реорганизација на должник во стечај;
- кога Банката нема разумни очекувања за наплата на кредитната изложеност, во целост или делумно;
- мали износи на поединечно незначајни побарувања (праг од 3.000 денари за физички лица и 6.000 денари за правни лица) дефинирани со интерни одлуки на Банката;
- Банката донела одлука за прекин на долгот согласно со закон со кој се откажува од понатамошна наплата на побарувањето;
- доколку е помината една година од датумот кога Банката била должна да врши исправка на вредноста или посебна резерва во износ од 100 %.

Банката може да врши делумен или целосен отпис на побарувањата при што отпишаното побарување се пренесува на посебна вонбилансна сметка (со исклучок на мали износи на поединечно незначајни побарувања) и за него Банката води посебна евиденција во период од најмалку десет години.

Банката може да врши отпис на финансиски средства кои сè уште се подложни на активности за присилна наплата, но тоа не влијае на правата во постапките за присилна наплата. Банката и понатаму бара да ѝ бидат платени сите износи на кои легално има целосно право. Отписот ја намалува бруто-сметководствената вредност на финансиското средство и исправката на вредност. Сите последователни наплати се евидентирани како намалување (приход) на кредитни загуби. Отписите и наплатите се прикажани во белешка 27 а).

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.8 Финансиски инструменти (продолжува)

д) Дериватни финансиски инструменти

Дериватните финансиски инструменти - вклучително форварди и свопови - почетно се признаваат во Извештајот за финансиска состојба по објективна вредност. Дериватните финансиски инструменти и последователно се мерат по објективна вредност. Објективните вредности се обезбедуваат од котираните пазарни цени, модели за дисконтирање на парични текови или ценовни модели, како што е соодветно. Сите деривати се водат по нивната објективна вредност во рамки на активата, кога дериватната позиција е поволна за Банката, а во рамки на обврските кога дериватната позиција е неповолна за Банката (белешки 34 и 43).
Добивките или загубите што произлегуваат од промените на објективната вредност на дериватите се прикажуваат директно во Билансот на успех (белешка 7).

2.9 Исправка на финансиските средства

а) Очекувани кредитни загуби за групна исправка

IFRS 9 го применува моделот на очекувани кредитни загуби што обезбедува непристрасна проценка базирана на веројатност за настанување на кредитни загуби преку евалуација на можни резултати кои ги вклучуваат предвидените информации вклучително и идните економски услови. Моделот на очекувани кредитни загуби бара Банката да ги признае не само кредитните загуби што веќе настанале, туку и загубите што се очекува да настанат во иднина. Исправка на вредноста на очекуваните кредитни загуби е потребна за сите кредити и останатите должнички финансиски инструменти што не се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех (ОВБУ) заедно со потенцијалните обврски и договорите за финансиски гаранции.

Исправката на вредноста е базирана на очекувани кредитни загуби врз основа на веројатноста за неплаќање во следните 12 месеци, освен доколку има значаен пораст на кредитниот ризик од првичното признавање, кога исправката на вредноста е базирана на веројатноста за неплаќање за време на животниот век на финансиското средство (очекувани кредитни загуби за време на целиот животен век на средството). Кога се одлучува дали е зголемен кредитниот ризик од првичното признавање, Банката ги зема предвид сите расположливи информации, достапни без дополнителни трошоци и напор. Ова ги вклучува квантитативните и квалитативните информации и анализи, базирани на историските податоци, искуството, експертска проценка, вклучувајќи ги и предвидувањата.

Класификација по групи

Банката употребува методологија за очекуваните кредитни загуби каде ги дефинира критериумите за групи, критериумите за премин помеѓу групи, моделите за пресметка на ризичните индикатори, предвидливи сценарија и валидацијата на моделите. Банката ги класифицира финансиските инструменти во Група 1, Група 2 и Група 3, врз основа на применета методологија за очекувани кредитни загуби, како што е опишано подолу:

- Група 1 – редовно портфолио: нема значајно зголемување на кредитниот ризик од првичното признавање, Банката врши исправка на вредноста за 12-месечен период. Доколку на датумот на известување, кредитниот ризик на средствата и потенцијалните обврски не се значително зголемени од првичното признавање, Банката признава загуби поради оштетување во износ од 12-месечни очекувани кредитни загуби (Група 1);
- Група 2 – нефункционално портфолио: значајно зголемување на кредитниот ризик од првичното признавање, Банката врши исправка на вредноста за целиот животен век на средството;
- Група 3 – нефункционално, оштетено портфолио: Банката ги признава оштетувањата за целиот животен век на нефункционалните финансиски средства.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.9 Исправка на финансиските средства (продолжува)

Нефункционалните клиенти се оценуваат со Г, ГФ или Д врз основа на системот за внатрешна оценка на Банката и опфаќаат клиенти со материјални задоцнувања над 90 дена, како и клиенти за кои е оценето дека е малку веројатно дека ќе платат.

Класификацијата по групи зависи од:
- кредитната оценка при првичното признавање,
- тековната кредитна оценка на побарувањето/клиентот (на датумот на известување),
- ако инструментот е вклучен во листата за набљудување 2 или листата за интензивна нега,
- реструктуриран статус на финансискиот инструмент, и
- значајни доцнења > 30 дена.

Методологијата за бонитетна класификација за банки и држави зависи од постоењето или непостоењето на рејтинг од меѓународни агенции за кредитен рејтинг како „Fitch“, „Moody's“, или „S&P“. Рејтинзите се одредени врз основа на просек од меѓународни кредитни рејтинзи. Ако не постои меѓународен кредитен рејтинг, класификацијата се базира на интерна методологија. Класификацијата по групи се заснова на ниво на побарување, но сепак одложувањата на едно побарување може да предизвикаат влошување на групата на другите побарувања на истиот клиент. Кога критериумите на значајно зголемување на кредитниот ризик повеќе не постојат, побарувањето може да се пренесе во поповолна група, во зависност од пропишаниот период на одржување.

Очекуваните кредитни загуби (ECL) за финансиските средства класифицирани во Група 1 се пресметани врз основа на 12-месечната веројатност за ненаплата или веројатност за ненаплата за краток период, доколку преостанатата рочност на финансиското средство е пократка од една година. Веројатноста за ненаплата се пресметува за три различни макроекономски сценарија, секое со пондер за веројатност (w), затоа во овој чекор се пресметуваат и три очекувани кредитни загуби (ECL), кои на крајот се пондерираат со веројатностите на сценариото за да се добие конечната очекувана кредитна загуба (ECL). Секој сет од 12-месечни веројатности за ненаплата вклучува компонента за макроекономско влијание/предвидување.

Очекуваните кредитни загуби (ECL) за целиот животен век на финансиското средство за класифицираните финансиски средства во Група 2 се пресметани врз основа на веројатноста за ненаплата на целиот животен век, бидејќи значајно е зголемен кредитниот ризик од првичното признавање. Постојат три сценарија со три различни макро ефекти, тешко (песимистичко), основно (очекувано) и благо (оптимистичко), како и за изложеноста во Група 1. Времето (t) е исто како и рочноста за Група 2.

За финансиските инструменти во Група 3 е применет истиот третман како за оние средства кои се сметаат како оштетени. Изложеностите под прагот на материјалност добиваат групна исправка на вредност употребувајќи веројатност за неплаќање 100 %. Финансиските средства ќе бидат трансферирани надвор од Група 3 ако тие не ги исполнуваат критериумите за кредитно оштетени по пробниот период. Посебен третман имаат финансиските средства кои се купени или кои се првично кредитно оштетени, каде само кумулативните промени во кредитните загуби за целиот животен век од почетното признавање се признаени како загуби поради оштетување.
Воведени се три сценарија со три различни макро ефекти, имено тешко (песимистичко), основно (очекувано) и благо (оптимистичко). Се пресметуваат три очекувани кредитни загуби (ECL), кои на крајот се пондерираат со веројатности за сценарио за да се добие конечната очекувана кредитна загуба (ECL). Пондерите на сите три економски сценарија се користат во последниот чекор во процесот на пресметка на очекуваната кредитна загуба (ECL), и очекуваната кредитна загуба (ECL) се добива како пондериран просек од ECL1, ECL2 и ECL3 (за тешкото сценарио се користи 30 % пондер, за благо сценарио се користи 10 % пондер и за основно сценарио се користи 60 % пондер).

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.9 Исправка на финансиските средства (продолжува)

Пресметката на групните исправки на вредност се прави со множење на нефункционалната изложеност на крајот на секој месец со соодветната веројатност за ненаплата (PD) и загубата поради неисполнување на обврската (LGD). Добиениот резултат за секој месец е дисконтиран до сегашната вредност користејќи ја оригиналната ефективна каматна стапка на побарувањето. За изложеностите во Група 1, очекуваните кредитни загуби (ECL) се земаат предвид само за 12-месечен период, додека за Група 2 или 3 се земаат предвид вкупните потенцијални загуби до доспевањето на финансиското средство.

Пондерите на сите три економски сценарија се користат во последниот чекор во процесот на пресметка на очекуваната кредитна загуба (ECL), а очекуваната кредитна загуба (ECL) се добива како пондериран просек на ECL1, ECL2 и ECL3:
$ECL = ECL_1 * w_1 + ECL_2 * w_2 + ECL_3 * w_3$
каде што 1 е за тешко сценарио, 2 е за основно и 3 е за благо соодветно.

Нефункционалната изложеност (EAD) претставува очекувана неподмирена сума што ја должи должникот, што се одредува како збир на билансната изложеност и очекуваните идни повлекувања од вонбилансната изложеност. Повлекувањата се проценуваат со примена на ФКК (фактор на конверзија на кредит) заснован врз историското искуство на Банката со слични типови на побарувања.

Веројатност за ненаплата (PD) е проценка на веројатноста за неисполнување на обврските во даден временски период. Проценката се изведува одделно за секоја единствена група производи или сегменти на клиенти. Во текот на циклусот, веројатноста за ненаплата (PD) е дополнета од аспект на идно предвидување со користење на повеќе можни сценарија.

Параметарот загуба поради неисполнување на обврската (LGD) ја рефлектира очекуваната загуба што ќе се претрпи во случај на неисполнување на обврските. Вредноста на загубата поради неисполнување на обврската се проценува врз основа на историските податоци на Банката за наплата преку различни видови обезбедување, како и други видови наплата, како што се редовни / делумни наплати, наплати од правни постапки, продажба на побарувања и други. Во текот на циклусот, неисполнувањето на обврската (LGD) е дополнето од аспект на идно предвидување, за да ги одрази очекуваните промени во макроекономските параметри.

Очекуван век

Кога се пресметуваат очекуваните кредитни загуби, Банката мора да го земе предвид максималниот договорен период на кој е изложена на кредитен ризик. За револвинг изложеностите кои немаат фиксна рочност, очекуваната рочност е проценета врз основа на периодот на кој Банката е изложена на кредитен ризик и каде што кредитните загуби не би можеле да бидат ублажени со преземени активности од менаџментот.

Информации за предвидувања (Forward looking information)

Банката ги вклучува информациите за предвидувањата и во разгледувањето на значајно зголемување на кредитниот ризик и во пресметката на очекуваните кредитни загуби. Банката ги вклучува информациите за предвидувањата како што се макроекономските фактори (пр. БДП, стапката на невработеност и стапката на инфлација) и економските прогнози. Репресметката на сите параметри се прави еднаш годишно или почесто доколку макроекономската околина има значајна промена што не е инкорпорирана во претходните предвидувања. Во секој случај сите параметри се репресметани согласно со новите предвидувања.

Ефектот од промената на параметрите за ризик на износот на очекуваните кредитни загуби е обелоденет во белешка 27.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.9 Исправка на финансиските средства (продолжува)

Реструктурирани кредити

Реструктуриран кредит (или реструктурирано финансиско средство) настанува како резултат на неможноста на должникот да ги намирува обврските согласно со првично договорените услови при што се прави промена на првично договорените услови со анекс или со потпишување на нов договор со кој договорните страни се согласуваат на делумна или целосна отплата на првичниот долг. Ако клиентот има реструктурирано побарување, мора да биде класификуван во рејтинг В или понизок.

Сметководствениот третман на реструктурираните кредити зависи од типот на реструктурирање. Кога Банката склучува договор за реструктуриран кредит преку промена на услови за отплата кои се однесуваат на продолжување на рокот за отплата на главницата или каматата и/или реструктурирање преку намалување на каматната стапка или други трошоци, ја приспособува сметководствената вредност на реструктурираниот кредит врз основа на дисконтираната вредност на идните, проценети парични текови под променети услови, а ефектот се признава во Билансот на успех. Во случај на намалување на побарувањата на должникот преку намалување на износот на побарувањата преку договорно отпишување на долг или преку конверзија на побарувањата во капиталот на должникот, Банката ги депризнава побарувањата во делот што се однесува на отписот или договорениот долг.

Новата проценка на идните парични текови за преостанатите побарувања, сè уште неотпишани, е базирана на нова проценка на веројатноста за загуба. Банката ја зема предвид модификуваната позиција на должникот, економските очекувања и обезбедувањето за реструктурираниот кредит. Кога Банката прави реструктурирање преку преземање во посед на други средства (имот, земјиште и опрема, хартии од вредност и други финансиски средства), вклучувајќи и инвестиции во капиталот на должникот добиени преку свопови, таа ги признава стекнатите средства во финансиските извештаи по објективна вредност, признавајќи разлика помеѓу објективната вредност на средството и сметководствената вредност на затвореното побарување во Билансот на успех.

Реструктурираните побарувања може да бидат дел и од редовниот и од нефункционалниот дел на портфолиото. Кога реструктурираниот кредит е класифициран како нефункционално побарување, може да биде рекласификуван како редовен доколку повеќе не се смета за оштетен или нефункционален, доколку утврдените износи се отплатени, ако е помината една година од дефинираните настани (воведување на реструктурирање, класификација во нефункционални, отплата на последниот заостанат износ, крај на грејс-периодот) и ако по реструктурирањето немало доспеани обврски или сомневање за отплатата на целата изложеност, под условите на реструктурирањето. Отсуството на сомневање се потврдува со анализа на финансиската положба на должникот.

Реструктурираниот статус се повлекува кога:

- најмалку две години пробен период е поминат од:
  - моментот на спроведување или продолжување на мерките за реструктурирање или
  - кога реструктурираното побарување се смета за редовно (пренос во редовна изложеност);
- има регуларни отплати на главен долг и камата, во значителен износ (најмалку 1/7 од долгот е отплатен), најмалку во половината од пробниот период;
- нема изложеност на должникот во пробниот период со задоцнувања над 30 дена поголеми од 6.150 денари или 100 евра (доколку доцнењето е повеќе од 30 дена и повеќе од 6.150 денари или 100 евра, изложеноста повторно станува нефункционална); и
- се исполнуваат конкретни финансиски показатели според интерните критериуми и процедури.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.9 Исправка на финансиските средства (продолжува)

б) Индивидуална проценка на исправки за оштетени финансиски средства

Средства мерени по амортизирана вредност

Банката ги проценува исправките на финансиските средства одделно за сите индивидуално значајни средства класифицирани во Група 3. Сите други финансиски средства добиваат групна исправка. Прагот на материјалност е поставен на изложеност од 3.075 илјади денари или 50 илјади евра за правни лица и 3.075 илјади денари или 50 илјади евра за физички лица.

Износот на очекуваната кредитна загуба се мери како разлика помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови, кои се дисконтираат до датумот на проценка. Сценариото на очекувани парични текови може да се заснова на претпоставката „постојана претпазливост“, каде се зема предвид паричниот тек од работењето заедно со продажбата на обезбедувањето кое не е клучно за идниот бизнис. Во случај на принципот „постојана претпазливост“, отплатата се заснова на очекувани парични текови од продажбата на обезбедувањето. Очекуваната наплата од обезбедувањето се пресметува од проценетата пазарна вредност на обезбедувањето и haircut-от кој е дефиниран во Политиката за обезбедувања. Вонбилансните обврски исто така се проценуваат поединечно, и каде што е потребно, овие исправки се признаваат како обврски.
Сметководствената вредност на финансиските средства мерени по амортизирана вредност се намалува преку сметката за исправки и загубата се признава во Билансот на успех во ставката „Исправки на вредност на финансиски средства“. Ако износот на исправките за очекувани кредитни загуби последователно се намалува како резултат на настан што настанува по признавање на оштетување (на пр. отплатата во процесот на наплата ја надминува проценетата очекувана наплата од обезбедувањето), намалувањето на загубата се признава како ослободување на исправка на вредност и приходот се признава во истата ставка на Билансот на успех. За вонбилансна изложеност, износот на очекувани кредитни загуби се признава во Извештајот за финансиска состојба во ставката „Резервирања“ и во Билансот на успех во ставката „Резервирања“.

Очекуваните кредитни загуби за должнички инструменти мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка не ја намалуваат сметководствената вредност на овие финансиски средства во Извештајот за финансиска состојба, при што средствата остануваат по објективна вредност. Наместо тоа, износот еднаков на исправката што би се појавила доколку средствата се мерат по амортизирана вредност се признава во останата сеопфатна добивка како акумулирана исправка на вредност, со соодветно задолжување во Билансот на успех. Акумулираната загуба признаена во останата сеопфатна добивка повторно се враќа во Билансот на успех при депризнавање на средствата или кога износот на исправка за очекувани кредитни загуби се намалува како резултат на настан што се случил по признавање на оштетување.

2.10 Вложувања во придружени друштва

Секоја инвестиција која се чува со над 20 % и повеќе од вкупниот број акции или право на глас во компанијата во која се инвестира, и има значително влијание врз компанијата, но не и контрола врз компанијата во која се инвестира, е инвестиција во придружено друштво.

Вложувањето во придружено друштво се признава како средство во Билансот на состојба кога Банката стекнува значително влијание.

Почетното мерење на вложувањето во придруженото друштво се евидентира по набавна вредност (трошок на инвестицијата). Трансакциските трошоци се вклучени во првичното мерење на инвестицијата.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.10 Вложувања во придружени друштва (продолжува)

Последователното мерење на вложувањето во придруженото друштво е според методот на главнина со кој сметководствената вредност се зголемува или намалува за да се признае учеството на Банката во согласност со остварената нето-добивка/загуба на ентитетот во кој е инвестирано. Соодветно добивката/загубата се прикажува во Билансот на успех во белешката 29 Удел во добивката/(загубата) од вложувања во придружени друштва (евидентирани по метод на главнина). Сите распределби (дивиденди) добиени од компанијата во која се инвестира, ја намалуваат сметководствената вредност на инвестицијата.

2.11 Вложувања во сопственички инструменти

Банката има вложувања во сопственички инструменти кои обезбедуваат помалку од 20 % од капиталот на друштвото каде што е вложено. Кај овие вложувања нема значително влијание, и не може да се контролира или значително да се влијае врз одлуките донесени од раководството на друштвото каде што е вложено.

Сопственичките финансиски инструменти се класифицираат и се мерат по објективна вредност (немаат договорни парични текови врз основа на главница и камата, т.е. не ги исполнуваат барањата на СППИ). Кај сопственичките инструменти кои не се чувани за тргување, Банката има избрано, при првичното признавање, промените во објективната вредност (реализирани и нереализирани / пресметани) да се евидентираат во реваloризациските резерви во рамките на останата сеопфатна добивка. Понатаму, износите од реваloризациски резерви може единствено да се прекласифицираат во друга категорија од капиталот, но не може да се признаат во Билансот на успех. Оваа одлука на Банката се носи за поединечен инструмент, само при првично признавање на инструментот, а подоцнежна рекласификација не е дозволена.

Добивките и загубите од курсни разлики на сопственички инструменти кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се признаваат во останата сеопфатна добивка. Дивидендите кои произлегуваат од вложувања во сопственички инструменти се признаваат во Билансот на успех кога се утврдува правото на Банката да добие плаќање.
Во согласност со МСФИ 9 за вложувања во сопственички инструменти, исправка на вредност не се пресметува.

2.12 Преземени средства

Во одредени околности, средствата се преземаат со затворање на кредитите кои се ненаплатени. Преземените средства вклучуваат земјиште, недвижности, опрема и други вредности стекнати преку постапка на преземање поради целосно или делумно затворање на соодветниот кредит. Овие средства се прикажуваат како преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања. Првично, овие средства се мерат по објективна вредност намалена за трошоците за продажба, во согласност со проценката и документирани со преземањето и се продаваат во најкраток можен рок со цел да се намали изложеноста. Раководството прави проценка на очекуваниот надоместлив износ намален за трошокот за реализација на средствата, врз основа на голем број фактори, вклучувајќи и независна проценка.

При последователно мерење, надоместливата вредност се потврдува најмалку на годишно ниво. Вреднувањата на објективната вредност на недвижниот имот и другите преземени средства ги вршат овластени проценители на недвижности. Недвижниот имот и другите средства се оштетени кога сметководствената вредност ја надминува надоместливата вредност. Ефектот од загуба поради оштетување се признава во Билансот на успех како исправка на вредноста на нефинансиските средства на нето-основа.

Банката ги мери преземените средства во согласност со МСС 2 Залихи.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.13 Нетирање на финансиски инструменти

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето-износот се прикажува во Извештајот за финансиската состојба кога Банката има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да се порамни трансакцијата на нето-основа или да се реализира средството и истовремено да се подмири обврската.

2.14 Недвижности, опрема и средства со право на употреба

Сите недвижности и опрема почетно се признаваат според набавна вредност. Последователно се мерат по набавна вредност намалена за амортизацијата и оштетување доколку постои. Набавната вредност ги вклучува трошоците што се директно поврзани со стекнувањето на средството.

Средствата со право на употреба се прикажани заедно со недвижностите и опремата во Извештајот за финансиска состојба – поврзано со сметководствената политика во белешка 2.17. Средствата со право на употреба се амортизираат со примена на праволиниски метод за време на периодот на закуп.

Поправките и одржувањата се признаваат во Билансот на успех во период кога настанале. Последователните трошоци кои ги зголемуваат идните економски користи се признаваат во сметководствената вредност на средството, а заменетите делови, доколку има, се депризнаваат.

Земјиштето и уметничките слики не се амортизираат. Амортизацијата на недвижности и опрема се пресметува со примена на праволиниски метод за да се распредели нивната вредност до остатокот на вредноста во текот на нивниот корисен век на употреба.

Корисниот век на одредени категории недвижности и опрема е како што следува:

	2022	2021
Згради	40 години	40 години
Вложувања под закуп	5 години	5 години
Компјутери	5 години	5 години
Мебел и опрема	4-10 години	4-10 години
Моторни возила	4-8 години	8 години

Амортизацијата не се започнува да се пресметува сè додека средството не е расположливо за употреба.

Еднаш годишно Банката проценува дали има индикатори за оштетување на недвижностите и опремата. Ако постојат такви индикатори, се проценува надоместливиот износ. Надоместливиот износ е повисокиот износ меѓу објективната вредност намалена за трошоците на продажба и употребната вредност. Ако надоместливиот износ ја надминува сметководствената вредност, средствата не се оштетуваат. Ако сметководствената вредност го надминува надоместливиот износ, разликата се признава како загуба поради оштетување во Билансот на успех. Преостанатата вредност на средствата и корисниот век се разгледуваат и приспособуваат доколку е соодветно, на секој датум на известување. Добивките и загубите од продажба на недвижности и опрема се утврдуваат како разлика помеѓу приходите од продажба и нивната сметководствена вредност и се признаваат во Билансот на успех (белешка 10).

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.15 Нематеријални средства

Нематеријалните средства вклучуваат софтвер, лиценци и други нематеријални средства (белешка 32). Нематеријалните средства кои се стекнати од Банката и имаат одреден корисен век и во Извештајот за финансиската состојба се искажани според набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и загуби поради оштетување.

Последователните издатоци се капитализираат само кога се зголемуваат идните економски користи вградени во средствата на кои се однесуваат. Сите други издатоци се признаваат во Билансот на успех како што настануваат.

Амортизацијата се признава во Билансот на успех на праволиниска основа според стапките определени за да се распредели на набавната вредност на нематеријалните средства во текот на нивниот проценет век на употреба. Нематеријалните средства се амортизираат од датумот кога се расположливи за употреба.
Преостанатата вредност на средствата и нивниот корисен век на употреба се прегледуваат и усогласуваат соодветно, на секој датум на Извештајот за финансиска состојба.

Корисниот век на одредени категории нематеријални средства е како што следува:

	2022	2021
Софтвер	4-10 години	4-10 години
Патенти и лиценци	3-10 години	3-10 години
Останато	5 години	5 години

2.16 Вложувања во недвижности

Вложувања во недвижности опфаќаат згради коишто се чуваат за остварување на приходи од закуп. Банката има вложувања во недвижности кои биле стекнати преку пренос од недвижности во вложувања во недвижности. Приходот од наемнините од вложувањата во недвижности е признат во Билансот на успех по праволиниска основа според условите на наемот.

Вложувањата во недвижности се мерат според објективна вредност, одредена од овластен проценител, која ги одразува пазарните услови на датумот на изготвување на Извештајот за финансиска состојба. Добивките или загубите што произлегуваат од промени во објективната вредност на вложувањата во недвижности се вклучени во Билансот на успех во годината во која промените настанале.
Кога Банката донесува одлука да ги користи овие средства за сопствена употреба, тие се рекласификуваат во недвижности и опрема.

2.17 Наеми

Наем е договор, или дел од договор, кој создава извршни права и обврски и го пренесува правото на контрола на употребата на идентификувано средство за одреден временски период во замена за надомест. На овој начин, МСФИ 16 бара утврдување дали договорот е или содржи наем.

Банката како наемопримател

Банката применува единствен пристап за признавање и мерење за сите наеми, освен за краткорочни наеми и наеми на средства со ниска вредност. Банката ги признава обврските за наем, плаќањата за наем и средствата со право на користење, што го претставуваат правото на користење на дадените средства.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.17 Наеми (продолжува)

Најзначајни видови наем се наемот на деловните простории и поднаем на пос-терминалите. Наемите имаат просечен период на траење од една до десет години. Нема ограничувања на наемопримателот во договорите за наем. Банката го утврдува терминот за наем како неотповиклив период на наем, заедно со сите периоди опфатени со опција за продолжување на наемот, ако е разумно сигурно да се оствари, или какви било периоди опфатени со опција за прекинување на наемот, доколку е разумно сигурно да не се оствари. Банката нема договори за наем, кои вклучуваат опции за продолжување и раскинување.
Банката има одредени наеми за простор за банкомати и канцелариска опрема со период на наем од 12 месеци или помалку или со мала вредност и го применува ослободувањето од признавање за „краткорочни наеми“ и „наеми на средства со мала вредност“ за овие наеми.

Средства со право на употреба

Банката ги признава средствата со право на употреба на денот на започнување на наемот по набавна вредност (т.е. датумот на кој наведеното средство е достапно за употреба) со исклучок на краткорочните наеми и наемите со мала вредност. Набавната вредност на средствата со право на употреба го вклучуваат износот на обврските за наем, иницијалните директни трошоци и плаќања за наем направени на или пред датумот на започнување на наемот, намалени за одредени олеснувања за наемот. По денот на започнување, средствата со право на употреба се мерат по набавна вредност, намалена за акумулираната амортизација и загуби поради оштетување, и се коригираат за секое повторно мерење на обврските на наемот. Средствата со право на употреба се амортизираат на праволиниска основа за периодот на времетраење на наемот.
Во Извештајот за финансиската состојба, средствата со право на употреба се прикажани во белешка 31 Недвижности, опрема и средства со право на употреба.

Обврски за наем

На денот на започнување на наемот, Банката ги признава обврските за наем мерени според сегашната вредност на плаќањата за наем што треба да се извршат во текот на периодот на наем. Плаќањата за наем вклучуваат фиксни плаќања (намалени за олеснувања за наемот), варијабилни плаќања за наем што зависат од индекс или стапка и износи што се очекува да бидат платени по гарантирана преостаната вредност. Плаќањето за наем, исто така, ја вклучува и цената на опцијата за набавка, разумно одредена од Банката и плаќања за казни за прекинување на наемот, доколку во договорните услови за наем има опција за прекин. Варијабилните плаќања за наем, што не зависат од индекс или стапка, се признаваат како трошоци во периодот во кој настанува ситуацијата или условот што го активира плаќањето. Банката нема трошоци за варијабилни плаќања, како и опции за набавка.
Важна претпоставка што Банката ја применува за пресметка на нето-сегашната вредност на идните плаќања за наем е користењето на дисконтната стапка за интерните трансферни цени за депозити на домаќинства според периодот на наем. Во случај кога интерната трансферна цена за депозити на домаќинства за соодветната рочност и валута е негативна, вредност од 0 % се зема предвид.
Последователно (по датумот на признавање), Банката ја мери обврската за наем со:

- зголемување на сметководствената вредност за да се одрази каматата на обврската за наем;
- намалување на сметководствената вредност за да се рефлектираат извршените плаќања за наем; и
- повторно мерење на сметководствената вредност за да се рефлектираат какви било преоценувања или модификации на наемот.

Во Извештајот за финансиската состојба, обврските за наем се прикажани во белешката 41 Останати финансиски обврски.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.17 Наеми (продолжува)

Банката како наемодавател

Наемите во кои Банката не ги пренесува суштински сите ризици и користи од сопственоста на средството, се класифицираат како оперативни наеми. Приходите од наемнини се евидентираат на праволиниска основа согласно со периодот на наемот и се вклучуваат во приходите во Билансот на успех во зависност од нивната природа. Средствата дадени под оперативен наем се прикажуваат во Извештајот за финансиската состојба како вложување во недвижности или како недвижности и опрема.

2.18 Парични средства и парични еквиваленти

За целите на Извештајот за паричните текови, паричните средства и паричните еквиваленти содржат парични средства и средства кај НБРСМ и други депозити по видување кај банки, кредити на банки, депозити во други финансиски институции и должнички хартии од вредност кои не се чуваат за тргување со оригинален рок на достасување до три месеци. Паричните средства и паричните еквиваленти се прикажани во Извештајот за паричните текови.

2.19 Обврски по кредити, депозити, субординирани обврски и издадени должнички хартии од вредност

Депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените должнички хартии од вредност претставуваат извори на финансирање на Банката.

Банката ги класифицира капиталните инструменти како финансиски обврски или како сопственички инструменти во согласност со содржината на договорните услови на инструментот. Банката почетно ги признава депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените должнички хартии од вредност на датумот кога настанале.

Депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените хартии од вредност првично се признаваат по објективна вредност, која е еднаква на нивната набавна вредност намалена за трансакциските трошоци, а последователно се мерат по амортизирана вредност користејќи го методот на ефективна камата.

Разликата помеѓу вредноста при почетното признавање и крајната вредност се признава во Билансот на успех како трошок за камата, применувајќи ја ефективната каматна стапка. Банката ги депризнава финансиските обврски кога, и само кога, обврските на Банката се исполнети, откажани или истечени.

2.20 Резервирања

Резервирање се признава ако, како резултат на минат настан, Банката има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери и е веројатно дека ќе има одлив од Банката за подмирување на обврската. Тие се признаваат во износ што е најдобра проценка на расходите потребни за подмирување на сегашната обврска на крајот на периодот на известување. Резервирањата за користи на вработените се утврдуваат со дисконтирање на очекуваните идни парични текови со дисконтна стапка што ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и каде што е потребно, ризиците специфични за обврската.
Банката признава резервирања за судски постапки кога постои ризик од загуба поради настанување на трошоци во врска со исполнувањето на обврските коишто Банката по основ на негативна судска одлука мора да ги исполни.
Резервациите за судски постапки се повлекуваат и користат директно за покривање на трошоците за судските постапки за коишто биле издвоени.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.20 Резервирања (продолжува)

Резервациите за судските постапки се укинуваат по позитивно, правосилно завршена судска постапка која се водела против Банката. Ако тужителот во тој период поднел вонсудска правна постапка, резервирањата се прикажуваат во согласност со проценетата очекувана сума на надоместокот.

2.21 Потенцијални и преземени обврски

Финансиски и нефинансиски гаранции

Финансиските гаранции се договори што бараат од издавачот да изврши конкретни плаќања за да му ја надомести на сопственикот загубата што ја претрпел затоа што конкретен должник не ги извршил плаќањата навремено, во согласност со условите на должничките инструменти. Ваквите финансиски гаранции се даваат на банките, финансиските институции и други тела во име на клиентот за да обезбедат кредити, пречекорување на трансакциските сметки и други банкарски средства. Издадените гаранции за покривање на нефинансиските обврски на клиентите претставуваат обврска на Банката (гарант) да плати доколку клиентот не изврши одредени работи во согласност со условите на комерцијалниот договор.

Финансиските и нефинансиските гаранции првично се признаваат според објективната вредност, што вообичаено се утврдува со примените надоместоци. Надоместоците се амортизираат во Билансот на успех во текот на договорот, користејќи праволиниски метод. Обврските по гаранциите на Банката се мерат последователно по поголемата од:

- иницијалната вредност, намалена за амортизацијата пресметана за да се признаат приходите од надоместоци за време на гаранцијата, или
- очекуваните кредитни загуби, како што е утврдено во белешката 42.

Документарни акредитиви

Документарни (и „standby“) акредитиви претставуваат писмена и неотповиклива обврска на Банката којашто го издава (отвора) акредитивот, во име на издавачот (увозникот) да му ја исплати на корисникот (извозникот) вредноста утврдена во документите до одреден рок:

- ако акредитивот се плаќа по видување, и
- ако акредитивот се плаќа со одложено плаќање, Банката ќе плати според договорот кога и ако корисникот (извозникот) ѝ достави на Банката документи кои се во согласност со условите и роковите утврдени со акредитивот.

Обврската може да има и форма на потврда на акредитив, што обично се прави на барање или по овластување на Банката што ја издава (отвора) и претставува цврсто преземање обврска од Банката што ја потврдува, покрај онаа на Банката што издава, која самостојно презема обврска кон корисникот под одредени услови. Документарните акредитиви се третираат како финансиски гаранции во согласност со МСФИ 9.

Други потенцијални обврски и преземени обврски

Други потенцијални обврски и преземени обврски претставуваат неповлечени средства по преземена обврска за кредитирање за зголемување на кредит, непокриени акредитиви и други обврски. Номиналната договорна вредност на гаранциите, акредитивите и неискористените обврски за кредити, каде договорниот кредит треба да биде по пазарни услови, не се признаени во Извештајот за финансиска состојба.
Другите потенцијални обврски и преземени обврски се третираат како финансиски гаранции во согласност со МСФИ 9.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.22 Оданочување

Трошоците за данок за периодот се состојат од тековен и одложен данок.

а) Тековни даночни средства/обврски

Тековни даночни средства/обврски вклучуваат обврски за данок од добивка утврдени со Даночниот биланс на Банката за тековниот финансиски период.
Согласно со Македонската даночна регулатива, Банката пресметува данок на добивка на бруто-добивката утврдена како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи утврдени согласно со прописите за сметководство и сметководствените стандарди, зголемена за непризнаените расходи за даночни цели утврдени со закон и намалена за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година и дивидендите остварени со учество во капитал на друг даночен обврзник кој веќе има платено данок.

Тековните даночни средства/обврски се признаваат кога платениот износ на даноци за тековниот и претходните периоди е поголем/помал од износот којшто се должи за периодот кога обврската не е подмирена.

Стапката на данокот на добивка за 2022 и 2021 година е 10 %.
Според локалната регулатива, основата за данокот на добивка може да се намали за износот на инвестициите во недвижности и опрема, како и софтвер. За да се искористи даночното олеснување за инвестиции, Банката мора да ја пренесе добивката во останати резерви во износ кој се очекува да се инвестира во недвижности и опрема или софтвер.

Износот на пресметаниот данок на добивка е намален за донирани средства во спортски субјекти, кои се плаќаат на сметка за специјална намена, врз основа на ваучер издаден од Агенцијата за млади и спорт. Данокот може да се намали до 50 % од пресметаниот данок.

Според даночното законодавство, даноците и даночните обврски истекуваат по период од 5 години, со исклучок на даночна измама која истекува по период од 10 години. Како резултат на тоа, даночните обврски на Банката за периодот од 2018 до 2022 година не можат да се сметаат за конечни. Сите дополнителни даноци и казни, доколку ги има, што можат да се појават во случај на даночна ревизија, во оваа фаза, не можат да се утврдат со разумна точност.

б) Одложен данок

Одложениот данок се пресметува на времените разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност за целите на финансиското известување. Одложените даночни средства се признаваат ако е веројатно дека идната оданочива добивка ќе биде расположлива во блиска иднина, со која можат да се надоместат привремените разлики. Одложените даночни средства и обврски се мерат според даночните стапки кои се во примена на крајот на периодот на известување за кои се очекува да важат за периодот кога средството е реализирано или обврската е подмирена. На секој датум на известување, Банката ја разгледува сметководствената вредност на одложените даночни средства и ги проценува идните оданочиви добивки наспроти кои привремените оданочиви разлики може да се искористат.

2.23 Комисиони активности

Банката обезбедува услуги за управување со средства на своите клиенти. Средствата кои се чуваат за комисиони активности не се известуваат во финансиските извештаи на Банката, бидејќи тие не претставуваат средства на Банката. Приходите и расходите по провизии и надоместоци поврзани со комисиони активности обично се признаваат во Билансот на успех кога услугата е обезбедена.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.24 Користи за вработените

Користите за вработени вклучуваат:
- краткорочни користи за вработени (како што се плати, надоместоци, регрес за годишен одмор, надоместок за одвоен живот и немонетарни користи);
- надомести за патување, надомести за користење на сопствени средства;
- придонеси за одење во пензија (примања по престанување на работен однос);
- останати користи за вработените (јубилејни награди и доброволно дополнително пензиско осигурување); и
- други надоместоци.

Краткорочните користи за вработените се признаваат во периодот за кој се однесуваат и се вклучуваат во Билансот на успех во ставката „Трошоци за вработени“. Меѓу другото, тие вклучуваат плаќање придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и невработеност, што според локалното законодавство (за работодавачот) изнесува 28 % од бруто-платата. Според законодавството, вработените се пензионираат кога ќе наполнат 64 години (мажи) и 62 години (жени). Постои можност да се продолжи работниот однос на жените до 64 години според Законот за работни односи. Вработените имаат право на паушална исплата на придонеси за одење во пензија. Вработените исто така имаат право на бонус за долгогодишен работен стаж за секои 10 години услуга во Банката, во согласност со Колективниот договор на Банката. Овие обврски се мерат според сегашната вредност на идните одливи на пари, со оглед на идните зголемувања на платите и другите услови, а потоа се распределуваат на минатиот и идниот стаж на вработените, врз основа на условите и планот на примањата.

Трошоците за стаж се вклучени во Билансот на успех во ставката „Трошоци за вработени“ како утврдени трошоци за користи, додека трошоците за камата за определената обврска се признаваат во ставката „Расходи за камати“. Овие каматни трошоци ја претставуваат промената во периодот на утврдената обврска за користи што произлегуваат од минување на времето. За користи по престанување на работен однос, актуарските добивки и загуби од ефектот на промените во актуарските претпоставки и приспособувања за искуството (разликите помеѓу реализираните и очекуваните плаќања) се признаваат во останатата сеопфатна добивка во ставката „Актуарски добивки/загуби“ и не се пренесуваат во Билансот на успех. Актуарските добивки и загуби што се однесуваат на други користи на вработените се признаени во Билансот на успех како дефинирани трошоци за користи. Во Извештајот за финансиската состојба, обврските за краткорочни користи на вработените се вклучени во ставката „Останати обврски“, додека обврските за користи по престанокот на работниот однос и други користи за вработените (јубилејни награди) се вклучени во ставката „Резервирања“.

2.25 Плаќања врз основа на акции

Плаќања врз основа на акции, подмирени со парични средства
Доколку се исполнети одредени услови, членовите на Управниот одбор и вработените кои вршат посебна работа (т.е. оние кои можат значително да влијаат на ризичниот профил на Банката во делокругот на нивните задачи и активности) добиваат дел од нивното варијабилно наградување во форма на финансиски инструменти, чија вредност е поврзана со вредноста на акцијата на НЛБ д.д. По истекот на законски предвиденият рок на ниво на НЛБ Групација, корисниците добиваат парични средства, во зависност од вредноста на акциите на НЛБ д.д. Првите договори, вклучувајќи трансакции за плаќање врз основа на акции, беа склучени во вториот квартал од 2022 година.

Во Извештајот за финансиската состојба, обврската се признава во ставката Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Билансот на успех (белешка 35). Објективната вредност се мери при првичното признавање и на секој датум на известување вклучувајќи го датумот на порамнување, при што промените во објективната вредност се признаваат во Билансот на успех во ставката Нето-добивка/(загуба) од финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Биланс на успех (белешка 8).

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.25 Плаќања врз основа на акции (продолжува)

Плаќања врз основа на акции, подмирени со сопственички инструменти
Банката нема трансакции за плаќања врз основа на акции, подмирени со сопственички инструменти.

2.26 Запишан капитал

(а) Обични акции

Обичните акции се класификуваат како капитал. Дополнителните трошоци што директно се припишани на издавањето на обичните акции се признаваат како намалување на капиталот, нетирани за какви било даночни ефекти.

(б) Дивиденди на обични акции

Дивидендите на обични акции се признаваат како обврска и се намалуваат од капиталот кога се одобрени од акционерите на Банката.

2.27 Заработка по акција

Банката прикажува основна и разводнета заработка по акција за своите обични акции. Основната заработка по акција се пресметува кога нето-добивката или загубата што им припаѓа на имателите на обични акции се дели со пондерираниот просечен број обични акции во оптек во текот на годината.
Разводнетата заработка по акција се одредува преку коригирање на добивката или загубата која им припаѓа на имателите на обични акции и пондерираниот просечен број на преостанатите обични акции за ефектот на сите разводнети потенцијални акции.
Разводнетата заработка по акција е идентична со основната, бидејќи не постојат издадени потенцијални акции, кои имаат ефект на корекција на нето-добивката што им припаѓа на имателите на обични акции.

2.28 Трансакции со поврзани страни

Поврзана страна е лице или субјект кој е поврзан со Банката на таков начин што има контрола или заедничка контрола, има значително влијание, е членка на иста групација или е член на клучниот менаџерски персонал на Банката. Поврзаните страни на Банката ги вклучуваат: НЛБ д.д. како матична банка, НЛБ ЛИЗ & ГО ДОО Скопје како придружено друштво, останатите членки на НЛБ Групацијата, клучниот менаџерски персонал на Банката (Управниот одбор, други менаџерски лица и членови на нивните семејства), Надзорниот одбор и друштвата во кои членовите на клучниот менаџерски персонал или членовите на нивните семејства имаат контрола, заедничка контрола или значително влијание.
Трансакција со поврзана страна е трансфер на ресурси, услуги или обврски помеѓу поврзаните страни, без оглед на тоа дали износот е задолжен. Сите банкарски трансакции со поврзаните субјекти се направени под суштински исти услови, вклучувајќи ги каматните стапки и обезбедувањата, како оние кои се случуваат во исто време за споредливи трансакции со неповрзани страни и не носат повеќе од вообичаениот ризик.

2.29 Значајни сметководствени проценки и расудувања

Финансиските извештаи на Банката се под влијание на сметководствени политики, претпоставки, проценки и расудување на раководството. Банката прави проценки и претпоставки кои влијаат на известените износи на средствата и обврските во текот на финансиската година. Сите проценки и претпоставки кои се бараат во согласност со МСФИ се најдобри проценки преземени во согласност со применливиот стандард. Проценките и расудувањата се оценуваат на континуирана основа и се базираат на минатото искуство и други фактори, вклучувајќи ги и очекувањата во однос на идните настани.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.29 Значајни сметководствени проценки и расудувања (продолжува)

(а) Исправки за очекувани кредитни загуби на кредити, пласмани и вонбилансни изложености

Банката го следи и проверува квалитетот на кредитното портфолио на индивидуално и на ниво на портфолио за континуирано да ги проценува потребните издвојувања на очекувани кредитни загуби. Банката издвојува поединечни исправки за поединечно значајни финансиски средства кои се во Група 3, кои го исполнуваат прагот како што е обелоденето во точка 2.9 погоре. Таквата задача се заснова на информации во врска со исполнување на договорните обврски или други финансиски тешкотии на должникот и други важни факти. Индивидуалните проценки се засноваат на очекуваните дисконтирани парични текови од работењето и / или проценетата очекувана наплата од обезбедувањето.
Исправките се проценуваат групно за финансиските средства во Група 1 или 2 или за финансиски средства во Група 3 со изложеност под прагот на материјалност. Очекуваните кредитни загуби во оваа група средства се проценуваат врз основа на очекуваната вредност на параметрите на ризик, комбинирајќи ги историските движења со идните макроекономски предвидувања.

$$ECL = \sum_{t=1}^{month} EAD(t) * PD(t) * LGD(t)$$

Веројатност за ненаплата (PD) - Пресметката на временска точка (point in time-PT) матрици кои гледаат во иднината се заснова на пондерирани историски транзиции на временска точка (point in time) матрици, при што секоја матрица претставува транзиција од состојбата на крајот на претходниот период во состојбата на крајот на тековниот период, а дополнително се вклучени годишните трансфери во Г и Д. Транзиционите матрици ја покажуваат веројатноста за премин од една категоризациона оценка во друга, со оглед на бројот на субјекти во секоја категорија на почетокот на периодот под набљудување. Годишна или 12-месечна веројатност за ненаплата е збир на веројатности за трансфер од А, Б и В-категории во Г и Д-категорија. Прагот на материјалност е поставен на изложеност од 1.000 евра (61.500 денари) за правни лица и 100 евра (6.150 денари) за физички лица.
Заради проценка на параметарот за загубата поради неисполнување на обврската, Банката користи колатерални корективни фактори на ниво на секој вид обезбедување и необезбедена стапка на наплата на ниво на секој сегмент на клиент. Загубата поради неисполнување на обврската за клиенти со рејтинг Д (сите необезбедени правни лица со рејтинг Д и сите необезбедени физички лица со рејтинг Д) во Група 3 е 100 %.

Колатералните корективни фактори (HC) се пресметуваат на историските податоци за нефункционални клиенти - отплатата од продажба на обезбедување и директни трошоци поврзани со наплата на обезбедувањето се дисконтираат до денот на неисполнување на обврските и се споредуваат со пазарната вредност на обезбедувањето во моментот на неисполнување на обврските.
Необезбедена стапка на наплата (URR) претставува стапка на обновени ненаплатени изложености што не се резултат на обезбедување. Основа за пресметката на необезбедена стапка на наплата се собраните поврати по неисполнување на обврските, намалени за директните трошоци.

Моделите што се користат за проценка на идните параметри на ризик се потврдуваат редовно и повторно се тестираат од Банката со цел проценките за загубата да се направат што е можно пореално.

Генерално, тешкото сценарио (сценарио на стагфлација) е песимистичкото сценарио водено од понудата, каде што се материјализираат и двата, ризикот од пораст на инфлација и ризикот од намален раст. Сценариото предвидува нула реален економски раст за сите матични земји на НЛБ Групацијата. Кривата на принос (YC) е стрмна (краткорочни стапки 100 базични поени над, долгорочни стапки 200 базични поени над сегашните напредни стапки (основно сценарио)). Сите нивоа на кривата на принос (YC) се наоѓаат до крајот на периодот на предвидување.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.29 Значајни сметководствени проценки и расудувања (продолжува)

Сепак, ќе се фокусираме само на траекторијата на стапката на невработеност и реалниот БДП во рамки на проекцискиот хоризонт, бидејќи и двете варијабли се тестирани и се вклучени во процесот на моделирање на веројатност за ненаплата (PD) и неисполнување на обврската (LGD), соодветно.

Главните претпоставки во двете шеми на макропроменливи за тешки сценарија се:

- геополитичките тензии ескалираат, ковидот и енергетските шокови се интензивираат, застојот во индустријата станува широко распространет и упорен;
- Европската централна банка (ECB) избира борба против инфлацијата (валутна стабилност) пред целосна вработеност, но сепак става ограничување на распонот, силно прелевање од САД;
- куповната моќ на потрошувачите значително се намалува, економскиот раст исчезнува, неефикасноста на пазарот на труд предизвикува спирала на платите и цените, зголемувајќи ги долгорочните инфлациски очекувања на следното ниво.

Основните проекции на макроекономските варијабли се следни:

	2022	2023	2024
Реален БДП	3,2 %	3,2 %	3,4 %
Невработеност	15,1 %	14,7 %	14,6 %

и подолу е презентирана еволуцијата на релевантните променливи според ова сценарио:

	Тешко		
	2022	2023	2024
Реален БДП	0,2 %	-0,3 %	1,9 %
Невработеност	15,4 %	16,2 %	19,1 %

Благото сценарио е умерено песимистичко сценарио управувано од побарувачката, каде што се материјализира ризикот од надолниот раст. Сценариото прикажува понизок економски раст (100 базични поени под основната линија за Словенија и за другите матични земји на НЛБ Групацијата). Кривата на принос се зголемува (краткорочни стапки 100 базични поени подолу, долгорочни стапки 50 базични поени под сегашните напредни стапки (основно сценарио)). Сите нивоа на кривата на принос се наоѓаат до крајот на периодот на предвидување.

Главните претпоставки во двете шеми на макропроменливи за благи сценарија се:

- пролонгираните геополитички тензии и периодичните КОВИД-рестрикции ги одржуваат синџирите на снабдување под оптималното ниво во текот на целиот период;
- Европската централна банка (ECB) сериозно ја сфаќа дефлацијата на растот, повторно станува претпазлива и постапува внимателно со стапките;
- довербата на потрошувачите значително се влошува, инвестициската активност се зголемува само умерено, макро шокот на довербата предизвикува блага рецесија на нашите домашни пазари;
- забавеноста на пазарот на трудот се зголемува, затоа долгорочните инфлациски очекувања остануваат базирани само на нарушувања на понудата.

Под благо сценарио, подолу е претставена еволуцијата на релевантните променливи:

	Благо		
	2022	2023	2024
Реален БДП	0,2 %	-1,8 %	0,4 %
Невработеност	15,4 %	17,0 %	20,0 %

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.29 Значајни сметководствени проценки и расудувања (продолжува)

Параметрите за кредитен ризик за ова стрес-сценарио се презентирани подолу:

FO – физички лица
PO – правни лица
FL PD – предвидени информации за веројатност за ненаплата

1. Веројатност за ненаплата (PD)

Сегмент физички лица за краткорочен рејтинг

			ТЕШКО		
SEGMENT	**TYPE**	**BON**	**FL PD 2022**	**FL PD 2023**	**FL PD 2024**
FO	CONS	A	2,30 %	3,77 %	5,31 %
FO	CONS	B	15,94 %	12,63 %	11,41 %
FO	CONS	C	23,80 %	20,29 %	18,25 %
FO	MRTG	A	0,78 %	1,20 %	1,73 %
FO	MRTG	B	13,91 %	10,39 %	8,45 %
FO	MRTG	C	27,44 %	21,28 %	17,00 %
FO	OTHR	A	1,63 %	2,37 %	3,18 %
FO	OTHR	B	13,13 %	9,40 %	7,66 %
FO	OTHR	C	22,01 %	17,30 %	14,06 %

Сегмент правни лица за краткорочен рејтинг

			ТЕШКО		
SEGMENT	**TYPE**	**BON**	**FL PD 2022**	**FL PD 2023**	**FL PD 2024**
PO	ALL	AAA	0,42 %	0,51 %	0,64 %
PO	ALL	AA	1,07 %	1,30 %	1,62 %
PO	ALL	A	1,71 %	2,08 %	2,59 %
PO	ALL	BBB	2,72 %	3,31 %	4,12 %
PO	ALL	BB	4,34 %	5,27 %	6,57 %
PO	ALL	B	6,91 %	8,40 %	10,46 %
PO	ALL	CCC	11,00 %	13,65 %	17,45 %
PO	ALL	CC	19,89 %	21,52 %	24,10 %
PO	ALL	C	26,39 %	24,57 %	25,78 %

2. Неисполнување на обврската (LGD) множители

ТЕШКО		
2022	**2023**	**2024**
111,62	116,38	116,38

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.29 Значајни сметководствени проценки и расудувања (продолжува)

3. Необезбедена стапка на наплата (URR)

1- URR	
FO	PO
75,00 %	70,00 %

4. Фактор на кредитна конверзија (CCF)

CR_SEKTOR_	POSEL_TIP	Опис	CCF
FO	105	Лични сметки	73,48 %
FO	230	Mastercard	54,24 %
FO	231	Visa	58,12 %
FO	710	Гаранција за извршување	50,00 %
FO	711	Гаранција за плаќање	100,00 %
PO	100	Деловна сметка	69,34 %
PO	201	Кредити за вложувања во тековни средства	100,00 %
PO	230	Mastercard	65,51 %
PO	231	Visa	80,03 %
PO	710	Гаранција за извршување	76,41 %
PO	711	Гаранција за плаќање	100,00 %

5. Корективни фактори (HC)

HC	
FO	PO
55,00 %	70,00 %

Очекуваната кредитна загуба (ECL) е сензитивна на инпутот на претпоставката за макропреклопување. Резултатите од стрес-сценариото (тешко) за Банката покажуваат пораст на исправките на вредност за 3,3 милиони евра или 200,9 милиони денари (2021: 6,8 милиони евра или 418,2 милиони денари).

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.29 Значајни сметководствени проценки и расудувања (продолжува)

(б) Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективните вредности на финансиските инструменти со кои се тргува на активниот пазар се базираат на тековните цени на понудата (финансиски средства).

Објективните вредности на финансиските инструменти со кои не се тргува на активниот пазар се утврдуваат со користење на модели за вреднување. Тие вклучуваат споредба со неодамнешните цени на трансакциите, употреба на модел на дисконтиран паричен тек. Овие модели за вреднување во голема мера ги одразуваат тековните пазарни услови на датумот на мерење, кои може да не ги претставуваат пазарните услови пред или по датумот на мерење.
Објективните вредности на дериватните финансиски инструменти се утврдуваат врз основа на пазарните податоци (mark-to-market).

(в) Оштетување на преземени средства

Процесот на пресметување на загубата поради оштетување бара од менаџментот да направи важни и комплексни претпоставки во однос на планираниот период на продажба на преземените средства, нивните проценети нето-продажни вредности и соодветната дисконтна стапка, со цел да се дисконтираат очекуваните парични текови од продажбата на одредени ставки на преземените средства до нивната нето-сегашна вредност, вклучувајќи и независна проценка.

Менаџментот на Банката очекува дека преземените средства ќе бидат продадени без загуби, во разумен временски период. Во спротивно, ќе бидат направени приспособувања во идните периоди доколку идната пазарна активност покаже дека таквите приспособувања се соодветни.

(в) Користи за вработени

Обврските за користи за вработените се пресметуваат од независен актуар. Главните актуарски претпоставки вклучени во пресметката на обврската за долгорочни користи за вработените се следните:

	2022	2021
Актуарски претпоставки		
Дисконтна стапка (во %)	7,6	2,2
Зголемувања на платите на база на предвидувања за инфлација, унапредувања, како и зголемувања на платите врз основа на минат труд (во %)	3,0 - 11,6	2,5 - 4,1
Останати претпоставки		
Број на вработени кои ги исполнуваат условите за искористување на правото на користи	851	877

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.29 Значајни сметководствени проценки и расудувања (продолжува)

Сензитивна анализа на значајните актуарски претпоставки

31.12.2022	Дисконтна стапка		Пораст во износ на користи	
	+0,5 п.п.	-0,5 п.п.	+0,5 п.п.	-0,5 п.п.
Влијание врз резервирањата за долгорочни користи за вработени (во %)	(3,6)	3,8	4,0	(3,8)

31.12.2021	Дисконтна стапка		Пораст во износ на користи	
	+0,5 п.п.	-0,5 п.п.	+0,5 п.п.	-0,5 п.п.
Влијание врз резервирањата за долгорочни користи за вработени (во %)	(4,8)	5,2	5,2	(4,8)

Индивидуалната анализа се прави со промена на една претпоставка за + / - 0,5 процентни поени (п.п.), додека сите други претпоставки остануваат исти.

Расчленување на актуарските добивки и загуби за користи по вработувањето по причини

	2022	**2021**
Актуарски добивки и загуби поради промена на финансиските претпоставки	(6.506)	1.983
Актуарски добивки и загуби поради промена на демографските претпоставки	-	(393)
Актуарски добивки и загуби поради искуство	366	754
Вкупни актуарски добивки (-) и загуби (+) во периодот	**(6.140)**	**2.344**

Пондерирано просечно времетраење на обврските во години

	2022	**2021**
Користи по престанокот на вработувањето	18,1	17,9

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.30 Имплементација на нови и ревидирани Меѓународни стандарди за финансиско известување

Во текот на тековната година, Банката ги усвои сите нови и ревидирани стандарди и толкувања издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) и Комисијата за толкување на меѓународното финансиско известување (во натамошниот текст: „КТМФИ“), кои се ефективни за годишните сметководствени периоди кои започнуваат на 1 јануари 2022 година. Усвоените сметководствени политики се во согласност со оние од претходната финансиска година, освен за следниве изменети МСФИ кои се усвоени од Банката од 1 јануари 2022 година:

- **МСФИ 3 Деловни комбинации; МСС 16 Недвижности, постројки и опрема; МСС 37 Резервирања, потенцијални обврски и потенцијални средства како и годишни подобрувања 2018-2020 (измени)**

Измените се ефективни за годишните периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2022 година со дозволена претходна примена. ОМСС издаде измени со тесен опсег на МСФИ-стандардите како што следува:

- **МСФИ 3 Деловни комбинации (измени)** се ажурира поврзаноста на МСФИ 3 со претходната верзија на ОМСС Концептуалната рамка за финансиско известување и тековната верзија издадена во 2018 година без значајни промени на сметководствените барања за деловни комбинации.
- **МСС 16 Недвижности, постројки и опрема (измени)** ѝ забранува на компанијата да го одбива од трошокот за недвижностите, постројките и опремата кој било приход од продажбата на произведените средства додека средството не го донесе до локацијата и условите потребни за да може да работи на начин баран од раководството. Наместо тоа, компанијата ги признава таквите приходи од продажба и поврзаните трошоци во добивката или загубата.
- **МСС 37 Резервирања, потенцијални обврски и потенцијални средства (измени)** специфицира кои трошоци ги вклучува компанијата при определувањето на трошоците за исполнување на договорот со цел да се процени дали договорот е неповолен. Измените појаснуваат дека трошоците што се однесуваат директно на договорот за обезбедување на стоки или услуги вклучуваат и дополнителни трошоци и распределба на трошоците директно поврзани со активностите на договорот.
- **Годишните подобрувања 2018-2020** прават мали измени на МСФИ 1 Првично усвојување на меѓународните стандарди за финансиско известување, МСФИ 9 Финансиски инструменти, МСС 41 Земјоделство и илустративни примери кои го придружуваат МСФИ 16 Наеми.

Овие измени немаат значително влијание врз финансиските извештаи на Банката.

- **МСФИ 16 Наеми – Концесии за изнајмување поврзани со КОВИД-19 по 30 јуни 2021 година (измени)**

Измената се применува на годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 април 2021 година, со дозволена претходна примена, вклучително и во финансиските извештаи кои сè уште не се одобрени за издавање на датумот на објавување на измената. Во март 2021 година, Одборот ги измени условите за практична целисходност во МСФИ 16 што им дава олеснување на наемопримателите за примената на упатството на МСФИ 16 за модификации на наемот за концесиите за наемот што произлегуваат како директна последица на пандемијата на КОВИД-19. Следејќи ги измените, практичната целисходност сега се применува за концесиите за закупнини за кои секое намалување на плаќањата за закупот влијае само на плаќањата кои првично доспеваат на или пред 30 јуни 2022 година, доколку се исполнети другите услови за примена на практичната цел. Овие измени немаат значително влијание врз финансиските извештаи на Банката.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.30 Имплементација на нови и ревидирани Меѓународни стандарди за финансиско известување (продолжува)

Издадени стандарди, но сè уште неефективни и не се порано усвоени

- **МСФИ 17: Договори за осигурување**

Стандардот е ефективен за годишните периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2023 година, со дозволена претходна примена, под услов ентитетот да го применува МСФИ 9 Финансиски инструменти на или пред датумот кога првпат го применува МСФИ 17.
МСФИ 17, со цел да обезбеди сметководствен модел за договорите за осигурување што е покорисен и поконзистентен за осигурениците, воспоставува принципи за признавање, мерење, прикажување и обелоденување на сите видови договори за осигурување, како и на одредени гаранции и финансиски инструменти со карактеристики на дискреционо учество.
Сметководствениот модел е дополнет со специфична адаптација за договори со карактеристики на директно учество (пристап со варијабилен надомест) и со поедноставен пристап (пристап за распределба на премиите) главно за краткотрајни договори.
Главните карактеристики на новиот сметководствен модел вклучуваат мерење на сегашната вредност на идните парични текови, инкорпорирајќи експлицитно приспособување на ризикот, повторно мерено во секој период на известување (исполнување на парични текови). Исто така, моделот вклучува договорна маржа за услуги (CSM) која е еднаква и спротивна на секојдневната добивка во готовинските текови на исполнување на група договори, што претставува незаработена добивка од договорите за осигурување која треба да се признае во Билансот на успех врз основа на услуги за договор за осигурување обезбедени во текот на периодот на покриеност. Одредени промени во очекуваната сегашна вредност на идните парични текови се приспособуваат на договорната маржа за услуги (CSM) и со тоа се признаваат во добивката или загубата во текот на преостанатиот период на покривање. Износите што се исплаќаат на имателот на полисата во сите околности, без оглед на тоа дали се случил осигурен настан (неразграничени инвестициски компоненти) не се прикажани во Билансот на успех, туку се признаваат директно во Извештајот за финансиска состојба.
Понатаму, прикажувањето на приходите од осигурување и расходите за услуги од осигурување во Извештајот за сеопфатна добивка ќе се заснова на концептот на услугите дадени во текот на периодот. Резултатите од осигурителните услуги (остварените приходи намалени за настанатите штети) се прикажани одделно од осигурителните финансиски приходи или расходи. Во Извештајот за финансиската состојба, сметководствената вредност на портфолијата на издадените договори за осигурување кои се средства и оние кои се обврски, со истото барање кое важи за портфолијата на чувани договори за реосигурување, се прикажани посебно. Конечно, МСФИ 17 бара опширни обелоденувања за да се обезбедат информации за признаените износи од договорите за осигурување и природата и обемот на ризиците што произлегуваат од овие договори.
Во однос на транзицијата, Одборот се одлучи за ретроспективен пристап за проценка на договорната маржа за услуги (CSM) на датумот на транзиција. Меѓутоа, ако целосната ретроспективна примена, како што е дефинирана во МСС 8, за група договори за осигурување е неизводлива, од ентитетот се бара да избере или изменет ретроспективен пристап или пристап на објективна вредност. И двете обезбедуваат преодни олеснувања.
Конечно, во декември 2021 година, ОМСС издаде измени на МСФИ 17 за да додаде опција за транзиција за „преклопување на класификација“ за да се решат можните сметководствени несовпаѓања помеѓу финансиските средства и обврските од договорот за осигурување во компаративните информации презентирани при првичната примена на МСФИ 17. Ентитетот кој применува преклопување на класификација на финансиско средство ќе прикаже компаративна информација како барањата за класификација и мерење од МСФИ 9 да се применети на тоа финансиско средство. Измените немаат влијание врз финансиските извештаи на Банката.

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.30 Имплементација на нови и ревидирани Меѓународни стандарди за финансиско известување (продолжува)

- **МСС 1 Презентирање на финансиските извештаи и Изјава за примена на МСФИ 2: Обелоденување на сметководствените политики (измени)**

Измените важат за годишните периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2023 година со дозволена претходна примена. Измените обезбедуваат насоки за примената на расудувањата за материјалноста при обелоденувањата на сметководствените политики. Конкретно, измените на МСС 1 го заменуваат барањето за обелоденување „значајни“ сметководствени политики со барање за обелоденување „материјални“ сметководствени политики. Исто така, во Изјавата за примена се додадени насоки и илустративни примери за да помогнат во примената на концептот на материјалност при донесување судови за обелоденувањата на сметководствената политика. Овие измени немаат значително влијание врз финансиските извештаи на Банката.

- **МСС 8 Сметководствени политики, промени во сметководствените проценки и грешки: Дефиниција на сметководствени проценки (измени)**

Измените стапуваат на сила за годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2023 година, со дозволена претходна примена и се применуваат на промените во сметководствените политики и промените во сметководствените проценки што се случуваат на или по почетокот на тој период. Измените воведуваат нова дефиниција за сметководствени проценки, дефинирани како парични износи во финансиските извештаи кои се предмет на несигурност при мерењето, доколку не произлегуваат од корекција на грешка од претходниот период. Исто така, измените појаснуваат кои се промените во сметководствените проценки и како тие се разликуваат од промените во сметководствените политики и корекции на грешки. Овие измени немаат значително влијание врз финансиските извештаи на Банката.

- **МСС 12 Даноци на добивка: Одложен данок поврзан со средства и обврски кои произлегуваат од една трансакција (измени)**

Измените важат за годишните периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2023 година, со дозволена претходна примена. Измените го стеснуваат опсегот и обезбедуваат дополнителна јасност за исклучокот од почетното признавање според МСС 12 и прецизираат како компаниите треба да го евидентираат одложениот данок поврзан со средствата и обврските кои произлегуваат од една трансакција, како што се наемите и обврските за деактивирање. Измените појаснуваат дека онаму каде што плаќањата со кои се подмирува обврската се одбиваат за даночни цели, тоа е прашање на проценка, имајќи го предвид применливиот даночен закон, дали таквите одбитоци се припишуваат за даночни цели на обврската или на поврзаната компонента на средството. Според измените, исклучокот од почетното признавање не се применува за трансакции кои при почетното признавање доведуваат до еднакви даночни и одбитни привремени разлики. Се применува само ако признавањето на средството за наем и обврската за наемот (или обврската за деактивирање и компонентата на средството за деактивирање) доведуваат до даночни и одбитни привремени разлики кои не се еднакви. Овие измени немаат значително влијание врз финансиските извештаи на Банката.

- **МСС 1 Презентација на финансиските извештаи: Класификација на обврските како тековни и нетековни (измени)**

Измените се ефективни за годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година, со дозволена претходна примена, и ќе треба да се применат ретроспективно во согласност со МСС 8. Целта на измените е да се појаснат принципите во МСС 1 за класификација на обврските како тековни или нетековни. Измените го појаснуваат значењето на правото за одложување на порамнувањето, барањето ова право да постои на крајот на периодот на известување, намерата на раководството да не влијае на тековната или нетековната класификација, дека опциите од другата страна кои би можеле да резултираат со

2. Преглед на значајните сметководствени политики (продолжува)

2.30 Имплементација на нови и ревидирани Меѓународни стандарди за финансиско известување (продолжува)

порамнување со пренос на сопствените сопственички инструменти на ентитетот не влијаат на тековната или нетековната класификација. Исто така, измените прецизираат дека само договорите со кои ентитетот мора да се усогласи на или пред датумот на известување ќе влијаат на класификацијата на обврската. Потребни се и дополнителни обелоденувања за нетековни обврски кои произлегуваат од договори за заеми кои подлежат на договори што треба да се почитуваат во рок од дванаесет месеци по периодот на известување. Овие измени немаат значително влијание врз финансиските извештаи на Банката.

- **МСФИ 16 Наеми: Обврска за наем при продажба и повратен наем (измени)**

Измените важат за годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година, со дозволена претходна примена. Измените имаат за цел да ги подобрат барањата што продавачот закупец ги користи при мерењето на обврската за наемот што произлегува од трансакцијата за продажба и повратен наем во МСФИ 16, додека не го менува сметководството за наеми кои не се поврзани со трансакциите за продажба и повратен наем. Конкретно, продавачот закупец одредува „плаќања за закуп“ или „ревидирани плаќања за закуп“ на таков начин што продавачот закупец нема да признае никаков износ од добивката или загубата што се однесува на правото на користење што го задржува. Примената на овие барања не го спречува продавачот закупец да признае, во добивката или загубата, каква било добивка или загуба поврзана со делумно или целосно раскинување на наемот. Продавачот закупец ја применува измената ретроспективно во согласност со МСС 8 за трансакциите за продажба и повратен закуп склучени по датумот на првичната примена, што е почеток на годишниот период на известување во кој ентитетот првпат го применил МСФИ 16. Овие измени немаат значајно влијание на финансиските извештаи на Банката.

- **Измени во МСФИ 10 Консолидирани финансиски извештаи и МСС 28 Вложувања во придружени друштва и заеднички вложувања: Продажба или удел на средства помеѓу вложувачот и неговото придружено друштво или заедничко вложување**

Измените се однесуваат на признаена недоследност помеѓу барањата во МСФИ 10 и оние во МСС 28, во справувањето со продажбата или уделот на средствата помеѓу вложувачот и неговото придружено друштво или заедничко вложување. Главната последица на измените е дека целосната добивка или загуба се признава кога трансакцијата вклучува деловна активност (без оглед дали е сместена во подружница или не). Делумна добивка или загуба се признава кога трансакцијата вклучува средства што не претставуваат деловна активност, дури и ако овие средства се сместени во подружница. Во декември 2015 година, ОМСС го одложи ефективниот датум на оваа измена на неодредено време во очекување на резултатот од неговиот истражувачки проект за сметководствениот метод на главнина. Овие измени немаат влијание врз финансиските извештаи на Банката.

2.31 Последователни настани

Настаните по завршување на годината кои даваат дополнителни информации за финансиската состојба на Банката (корективни настани) се рефлектирани во финансиските извештаи. Последователните настани кои немаат карактер на корективни настани се обелоденуваат во белешките доколку се материјално значајни.

3. Управување со ризици

Идентификацијата на ризикот и проценката на материјалноста на ризиците се клучни компоненти во процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP) и процесот на процена на адекватноста на интерната ликвидност (ILAAP). Идентификувањето на ризиците покажува на кој ризик е или може да биде изложена Банката. Процесот на идентификација на ризикот се спроведува на редовна годишна основа. Доколку во текот на годината дојде до значителна промена во профилот на ризик или стратегијата на Банката, проценката на ризикот се ревидира. Главните категории на ризик се: кредитен ризик, пазарен ризик, ризик од каматна стапка, ликвидносен ризик, оперативен ризик и останати ризици.

Активностите на Банката се изложени на разни финансиски ризици и тие активности бараат анализи, проценки, прифаќање и управување на одреден степен на ризик или комбинација на ризици. Преземањето на ризикот е основа на финансискиот бизнис и оперативните ризици се неизбежна последица на работењето. Затоа, целта на Банката е да постигне одредена рамнотежа помеѓу ризикот и повратот и да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти врз финансиското работење на Банката.

Управувањето со ризик во Банката се спроведува во согласност со воспоставените интерни политики и процедури кои ги земаат предвид локалната регулатива, упатствата на НЛБ Групацијата и соодветните добри банкарски практики. Покрај тоа, Банката постојано ги подобрува и надополнува постојните пристапи, методологии и процеси во сите сегменти за управување со ризик.

Ефикасното управување со ризик и капитал е клучно за долгорочно одржливо работење на Банката. Цврстата рамка за управување со ризик е сеопфатно интегрирана во процесите на донесување одлуки, управување и ублажување. Банката дава голема важност на културата на ризик и свеста за сите релевантни ризици.

Рамката за управување со ризик на Банката го поддржува донесувањето деловни одлуки на стратешко и оперативно ниво, сеопфатното управување и проактивното управување со ризикот вклучувајќи:

- изјава за апетит за ризик и насоки за стратегија за ризик;
- годишно разгледување на стратешките деловни цели, буџетирање и процес на планирање на капиталот;
- процес на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP) и процес на процена на адекватноста на интерната ликвидност (ILAAP);
- активности на планот за обнова;
- други внатрешни стрес-тестови и тековна анализа на ризик;
- регулаторно и внатрешно известување на раководството.

Поставеното управување и различните алатки за управување со ризик овозможуваат соодветен надзор на профилот на ризик на Банката. Покрај тоа, тие ги поддржуваат деловните активности и овозможуваат ефикасно управување со ризик инкорпорирајќи процедури за ескалација и различни мерки за ублажување кога е потребно.

а) Стратегии и процеси на управување со ризик

Клучна цел на управувањето со ризик на Банката е проактивно да управува, да ги проценува и да ги следи ризиците во рамките на Банката. Утврденото и холистичко разбирање на управувањето со ризик е вградено во целата организација, фокусирајќи се на идентификацијата на ризици во многу рана фаза, ефикасното управување со ризик и ублажување со цел да се обезбеди внимателно користење на својот капитал, соодветна структура на ликвидност и поврзаните заштитни слоеви за поддршка на финансиската стабилност на Банката.

Клучните упатства за управување со ризикот се дефинираат со апетитот за ризик и стратегијата за ризик имајќи го предвид деловниот модел на Банката, заснован на очекувана перспектива. Тие редовно се ревидираат и подобруваат. Стратегијата на Банката, насоките за апетит за ризик и стратегијата за ризик и клучните внатрешни политики – што се одобруваат од Управниот одбор и

3. Управување со ризици (продолжува)

Надзорниот одбор - ги одредуваат стратешките цели, упатствата за апетит за ризик и стратегија за ризик, пристапите и методологии за следење, мерење и управување со сите видови ризик со цел исполнување на внатрешните цели и сите надворешни барања. Покрај тоа, главните стратешки насоки за ризик се интегрираат во процесот на преглед на годишниот бизнис-план и буџетирање.

Банката планира разумен профил на ризик, оптимално користење на капиталот што претставува важен елемент на нејзината деловна стратегија и поврзаните среднорочни финансиски цели. Управувањето со кредитниот ризик, кој претставува најважна категорија на ризик во Банката, се концентрира на преземање умерен ризик - диверзифицирано кредитно портфолио, адекватен квалитет на кредитното портфолио, одржлив трошок на ризик, и обезбедување на оптимален повраг земајќи ги предвид преземените ризици. Што се однесува до ликвидносниот ризик, толеранцијата е умерена, додека активностите се насочени кон постојано обезбедување на соодветно ниво на ликвидност, како на краток, така и на долг рок. Банката ја ограничи изложеноста на распон од кредитен ризик, што произлегува од ризикот за проценка на портфолиото на должнички хартии од вредност како резерви на ликвидност, на умерено ниво. Основната ориентација на Банката во управувањето со ризикот од каматни стапки е да ги ограничи неочекуваните негативни влијанија врз приходите и капиталот, поради тоа, утврдена е умерена толеранција кон овој ризик. Што се однесува до пазарните и оперативните ризици, Банката ја следи ориентацијата дека ваквите ризици не смеат да влијаат значително врз нејзините активности. Толеранцијата кон другите типови ризик е умерена и се фокусира на минимизирање на нивните можни влијанија врз целото работење.

Еколошките, социјалните и ризиците од управувањето (ESG) не претставуваат нова категорија на ризик, туку повеќе отежнувачки фактор за видовите ризици, не само за кредитниот и оперативниот ризик. Групацијата ги интегрира и управува со нив во воспоставената рамка за управување со ризик. Управувањето со ESG-ризиците ги следи упатствата на Европската централна банка (ECB) и Европската банкарска асоцијација (EBA) со тенденција за сеопфатно интегрирање во сите релевантни процеси. Сè уште недостига достапност на податоци за ESG во регионот каде што работи НЛБ Групацијата. Сепак, Групацијата се стреми да добие релевантни податоци за клиентите како предуслов за адекватно одлучување и соодветно проактивно управување со ESG-ризиците.

Управувањето со ризик се фокусира на управување и ублажување на ризиците во согласност со апетитот за ризик и стратегијата за ризик на Банката, што претставува основа на рамката за управување со ризик на Банката. Во овие рамки, Банката го следи опсегот на мерење на ризик со цел да се осигури дека профилот на ризик на Банката е во согласност со нејзиниот апетит за ризик. За користењето на лимитите на ризик и потенцијалните отстапувања од лимитите и целните вредности се известуваат редовно соодветните одбори и/или Управниот одбор на Банката. Сеопфатниот Извештај за ризик се разгледува квартално од Надзорниот одбор. Покрај тоа, Банката има воспоставено системи за рано предупредување во различни области на ризик со намера да ги зајакне постојните внатрешни контроли и навремени реакции кога е потребно.

Заради ефикасен процес на намалување на ризикот, Банката применува единствен сет на стандарди за обезбедувањата за кредитирање на население и кредитирање на претпријатија, што претставува второстепен извор на отплата со цел ефикасно управување со кредитниот ризик и економично трошење на капиталот. Банката има систем за мониторинг и известување на обезбедувањата по објективна (пазарна) вредност во согласност со Меѓународните стандарди за процена (IVS). Прифатливоста на инструментот за обезбедување, по видови и стапки кои се однесуваат на разумните критериуми за кредитирање, е утврдена во внатрешните упатства за кредитирање. Принципите и правилата за намалување на кредитниот ризик во Банката се опишани подетално во делот Управување со кредитен ризик.

Банката воспостави сеопфатна рамка за стрес-тест и други системи за рано предупредување во различни области на ризик со намера да ги зајакне постојните внатрешни контроли и навремено да реагира кога е потребно. Стабилната и униформна програма за стрес-тестирања ги вклучува

3. Управување со ризици (продолжува)

сите материјални типови ризици и соодветна анализа на сценарија, според ранливоста на деловниот модел на Банката. Интегрирана е во апетитот за ризик, процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP), процесот на процена на адекватноста на интерната ликвидност (ILAAP) и планот за обновување со цел поддршка на проактивното управување со ризичниот профил на Банката, конкретно капиталот и ликвидносната позиција на база на очекувана основа. Покрај тоа, Банката извршува и обратни стрес-тестови со цел да го тестира својот максимален капацитет за обновување. Други делумни проценки за ризик се опфатени со анализата на чувствителност, заснована врз релевантни параметри на стрес, и интегрирани во процесот на поставување систем на лимити за управување со ризикот.

б) Структура и организација на управувањето со ризик

Банката воспостави три линии на одбрана во рамката со цел ефикасно управување со ризикот. Концептот на три линии на одбрана обезбедува јасна поделба на активностите и дефинира улоги и одговорности за управување со ризикот на различни нивоа во Банката. Управувањето со ризик во Банката делува како втора линија на одбрана, одговорна за соодветно управување, процена, следење и известување за ризиците во Банката.
Управувањето со ризикот се спроведува од Секторот за ризици, евалуација и контрола во Банката согласно со политиките одобрени од Надзорниот одбор. Одборот обезбедува писмени принципи за целокупното управување со ризик, како и пишани политики кои опфаќаат конкретни области, како што се кредитен ризик, девизен ризик, ризик од каматни стапки, ликвидносен ризик, оперативен ризик и други нефинансиски ризици. Покрај тоа, внатрешната ревизија е одговорна за независен преглед на управувањето со ризикот и контролното окружување.
Севкупно, организацијата и разграничувањето на надлежностите во структурата за управување со ризик на Банката е дизајнирана да спречи судир на интереси и да обезбеди транспарентен и документиран процес на одлучување, подложен на соодветен нагорен и надолен проток на информации. Управувањето со ризик во Банката е централизирано во компетентна линија за управување со ризик, што е специјализирана компетентна линија која опфаќа неколку професионални области, за кои Секторот за ризици, евалуација и контрола е одговорен во рамките на Банката и кој ги известува Одборот за средства и обврски (ALCO), Одборот за управување со ризик, Управниот одбор и Надзорниот одбор. Компетентната линија за управување со ризик го надгледува формулирањето и контролата на политиките за управување со ризик, поставувањето лимити, воспоставувањето методологии, надгледувањето на усогласувањето на политиките за управување со ризик во Банката, следењето на изложеноста на ризик на Банката и подготовката на надворешни и внатрешни извештаи. Покрај тоа, Банката ги известува за својата изложеност на ризик надлежните организациони единици во рамките на компетентната линија за управување со ризик во НЛБ д.д.

Следењето на ризикот во Банката е централизирано во независна и/или посебна организациска единица. Централизираното следење на ризиците има за цел да воспостави стандардизирани и системски пристапи за управување со ризик и, според тоа, сеопфатен преглед на Извештајот за финансиската состојба на Банката. Во согласност со политиките за управување со ризик на Банката, следењето на ризикот во Банката е одвоено од нејзиното раководство и/или деловната функција, со цел да се одржи објективноста потребна при процена на деловните одлуки. Организациската единица за управување со ризиците директно го известува Управниот одбор, кој поднесува извештај до Надзорниот одбор.

в) Мерење на ризик и системи за известување

Банката, како дел од НЛБ Групацијата, е усогласена со регулативата на Европската централна банка (ECB) и правилата утврдени од локалниот регулатор. Во однос на адекватноста на капиталот, Банката го применува стандардизираниот пристап кон кредитен, пазарен и оперативен ризик. Заради мерење на изложеноста кон кредитен, пазарен, ризик од каматна стапка, оперативен и нефинансиски ризик, покрај пропишаните регулативи, Банката користи внатрешни методологии и пристапи кои овозможуваат подетално следење и управување со

3. Управување со ризици (продолжува)

ризикот. Овие внатрешни методологии се усогласени со упатствата на Базел и Европската банкарска асоцијација (EBA), како и со локалната регулатива и најдобрите практики во банкарските методологии.

Што се однесува до известувањето за ризик, внатрешните упатства на Банката ги одразуваат, покрај внатрешните барања, и суштината и зачестеноста на известувањето што се бара од локалниот регулатор и НЛБ д.д. Известувањето за ризици се врши во форма на стандардизирани извештаи, во согласност со политиките за управување со ризик, основани врз разумни методологии за мерење и усогласување на изложеноста на ризици, соодветни бази на податоци и автоматизација на подготовка на извештаи, со што се обезбедува квалитет на извештаите и се намалува можноста за грешки.

г) Податоци и ИТ-систем

Повеќето податоци за ризик се пресметуваат и се чуваат во база на податоци (Data Warehouse). Податоците се собираат од трансакциски системи како извор и други системи на извор (на пр. главна книга). Воспоставениот процес обезбедува интегрирана информација во заедничката референтна структура, каде деловните корисници можат да пристапат во конзистентен и предметно ориентиран формат. Податоците редовно се проверуваат и потврдуваат. Податоците што се користат за проценка на внатрешниот ризик, управување и известување се исти со податоците што Банката ги користи за регулаторно известување.

д) Главен акцент на управувањето со ризик во 2022 година

Ефикасното управување со ризиците и капиталот е клучно за Банката да одржи долгорочно профитабилно работење. Банката дополнително ја зајакна стабилноста на својот систем за управување со ризик во сите соодветни категории на ризик со цел да управува со нив проактивно, сеопфатно и претпазливо. Идентификацијата на ризик во многу рана фаза, неговото ефикасно управување и соодветните процеси на ублажување претставуваат суштински чекори во таквиот систем. Деловната и оперативната околина релевантна за работењето на Банката се менува со трендовите како што се промена на однесувањето на клиентите, појава на нови технологии и конкуренти и зголемување на нови регулаторни барања. Треба да се земе предвид дека управувањето со ризик постојано се приспособува со цел да се откријат и да се управува со новите потенцијални ризици кои се појавуваат.

Кај кредитниот ризик освен редовната промена на параметрите на ризикот, нема други позначајни промени.

Имаше промена во пондерот кај ECL2 и ECL3 (за тешко сценарио се користи 30 % пондер, за благо сценарио се користи 10 % и за основно сценарио се користи 60 % пондер).

Исто така, системот за рано предупредување (EWS) за приватни лица, е воспоставен во 2022 година (почнувајќи од 30 јуни 2022 година).

Најважните видови ризик се кредитен ризик, ликвидносен ризик, пазарен ризик, каматен ризик, оперативен ризик и останати ризици. Останатите ризици вклучуваат репутациски ризик, стратегиски ризик, политички ризик, ризик од усогласеност со прописите итн.

Во стабилно каматно окружување, во првата половина од годината и подинамичната втора половина од годината со растечки променливи каматни стапки (и ЕУРИБОР и домашните променливи стапки), Банката се соочи со вишок на ликвидност, при што се посвети значително внимание на структурата и концентрацијата на резерви на ликвидност, вклучувајќи системи за рано предупредување, имајќи ги предвид потенцијалните негативни движења на пазарот. Исто така, во текот на 2022 година, капиталот и ликвидноста на Банката останаа силни, стоејќи над целниот профил на апетитот за ризик.

3. Управување со ризици (продолжува)

Исто така, голем акцент беше ставен на управувањето со оперативните ризици, каде Банката го следи упатството со цел таквиот ризик да не влијае значително врз нејзиното работење. Во 2022 година беа направени дополнителни напори во однос на проактивно ублажување, спречување и минимизирање на потенцијалните штети во иднина. Покрај тоа, клучните индикатори за ризик, служејќи како систем за рано предупредување за пошироко поле на оперативни ризици, беа дополнително зајакнати. Нивната надградба овозможува подетални информации за поефикасно планирање на мерките и управување со оперативниот ризик, ги подобрува постојните внатрешни контроли и овозможува навремено реагирање кога е потребно.

Банката е ангажирана за придонесување на одржливи финансии со инкорпорирање на еколошки, социјални и ризици од управување (ESG) во своите деловни стратегии, рамка за управување со ризик и аранжмани за внатрешно управување. Со усвојувањето на програмата за одржливост на НЛБ Групацијата, Банката имплементираше елементи на одржливост во својот деловен модел. Така, одржливите финансии ги интегрираат критериумите за ESG во деловните и инвестициските одлуки на Банката за трајна корист на клиентите на Банката и општеството. Комитетот за одржливост на НЛБ Групацијата ја надгледува интеграцијата на факторите на ESG во деловниот модел на НЛБ Групацијата. Управувањето со ESG-ризиците се однесува на целокупниот процес на одобрување на кредити на НЛБ Групацијата и поврзаното управување со кредитното портфолио. Ги следи упатствата на Европската централна банка (ECB) и Европската банкарска асоцијација (EBA) со тенденција за нивна сеопфатна интеграција во сите релевантни процеси. Достапноста на податоците за ESG во регионот каде што работи НЛБ Групацијата сè уште недостасува, но сепак, Банката се стреми да добие релевантни податоци за клиентите како предуслов за соодветно одлучување. Дополнително, Банката внимателно ги разгледува потенцијалните ризици за угледот и одговорноста кои би можеле да произлезат од одржливото финансирање на нејзините клиенти.

3.1 Управување со кредитен ризик

а) Вовед

Во своето работење, Банката е изложена на кредитен ризик или ризик од загуби како резултат на неподмирување на обврските кон Банката од страна на должникот. Од таа причина, Банката проактивно и сеопфатно го следи и проценува гореспоменатиот ризик. Во тој процес, Банката ги следи Меѓународните стандарди за финансиско известување, регулативите издадени од НБРСМ и упатствата од ЕБА. Оваа област подетално се уредува со внатрешните методологии и процедури утврдени во интерните акти.

Банката управува со кредитниот ризик на две нивоа: на ниво на индивидуален клиент/група клиенти, каде соодветните процедури се следат во различни фази на врската со клиентот пред, за време и по склучување на договор. Пред склучување на договор, се проценува успешноста на клиентот, финансиската состојба и минатата соработка со Банката. Исто така, важно е да се обезбеди висок квалитет на обезбедувањето, иако тоа не влијае на кредитниот рејтинг на клиентот. Ова е проследено со различни форми на следење на клиентот, особено во процена на неговата способност да генерира доволно парични текови за редовно намирување на своите обврски и договорните обврски.

Потребниот капитал за кредитен ризик се пресметува според Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот, Службен весник 167/20.

Што се однесува до ова откривање на ризиците, важно е редовно следење на клиентите во рамките на системот за рано предупредување (EWS). Заради сеопфатна објективна процена на работењето на клиентот, развиени се интерни модели за бодување.

Квалитетот на кредитното портфолио, вклучително и билансната и вонбилансната изложеност, активно се следи и анализира на ниво на целокупното портфолио на Банката. Сеопфатни анализи редовно се вршат во однос на сегментацијата на клиентите, структурата на кредитен

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

рејтинг, заостанати долгови и/или обем на нефункционални побарувања, побарувања во Група 2, покритие со дополнителни кредитни загуби, примени обезбедувања, концентрации кои произлегуваат од група поврзани клиенти и концентрации во индустријата, изложеност кон валута и други индикатори на ризици во кредитното портфолио. Големо внимание се посветува на редовното следење на нови зделки и други промени или трендови, со акцент на рано откривање на зголемени ризици и нивна оптимизација во однос на профитабилноста. Банката соодветно го диверзифицира своето портфолио за да ги намали конкретните компоненти на кредитен ризик (т.е. ризикот што произлегува од работењето со конкретен клиент, сектор, позиции во финансиски инструменти или други конкретни настани).
Зголемен акцент е ставен на стрес-тестовите кои ги предвидуваат влијанијата на негативните макроекономски движења врз портфолиото, на ниво на исправки на вредноста и посебна резерва и на адекватноста на капиталот.

Банката го проценува нивото на загуби од кредитен ризик на индивидуална основа за материјални побарувања, и на групно ниво за остатокот од портфолиото. Индивидуален преглед се врши за материјалните финансиски средства од Група 3, кои се оценети како нефункционални, врз основа на информациите за значителни финансиски проблеми со кои се соочува клиентот, во врска со кршење на договорните обврски, како што се заостанати долгови во намирувањето на обврските, без оглед дали финансиските средства ќе бидат реструктурирани од економски или правни причини и веројатноста клиентот да започне стечајна постапка или финансиска реорганизација. Очекуваните идни парични текови (од обично работење и можниот откуп на обезбедување) се проценуваат по индивидуален преглед. Ако нивната дисконтирана вредност се разликува од книговодствената вредност на соодветното финансиско средство, исправка на вредност мора да се признае. За остатокот од портфолиото се прават групни исправки на вредност што не се проценува на индивидуална основа. Врз основа на барањата на МСФИ9, финансиските средства вреднувани по амортизирана набавна вредност се припишуваат на соодветната група, врз основа на проценетото зголемување на кредитниот ризик на изложеноста по првичното признавање.

Групата на финансиските средства одредува дали треба да се земе предвид очекуваната загуба на кредитот за 12 месеци или за целото времетраење на кредитот. Пресметката на очекуваната кредитна загуба се заснова на веројатноста за ненаплата и загубата поради неисполнување на обврската, која се пресметува со користење на историски податоци и статистичко моделирање, како и предвидени макроекономски параметри. За вонбилансните финансиски средства, веројатноста за отплата на изложености се зема предвид при креирање на групни исправки на вредност. Моделите што се користат за процена на идните параметри на ризик, се потврдуваат и тестираат од НЛБ д.д. на редовна основа.

Управувањето со ESG-ризиците се однесува на целокупниот процес на одобрување пласмани во Банката и поврзаното управување со кредитното портфолио. Одржливото финансирање се спроведува преку применета документарна рамка дефинирана во:

- Политика за кредитирање на нефинансиските друштва во НЛБ Банка АД Скопје каде во посебната глава Еколошка и социјална рамка се дефинирани три категории (забранети, ограничени, нормални активности);
- Рамковна политика за еколошки и социјални аспекти во НЛБ Банка АД Скопје се применува на одредени трансакции со најголем потенцијал за значително еколошко и социјално влијание (листа на исклучување, проверка на усогласеноста со локалната законска регулатива, листа за категорија А-проекти);
- Рамковна методологија за класификација според еколошките и социјалните аспекти во НЛБ Банка АД Скопје која обезбедува водич за типичното ниво на инхерентен еколошки и социјален ризик според шифрите од Националната класификација на дејностите (НКД).

Покрај решавањето на ESG-ризиците во сите релевантни фази од процесот на одобрување кредити, релевантните критериуми за ESG се земени предвид и во процесот на евалуација на колатералот. На ниво на портфолио, Групацијата не се соочува со некоја голема концентрација кон специфичните индустриски сектори изложени на климатски ризик согласно со

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

Номенклатурата на економски активности (NACE), при што улогата на транзицискиот ризик е попреовладувачка. Достапноста на податоци за ESG во регионот каде што работи НЛБ Групацијата сè уште недостасува, но сепак Групацијата се стреми да добие релевантни податоци за клиентите како предуслов за соодветно одлучување.

б) Главен акцент во 2022 година

Новите исплати беа претежно кон клиенти со оцена А и Б. Индивидуалните прегледи на корпорациите, како и макроекономските претпоставки беа вградени во пресметката на резервациите согласно со МСФИ 9, што придонесе за еднократно зголемување на групните резервации. На 31 декември 2022 нефункционалните побарувања (54,5 милиони евра или 3.360 милиони денари) и трошокот за ризик изнесува 20 базични поени (2021: -27 базични поени).

На 30 јуни 2022 година, нови вредности за веројатноста за ненаплата (PD) се добиени од НЛБ д.д. за следните 3 години врз основа на долгорочни рејтинзи за корпоративниот сегмент и краткорочни рејтинзи за сегментот домаќинства (за претходна година - краткорочен рејтинг за целото портфолио).

Освен регуларната промена на ризичните параметри, нема други значајни промени.
Имаше промена во пондерот на ECL2 и ECL3 (за тешко сценарио се користи 30 % пондер, за благо сценарио се користи 10 % и за основно сценарио се користи 60 % пондер). Пред промената за тешко и благо сценарио се користеше 20 % пондер, а за основно сценарио се користеше 60 % пондер.
Исто така, системот за рано предупредување (EWS) за приватни лица е воспоставен во 2022 година (почнувајќи од 30 јуни 2022 година).

в) Максимална изложеност на кредитен ризик

	31.12.2022	31.12.2021
Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	18.068.674	15.118.573
Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	5.034.419	7.173.951
Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност	-	-
- должнички хартии од вредност	12.500.382	12.827.964
- кредити на држава	677	232
- кредити на банки	1.501.596	2.812.159
- кредити на финансиски институции	143.831	160.746
- кредити на физички лица	45.838.278	42.121.443
- кредити на останати комитенти	26.130.616	24.425.660
- останати финансиски средства	1.843.467	1.519.621
Вкупно нето финансиски средства	**111.061.940**	**106.160.349**
Гаранции	8.461.361	8.223.997
Преземени обврски за кредитирање	4.210.767	4.292.763
Останати потенцијални обврски	794.516	1.606.862
Вкупно потенцијални обврски	**13.466.644**	**14.123.622**
Вкупно максимална изложеност на кредитен ризик	**124.528.584**	**120.283.971**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

Максимална изложеност на кредитен ризик е приказ на изложеноста на Банката на кредитен ризик одделно, по посебни видови финансиски средства и потенцијални обврски. Изложеноста наведена во горната табела е прикажана за состојбите од Извештајот за финансиска состојба според нивната нето-сметководствена вредност, како што се прикажани во Извештајот за финансиската состојба, а за вонбилансните ставки во висина на нивната номинална вредност.

Во ставката „Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки“ е вклучена готовина во износ од 2.812.622 илјади денари (2021: 3.205.387 илјади денари) што не претставува изложеност на кредитен ризик.

г) Обезбедување од финансиски средства што се кредитно оштетени

	Целосно/повеќе обезбедени финансиски средства		Финансиски средства кои немаат или кои не се целосно покриени со обезбедување	
31.12.2022	**Нето вредност на кредити и побарувања**	**Објективна вредност на обезбедувањето**	**Нето вредност на кредити и побарувања**	**Објективна вредност на обезбедувањето**
Финансиски средства по амортизирана набавна вредност				
- кредити на физички лица	180.811	821.293	83.460	7.471
- кредити на други комитенти	484.729	4.290.357	229.539	472.581
- останати финансиски средства	627	328.204	4.024	1.051
Вкупно	**666.167**	**5.439.854**	**317.023**	**481.103**

	Целосно/повеќе обезбедени финансиски средства		Финансиски средства кои немаат или кои не се целосно покриени со обезбедување	
31.12.2021	**Нето вредност на кредити и побарувања**	**Објективна вредност на обезбедувањето**	**Нето вредност на кредити и побарувања**	**Објективна вредност на обезбедувањето**
Финансиски средства по амортизирана набавна вредност				
- кредити на физички лица	302.654	1.058.611	229.598	10.285
- кредити на други комитенти	760.539	4.811.756	173.799	455.117
- останати финансиски средства	1.940	299.090	15.159	359
Вкупно	**1.065.133**	**6.169.457**	**418.556**	**465.761**

д) Политика за заштита на кредити

Банката применува единствен сет на стандарди за обезбедување на кредити на население и на претпријатија, во согласност со регулаторните барања. Главниот документ со кој се регулираат обезбедувањата за кредитите во Банката е Политиката за обезбедувања по кредити. Политиката е донесена од Надзорниот одбор на Банката. Политиката ги претставува основните принципи што вработените мора да ги земат предвид при потпишување, процена, следење и известување на обезбедувањата, со цел кредитниот ризик да се намали. Пазарната вредност на недвижниот и подвижниот имот што се користи како обезбедување се добива од извештаите за процена од лиценцирани проценители. Пазарната вредност на финансиските инструменти во сопственост на Банката се добива од организираниот пазар - како што е берзата за котирани финансиски инструменти или утврдени во согласност со интерна постапка за некотирани финансиски инструменти.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

Банката добива проценки од сертифицирани внатрешни и надворешни проценители, кои ги имаат потребните лиценци. Проценките мора да се направат во согласност со меѓународните стандарди за вреднување. Кога се стекнува обезбедувањето, Банката ги следи интерните регулативи со кои се дефинираат минималните стапки на сигурност или залог. Банката се обидува да добие обезбедување со поголема вредност од основната изложеност (во зависност од рејтингот на кредитопримателот, доспевањето на кредитот и сл.) со цел да ги намали негативните последици како резултат на поголемите промени во пазарните цени на средствата што се користат како обезбедување.

Ако недвижен имот, подвижен имот и финансиски инструменти служат како обезбедување, заложното право на Банката за таквите средства треба да биде од највисок ранг. Исклучително, кога вредноста на хипотеката на недвижен имот е доволно голема, заложното право може да има друг редослед на приоритет.
Банката ја следи вредноста на обезбедувањето за време на периодот на отплата на кредитот во согласност со задолжителните периоди и интерните упатства.

ѓ) Главните видови на обезбедувања кои се прифаќаат од Банката

Банката прифаќа различни форми на материјални и лични обезбедувања како обезбедување за кредит. Материјалното обезбедување за кредит дава право во случај кога должникот (кредитопримателот) не ги исполнува своите договорни обврски, да се продаде конкретен имот со цел наплата на побарувањата, задржува конкретен безготовински имот или готовина, намалува или нетира износ на изложеност спрема долгот на договорната страна кон Банката. Лично обезбедување за кредит е метод за намалување на кредитен ризик при што трета страна се обврзува да го плати долгот во случај примарниот должник (кредитопримателот) да не ја исполни обврската. Кредитите многу често се обезбедуваат со комбинација на видови на обезбедување. Општите препораки за обезбедување на кредити се наведени во интерните упатства и ги содржат елементите наведени подолу. Одлуката за видот на обезбедувањето и покриеноста на кредитот со обезбедување зависи од кредитоспособноста на клиентот (кредитен рејтинг), доспевањето на кредитот и варира во зависност од тоа дали кредитот е доделен на физичко лице или на претпријатие.

е) Процена на ризик на обезбедување

Кредитниот ризик на клиент/договорна страна е клучен параметар за одлучување при одобрување на изложеност. Обезбедувањето е второстепен извор на отплата и затоа одлуките за одобрување на изложеност не треба пред сè да се засноваат на обезбедувањето.
Сепак, обезбедувањето е важен елемент за олеснување во процесот на одобрување и во зависност од кредитниот рејтинг на клиентот, предуслов. Банката ги има пропишано минималните соодноси помеѓу вредноста на обезбедувањето и износот на кредитот, во зависност од видот на обезбедувањето и рејтингот на клиентот. Соодносите се засноваат на упатства од искуство и регулаторни упатства.
Банката посветува особено внимание на внимателно следење на објективната вредност на обезбедувањето и на редовни и независни вреднувања применувајќи ги Меѓународните стандарди за процена. Преку детално испитување на сите примени обезбедувања, Банката се осигурува дека се зема предвид само обезбедувањето од кое реално може да се очекува плаќање доколку се ликвидира.
Банката има најголема концентрација на обезбедувања кои произлегуваат од хипотека на недвижен имот, што е релативно сигурен и квалитетен вид обезбедување, меѓутоа, меѓу другото поради падот на цените на пазарот на недвижности во последно време, Банката внимателно ги следи вредностите на обезбедувањето на недвижностите и, доколку е потребно, воспоставува поголеми износи на исправки на вредноста и резервации за нефункционални кредити обезбедени со недвижен имот, засновани на проценети намалувања на вредноста на недвижностите што се очекува да бидат остварени при продажба (очекувана наплата од обезбедување).

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

ж) Анализа на кредитниот квалитет на финансиските средства и потенцијални обврски

31.12.2022	12-месечни ОКЗ	ОКЗ за целиот животен век не кредитно оштетени	ОКЗ за целиот животен век кредитно оштетени	Набавени кредитно оштетени финансиски средства	Вкупно
Должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност					
А	1.774.682	-	-	-	**1.774.682**
Б	10.776.292	-	-	-	**10.776.292**
В	-	-	-	-	**-**
Г и Д	-	-	-	-	**-**
Исправка на вредноста	(50.592)	-	-	-	**(50.592)**
Сметководствена вредност	12.500.382	-	-	-	**12.500.382**
Кредити на и побарувања од банки по амортизирана набавна вредност					
А	185.625	-	-	-	**185.625**
Б	1.316.499	-	-	-	**1.316.499**
В	-	-	-	-	**-**
Г и Д	-	-	-	-	**-**
Исправка на вредноста	(528)	-	-	-	**(528)**
Сметководствена вредност	1.501.596	-	-	-	**1.501.596**
Кредити на и побарувања од комитенти по амортизирана набавна вредност					
А	48.315.232	1.176.216	-	-	**49.491.448**
Б	19.630.408	1.222.388	-	-	**20.852.796**
В	394.225	1.935.873	-	-	**2.330.098**
Г и Д	-	-	3.360.062	-	**3.360.062**
Исправка на вредноста	(1.133.054)	(406.425)	(2.381.523)	-	**(3.921.002)**
Сметководствена вредност	67.206.811	3.928.052	978.539	-	**72.113.402**
Останати финансиски средства по амортизирана набавна вредност					
А	438.218	1.722	-	-	**439.940**
Б	1.387.237	5.079	-	-	**1.392.316**
В	885	11.994	-	-	**12.879**
Г и Д	-	-	44.940	-	**44.940**
Исправка на вредноста	(5.396)	(923)	(40.289)	-	**(46.608)**
Сметководствена вредност	1.820.944	17.872	4.651	-	**1.843.467**
Должнички хартии од вредност по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка					
А	-	-	-	-	**-**
Б	4.908.087	-	-	-	**4.908.087**
В	-	-	-	-	**-**
Г и Д	-	-	-	-	**-**
Исправка на вредноста	(19.507)	-	-	-	**(19.507)**
Потенцијални обврски					
А	6.513.415	76.272	-	-	**6.589.687**
Б	6.267.514	142.527	-	-	**6.410.041**
В	168.581	138.772	-	-	**307.353**
Г и Д	-	-	159.563	-	**159.563**
Исправка на вредноста	(171.053)	(21.217)	(88.467)	-	**(280.737)**
Сметководствена вредност	12.778.457	336.354	71.096	-	**13.185.907**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

31.12.2021	12-месечни ОКЗ	ОКЗ за целиот животен век не кредитно оштетени	ОКЗ за целиот животен век кредитно оштетени	Набавени кредитно оштетени финансиски средства	Вкупно
Должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност					
А	-	-	-	-	**-**
Б	12.893.380	-	-	-	**12.893.380**
В	-	-	-	-	**-**
Г и Д	-	-	-	-	**-**
Исправка на вредноста	(65.416)	-	-	-	**(65.416)**
Сметководствена вредност	12.827.964	-	-	-	**12.827.964**
Кредити на и побарувања од банки по амортизирана набавна вредност					
А	877.229	-	-	-	**877.229**
Б	1.937.007	-	-	-	**1.937.007**
В	-	-	-	-	**-**
Г и Д	-	-	-	-	**-**
Исправка на вредноста	(2.077)	-	-	-	**(2.077)**
Сметководствена вредност	2.812.159	-	-	-	**2.812.159**
Кредити на и побарувања од комитенти по амортизирана набавна вредност					
А	43.750.253	510.318	17.088	-	**44.277.659**
Б	19.226.885	837.707	1.933	-	**20.066.525**
В	528.956	1.721.019	152.058	-	**2.402.033**
Г и Д	-	-	3.675.379	-	**3.675.379**
Исправка на вредноста	(985.737)	(347.924)	(2.379.854)	-	**(3.713.515)**
Сметководствена вредност	62.520.357	2.721.120	1.466.604	-	**66.708.081**
Останати финансиски средства по амортизирана набавна вредност					
А	269.252	1.030	25	-	**270.307**
Б	1.219.111	3.785	5	-	**1.222.901**
В	828	14.624	4	-	**15.456**
Г и Д	-	-	40.162	-	**40.162**
Исправка на вредноста	(5.118)	(995)	(23.092)	-	**(29.205)**
Сметководствена вредност	1.484.073	18.444	17.104	-	**1.519.621**
Должнички хартии од вредност по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка					
А	1.197.057	-	-	-	**1.197.057**
Б	5.851.859	-	-	-	**5.851.859**
В	-	-	-	-	**-**
Г и Д	-	-	-	-	**-**
Исправка на вредноста	(23.320)	-	-	-	**(23.320)**
Потенцијални обврски					
А	7.105.051	32.764	406	-	**7.138.221**
Б	6.226.127	119.014	-	-	**6.345.141**
В	205.659	288.525	3	-	**494.187**
Г и Д	-	-	146.073	-	**146.073**
Исправка на вредноста	(204.331)	(27.335)	(76.048)	-	**(307.714)**
Сметководствена вредност	13.332.506	412.968	70.434	-	**13.815.908**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

Банката ја заснова класификацијата на кредитниот рејтинг на клиентите на методологија за рејтинг, која вклучува униформна кредитна скала за оценување од 12 рејтинг-класи, од кои девет претставуваат редовни клиенти и три нефункционални клиенти.
Рејтинг-групата А (рејтинг-класи ААА до А) ги вклучува најдобрите клиенти со низок степен на веројатност за неисполнување на обврската, карактеризирана со голема адекватност на капиталот и голема покриеност на финансиските обврски со слободен паричен тек. Рејтинг-групата А се смета за класификација на инвестициска оцена.

Рејтинг-групата Б (рејтинг-класи ББББ до Б) вклучува клиенти со низок кредитен ризик, една класа повисоко од клиентите од А рејтинг-групата. Овие клиенти покажуваат стабилни перформанси, прифатливи финансиски коефициенти и квалитативни елементи и имаат доволен паричен тек за да ги намират своите обврски, но тие се почувствителни на промените во индустријата или економијата. Класификацијата на рејтинг-групата Б е инвестициска оцена за ББББ и „инвестирај со грижа“ за ББ и Б.

Рејтинг-групата В (рејтинг-класи ВВВ до В) вклучува клиенти кои се изложени на повисоко и натпросечно ниво на кредитен ризик. Понекогаш Банката ги финансира клиентите со рејтинг ВВВ, бидејќи поддршката носи повеќе позитивни влијанија, сепак, рејтинг-групата В се смета за значителен ризик. Банката разумно ја ограничува соработката со таквите клиенти и ја намалува изложеноста кон нив.

Рејтинг-групата Г, (рејтинг-класи Г и ГФ) и Д претставуваат нефункционални клиенти, кои се третираат дека не ги исполниле обврските.
Клиентите класифицирани со рејтинг Г, ГФ и Д обично се пренесуваат на специјализираните единици за реструктурирање (кои вршат деловно и финансиско реструктурирање со цел да се минимизираат загубите и клиентот да се врати во статус редовен) или постапка на решавање на долгот и правна поддршка (со цел да се минимизираат загубите заради неисполнување на обврските).

з) Преглед на модифицирани и реструктурирани кредити

Од гледна точка на управување со ризик, штом средството е реструктурирано или модифицирано, Службата за управување со кредитни ризици на Банката продолжува да ја следи изложеноста сè додека не биде целосно депризнаена.

Табелата подолу вклучува средства од Група 2 и 3 кои биле модифицирани и, според тоа, се третирале како реструктурирани во текот на периодот, со соодветна модификациона загуба претрпена од страна на Банката.

	2022			2021		
	Група 2	**Група 3**	**Вкупно**	**Група 2**	**Група 3**	**Вкупно**
Амортизирана вредност на финансиските средства модифицирани во текот на периодот	-	29.596	**29.596**	4.818	251.251	**256.069**
Нето модификациони загуби (белешка 16)	-	(148)	**(148)**	(113)	(10.706)	**(10.819)**

Банката нема модифицирани финансиски средства за кои исправката на вредноста се сменила на 12-месечна очекувана кредитна загуба (ECL) во текот на периодот.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

Следните табели даваат резиме на реструктурираните кредити на Банката.

	Сите реструктурирани кредити			Оштетување, резервации и прилагодување на вредноста		
31.12.2022	**Вкупно**	**Редовни**	**Нефункци-онални**	**Редовни реструктуирани изложености**	**Нефункционални реструктуирани изложености**	**Обезбедување и финансиски гаранции добиени за реструктуирани кредити**
Кредити на и побарувања (вклучувајќи ги по амортизирана набавна вредност и по објективна вреднот)	**1.665.606**	**598.239**	**1.067.367**	**(144.790)**	**(714.346)**	**3.758.409**
- физички лица	**157.822**	99.380	58.442	(42.356)	(25.297)	200.894
- нефинансиски институции	**1.507.784**	498.859	1.008.925	(102.434)	(689.049)	3.557.515
Останати финансиски средства	**843**	**843**	**-**	**(723)**	**-**	**1.063**
Вкупна изложеност со мерки за реструктуирање	**1.666.449**	**599.082**	**1.067.367**	**(145.513)**	**(714.346)**	**3.759.472**

	Сите реструктурирани кредити			Оштетување, резервации и прилагодување на вредноста		
31.12.2021	**Вкупно**	**Редовни**	**Нефункци-онални**	**Редовни реструктуирани изложености**	**Нефункционални реструктуирани изложености**	**Обезбедување и финансиски гаранции добиени за реструктуирани кредити**
Кредити и побарувања (вклучувајќи ги по амортизирана набавна вредност и по објективна вреднот)	**2.042.727**	**728.907**	**1.313.820**	**(144.070)**	**(843.240)**	**3.987.878**
- физички лица	**150.071**	71.377	78.694	(15.495)	(30.399)	192.223
- нефинансиски институции	**1.892.656**	657.530	1.235.126	(128.575)	(812.841)	3.795.655
Останати финансиски средства	**946**	**946**	**-**	**(846)**	**-**	**139.060**
Вкупна изложеност со мерки за реструктуирање	**2.043.673**	**729.853**	**1.313.820**	**(144.916)**	**(843.240)**	**4.126.938**

Реструктурирани изложености по период на реструктурирање

31.12.2022	**До 3 месеци**	**Од 3 до 6 месеци**	**Од 6 до 12 месеци**	**Над 12 месеци**
Редовна изложеност	22.218	1.701	2.345	427.305
Нефункционални изложености	79.127	-	2.636	271.258
Вкупна изложеност со мерки за реструктуирање	**101.345**	**1.701**	**4.981**	**698.563**

31.12.2021	**До 3 месеци**	**Од 3 до 6 месеци**	**Од 6 до 12 месеци**	**Над 12 месеци**
Редовна изложеност	139.709	41.912	171.823	231.493
Нефункционални изложености	(1)	94.378	93.672	282.531
Вкупна изложеност со мерки за реструктуирање	**139.708**	**136.290**	**265.495**	**514.024**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

Реструктурирани изложености по група

31.12.2022	Бруто износ на реструктурирани кредити			Очекувана кредитна загуба		
	Група 2	Група 3	Вкупно	Група 2	Група 3	Вкупно
- домаќинства	99.380	58.442	157.822	42.356	25.297	67.653
- нефинансиски организации	446.050	1.061.734	1.507.784	77.511	713.972	791.483
Вкупно реструктурирани кредити	**545.430**	**1.120.176**	**1.665.606**	**119.867**	**739.269**	**859.136**

31.12.2021	Бруто износ на реструктурирани кредити			Очекувана кредитна загуба		
	Група 2	Група 3	Вкупно	Група 2	Група 3	Вкупно
- домаќинства	32.630	117.441	150.071	15.386	30.169	45.554
- нефинансиски организации	439.631	1.453.025	1.892.656	95.921	844.847	940.768
Вкупно реструктурирани кредити	**472.261**	**1.570.466**	**2.042.727**	**111.306**	**875.016**	**986.322**

Главните реструктурирани мерки, што ги користи Банката, се одложување на плаќањето, намалување на каматните стапки, стекнување обезбедување за делумно враќање на побарувањата и други, било како поединечни реструктурирани мерки, или како комбинација на повеќе.

s) Анализа на кредити и побарувања по индустриски сектори

Индустриски сектор	31.12.2022				31.12.2021			
	Бруто кредити	Резервации	Нето кредити	(%)	Бруто кредити	Резервации	Нето кредити	(%)
Банки	1.502.124	(528)	1.501.596	1,99%	2.814.236	(2.077)	2.812.159	3,96%
Финансии	144.032	(201)	143.831	0,19%	161.989	(1.243)	160.746	0,23%
Електрична енергија, гас и вода	1.007.946	(129.749)	878.197	1,16%	1.058.257	(159.840)	898.417	1,26%
Градежна индустрија	3.365.957	(376.146)	2.989.811	3,96%	3.837.581	(319.008)	3.518.573	4,95%
Тешка индустрија	8.186.874	(467.741)	7.719.133	10,23%	6.510.829	(636.646)	5.874.183	8,27%
Образование	63.509	(22.083)	41.426	0,05%	68.478	(23.962)	44.516	0,06%
Земјоделство, шумарство и риболов	688.970	(21.316)	667.654	0,88%	790.001	(33.930)	756.071	1,06%
Јавен сектор	794	(123)	671	0,00%	268	(65)	203	0,00%
Потрошувачи	47.304.731	(1.466.458)	45.838.273	60,75%	43.201.396	(1.079.956)	42.121.440	59,29%
Рударство	94.313	(19.506)	74.807	0,10%	159.217	(4.390)	154.827	0,22%
Претприемачи	-	-	-	0,00%	-	-	-	0,00%
Услуги	3.830.799	(434.442)	3.396.357	4,50%	4.241.769	(481.515)	3.760.254	5,29%
Транспорт и комуникации	2.072.803	(129.342)	1.943.461	2,58%	1.307.577	(159.190)	1.148.387	1,62%
Трговска индустрија	9.087.859	(841.174)	8.246.685	10,93%	8.890.788	(801.034)	8.089.754	11,39%
Здраствена заштита и социјална сигурност	185.817	(12.721)	173.096	0,23%	193.446	(12.736)	180.710	0,25%
Останати финансиски средства	1.890.075	(46.608)	1.843.467	2,44%	1.548.826	(29.205)	1.519.621	2,14%
Вкупно	**79.426.603**	**(3.968.138)**	**75.458.465**	**100,00%**	**74.784.658**	**(3.744.797)**	**71.039.861**	**100,00%**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

и) Анализа на кредити и побарувања по географски сектори

Земја	31.12.2022	31.12.2021
Република Северна Македонија	73.891.650	68.447.700
Членки на Европска унија	1.239.366	1.564.796
Останати земји	327.449	1.027.365
Вкупно	**75.458.465**	**71.039.861**

Ставката „Останати земји“ главно вклучува изложеност кон Република Србија и Соединетите Американски Држави.

3.1.1 Должнички инструменти, благајнички записи и други записи

Табелата подолу претставува анализа на должнички хартии од вредност, благајнички записи и други записи. За 2022 година издавачи на хартиите од вредност се Народната банка на Република Северна Македонија, Република Северна Македонија, Сојузна Република Германија и Соединетите Американски Држави.
Анализата на должничките инструменти, благајничките записи и друг вид записи е прикажана во белешките 21 и 23. „Standard & Poor's Ratings Services“ утврди долгорочен/краткорочен рејтинг „ББ-/Б“ за странска и домашна валута со стабилен изглед, додека „Fitch’s Rating Agency“ утврди „ББ+“ долгорочен рејтинг за домашна и странска валута со негативен изглед и краткорочен рејтинг „Б“ за странска и домашна валута со негативен изглед.

31.12.2022	Финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	Финансиски средства по амортизирана набавна вредност	Вкупно
Народна Банка на Република Северна Македонија	1.187.640	-	1.187.640
Република Северна Македонија	3.720.447	10.725.823	14.446.270
Земји членки на ЕУ			
- Сојузна Република Германија	-	917.441	917.441
Соединети Американски Држави	-	857.118	857.118
Вкупно	**4.908.087**	**12.500.382**	**17.408.469**

31.12.2021	Финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	Финансиски средства по амортизирана набавна вредност	Вкупно
Народна Банка на Република Северна Македонија	1.725.827	-	1.725.827
Република Северна Македонија	4.121.154	12.827.964	16.949.118
Земји членки на ЕУ			
- Република Ирска	585.983	-	585.983
- Кралство Шпанија	615.952	-	615.952
Вкупно	**7.048.916**	**12.827.964**	**19.876.880**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)

3.1.2 Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Во текот на 2022 и 2021 година, Банката се стекна со средства преку преземање на колатерал чуван како обезбедување:

	Сметководствена вредност	
Природа на средствата	**2022**	**2021**
Земјиште	4.163	93
Градежни објекти	52.412	99
Опрема	246	37
Вкупно (Белешка 28)	**56.821**	**229**

Преземените средства вклучуваат земјиште, градежни објекти и опрема што не се користи од страна на Банката за нејзината основна дејност. Преку преземањето на средствата, Банката ги намалува нефункционалнте побарувања. Недвижностите со кои Банката се стекнала, се продаваат веднаш штом е изводливо тоа.

3.1.3 Презентација на нето-финансиските инструменти според класификациона категорија

31.12.2022	**Финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка**	**Финансиски средства по амортизирана набавна вредност**	**Вкупно**
Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	-	18.068.674	**18.068.674**
Хартии од вредност	**5.034.419**	**12.500.382**	**17.534.801**
- обврзници	3.720.447	10.725.823	**14.446.270**
- акции	126.332	-	**126.332**
- записи	1.187.640	1.774.559	**2.962.199**
Кредити и побарувања	**-**	**73.614.998**	**73.614.998**
- кредити на држава	-	677	**677**
- кредити на банки	-	1.501.596	**1.501.596**
- кредити на финансиски институции	-	143.831	**143.831**
- кредити на физички лица	-	45.838.278	**45.838.278**
- кредити на останати комитенти	-	26.130.616	**26.130.616**
Останати финансиски средства	-	1.843.467	**1.843.467**
Вкупно финансиски средства	**5.034.419**	**106.027.521**	**111.061.940**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.1 Управување со кредитен ризик (продолжува)
3.1.3 Презентација на нето финансиските инструменти според класификациона категорија (продолжува)

31.12.2021	Финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	Финансиски средства по амортизирана набавна вредност	Вкупно
Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	-	15.118.573	**15.118.573**
Хартии од вредност	**7.173.951**	**12.827.964**	**20.001.915**
- обврзници	4.737.106	12.233.141	**16.970.247**
- акции	125.035	-	**125.035**
- записи	2.311.810	594.823	**2.906.633**
Кредити и побарувања	**-**	**69.520.240**	**69.520.240**
- кредити на држава	-	232	**232**
- кредити на банки	-	2.812.159	**2.812.159**
- кредити на финансиски институции	-	160.746	**160.746**
- кредити на физички лица	-	42.121.443	**42.121.443**
- кредити на останати комитенти	-	24.425.660	**24.425.660**
Останати финансиски средства	-	1.519.621	**1.519.621**
Вкупно финансиски средства	**7.173.951**	**98.986.398**	**106.160.349**

3.2 Пазарен ризик

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарните цени, како што се каматни стапки, цени на капиталот, девизни курсеви и кредитни распони (што не се однесуваат на промени на кредитната стабилност на должникот/издавачот) или во параметри кои влијаат на цените (променливост и корелации), кои ќе влијаат врз приходот на Банката или на вредноста на нејзините удели во финансиски инструменти. Загубите можат директно да влијаат на добивката или загубата, на пример, во случај на позициите од трговската книга. Сепак, за финансиските средства класифицирани по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, пазарните загуби на вредноста се одразуваат во ревалоризациските резерви. Изложеноста кон пазарен ризик е до одреден степен интегрирана во банкарската индустрија и нуди можност за создавање финансиски резултати и вредност. Целта на управувањето со пазарниот ризик е да управува и контролира изложеност кон пазарен ризик во рамките на прифатливи параметри, истовремено оптимизирајќи го повратот на ризик.

Секторот за ризици, евалуација и контрола е независен од активностите за тргување. Изложеноста и ограничувањата се следат секојдневно и редовно се пријавуваат до Одборот за средства и обврски (ALCO) и другите релевантни тела надлежни за одлучување.

Банката користи широк избор на квантитативни и квалитативни алатки за мерење, управување и известување на пазарните ризици како што се ризична вредност (Value at risk), анализа на чувствителност, стрес-тест, сценарија на ретроактивно тестирање, други олеснувачи на пазарен ризик (концентрација на изложености, ограничувања на јазот и др.), чувствителност на нето-приход од камата, економска вредност на капиталот и економски капитал. Стрес тестот-дава индикација за можните загуби што можат да се појават во тешки пазарни услови.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)

Во областа на валутниот ризик, Банката ја следи целта за мали и средни изложености. Банката ја следи отворената девизна позиција постојано. Ориентацијата на Банката во управувањето со ризик од каматни стапки е да спречи негативни ефекти врз нето-приходите што произлегуваат од променетите пазарни каматни стапки. Склучувањето на трансакции со деривати е ограничено на сервисирање на отворените позиции на клиентите и заштита на сопствените позиции на Банката. Во согласност со упатствата од НЛБ д.д., Банката нема трговска книга.

Потребниот капитал за пазарен ризик се пресметува според Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот, Службен весник 167/20.

Во однос на следење и управување со пазарниот ризик, поставени се унифицирани методологии и ограничувања на изложеност според локалната регулатива и упатствата од НЛБ д.д. Согласно со релевантните политики, Банката мора да ја следи и да управува со изложеноста кон пазарни ризици и да ја известува НЛБ д.д. Изложеноста редовно се следи и се пријавува на локалниот Одбор за средства и обврски (ALCO) и Одборот за средства и обврски на НЛБ Групацијата (ALCO).

3.2.1 Валутен ризик

Банката е изложена на ризик од девизен курс преку трансакции во странска валута. Ризикот од девизен курс е ризик од можните загуби од отворените девизни позиции како резултат на промените во девизните курсеви. Изложеноста на движењето на девизните курсеви има влијание врз финансиската состојба и паричните текови на Банката. Банката го мери и управува со ризикот од девизен курс користејќи комбинација на анализа на чувствителност, ризична вредност (VaR), сценарија и стрес-тестирања.

Банката е одговорна за нејзината Политика за управување со валутен ризик, која исто така вклучува систем на лимити и е во согласност со упатствата и стандардите на матичната банка НЛБ д.д., како и локалните регулаторни барања. Политиката е потврдена од Надзорниот одбор. Секторот за ризици, евалуација и контрола секојдневно ја следи изложеноста на ризик на Банката. Секторот за финансиски пазари и средства управува со девизните позиции на ниво на валута така што тие секогаш се во рамките на лимитите или се затворени. Изложеноста кон валутен ризик се дискутира на дневните состаноци за ликвидност, месечните состаноци на Одборот за средства и обврски и на кварталните состаноци на Надзорниот одбор.

Банката ги следи упатствата од НЛБ д.д. во врска со девизното кредитирање. Целта на упатството е да се решат ризиците кои произлегуваат од можниот прекумерен раст на девизното кредитирање, да се идентификуваат скриените ризици и преостанатите ризици поврзани со девизното кредитирање, да се намали соодветниот ризик, да се интернализираат соодветните трошоци и да се одржи соодветниот капитал во однос на кредитирањето во девизи.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)
3.2.1 Валутен ризик (продолжува)

а) Износот на финансиските инструменти деноминиран во сите валути

31.12.2022

	EUR	USD	CHF	MKD	Останати	Вкупно
Финансиски средства						
Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	8.739.892	979.485	1.413.740	6.450.869	484.688	18.068.674
Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	3.722.629	76.354	-	1.235.436	-	5.034.419
Финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	-	-	-	-	-	-
- должнички хартии од вредност	1.909.676	857.118	-	9.733.588	-	12.500.382
- кредити на и побарувања од банки	234.141	923.422	-	30.067	313.966	1.501.596
- кредити на и побарувања од комитенти	27.028.608	192.491	361	44.887.406	4.536	72.113.402
- останати финансиски средства	100.667	2.005	78	1.740.679	38	1.843.467
Вкупно финансиски средства	**41.735.613**	**3.030.875**	**1.414.179**	**64.078.045**	**803.228**	**111.061.940**
Финансиски обврски						
Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку биланс на успех	-	-	-	12.386	-	12.386
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност						
- депозити на банки	201.325	24.904	12.129	46.269	64.852	349.479
- депозити на други комитенти	35.478.224	3.841.111	1.347.361	48.527.103	865.124	90.058.923
- обврски по кредити	2.095.534	-	-	-	-	2.095.534
- субординирани обврски	2.763.800	-	-	-	-	2.763.800
- останати финансиски обврски	601.255	168.748	43.196	696.188	10.533	1.519.920
Вкупно финансиски обврски	**41.140.138**	**4.034.763**	**1.402.686**	**49.281.946**	**940.509**	**96.800.042**
Нето финансиска позиција	**595.475**	**(1.003.888)**	**11.493**	**14.796.099**	**(137.281)**	**14.261.898**
31.12.2021						
Вкупно финансиски средства	**36.905.875**	**2.614.477**	**1.702.100**	**63.909.470**	**1.028.427**	**106.160.349**
Вкупно финансиски обврски	**36.437.937**	**3.511.702**	**1.244.669**	**50.981.569**	**976.541**	**93.152.418**
Нето финансиска позиција	**467.938**	**(897.225)**	**457.431**	**12.927.901**	**51.886**	**13.007.931**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)
3.2.1 Валутен ризик (продолжува)

б) Сензитивна анализа на валутен ризик

	31.12.2022	31.12.2021
AUD	+/- 8,5%	+/- 4,5%
CAD	+/- 7,5%	+/- 5,0%
CHF	+/- 5,5%	+/- 3,0%
DKK	+/- 0,5%	+/- 0,5%
EUR	+/- 0,5%	+/- 0,5%
GBP	+/- 7,0%	+/- 3,5%
JPY	+/- 8,0%	+/- 4,0%
NOK	+/- 8,5%	+/- 5,5%
SEK	+/- 5,5%	+/- 4,5%
USD	+/- 8,5%	+/- 4,0%
Останати	+/- 8,5%	+/- 6,0%

* Процентите на чувствителност за сценаријата се сметаат како најголема месечна нестабилност на девизниот курс за една година, соодветно за 2022 и 2021 година.

	31.12.2022		31.12.2021	
	Ефекти врз Билансот на успех	**Ефекти врз сеопфатна добивка**	**Ефекти врз Билансот на успех**	**Ефекти врз сеопфатна добивка**
Апрецијација на				
AUD	(9)	-	293	-
CAD	205	-	231	-
CHF	3.112	-	3.201	-
DKK	(1)	-	2	-
EUR	1.430	(18.147)	(722)	(20.150)
GBP	(174)	-	769	-
JPY	(71)	-	(33)	-
NOK	316	-	786	-
SEK	222	-	439	-
USD	(12.972)	-	(4.248)	-
Останати	(223)	-	(171)	-
Ефекти врз останата сеопфатна добивка	**(8.165)**	**(18.147)**	**547**	**(20.150)**
Депрецијација на				
AUD	9	-	(293)	-
CAD	(205)	-	(231)	-
CHF	(3.112)	-	(3.201)	-
DKK	1	-	(2)	-
EUR	(1.430)	18.147	722	20.150
GBP	174	-	(769)	-
JPY	71	-	33	-
NOK	(316)	-	(786)	-
SEK	(222)	-	(439)	-
USD	12.972	-	4.248	-
Останати	223	-	171	-
Ефекти врз останата сеопфатна добивка	**8.165**	**18.147**	**(547)**	**20.150**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)

3.2.2 Каматен ризик

Активностите на Банката се изложени на ризик од променливоста на каматните стапки до степен до кој каматоносните средства (вклучувајќи ги и вложувањата) и каматоносните обврски достасуваат или нивната каматна стапка се менува во различен период или во различни износи. Во случај на средства и обврски со променливи каматни стапки, Банката е исто така изложена на основните ризици кои ја претставуваат разликата од промената на повеќе видови променливи каматни стапки, како што се на пример, каматната стапка на штедните влогови на физички лица, ЕУРИБОР и различни видови камати.
Активностите за управување со ризикот се наменети за оптимизирање на нето-приходите од камати, со пазарни каматни стапки кои се конзистентни со деловните стратегии на Банката.

Активностите за управување со ризикот на средствата и обврските се спроведуваат од аспект на сензитивноста на Банката на промените на каматните стапки. Генерално, Банката е осетлива на промените во средствата поради мнозинството каматоносни средства.

Ризикот од каматната стапка е ризик на капиталот и на добивка или загуба на Банката што произлегува од промена на пазарните каматни стапки. Управувањето со ризикот од каматни стапки на Банката ги опфаќа сите билансни и вонбилансни средства и обврски чувствителни на каматни стапки од банкарската книга на Банката, земајќи ги предвид позициите во секоја валута. Управувањето со ризикот од каматни стапки во Банката е усвоен во согласност со апетитот за ризик и стратегијата за ризик на Банката, упатствата на НЛБ д.д. и локалните регулаторни барања.

Ризикот од каматна стапка во банкарската книга се мери и се следи во рамките на политиката за управување со ризик од каматни стапки, која воспоставува постојани методологии, модели и системи на лимити. Банката управува со изложеност кон ризик од каматни стапки преку примена на две главни мерки:

- чувствителност на економската вредност (EVE) - користејќи го методот BPV (Вредност на базен поен), со кој се мери степенот до кој вредноста на портфолиото би се променила доколку каматните стапки се менуваат според сценариото, и
- чувствителност на нето-приходи од камати (NII) - користејќи го методот EAR (Заработка по ризик), со кој се мери влијанието на промена на каматната стапка врз идните нето-приходи од камата во текот на едногодишниот период, претпоставувајќи постојан обем и структура на Билансот на состојба.

Банката редовно ја мери изложеноста на ризик од каматна стапка во банкарската книга под различни стандардизирани и дополнителни сценарија на промени во нивото и формата на кривата на принос од каматна стапка, вклучително и сите значајни извори на ризик, земајќи ги предвид претпоставките за однесување и моделирање. Дел од депозитите без доспевање, што се смета за основен дел, се распределува долгорочно користејќи реплицирачко портфолио. Опционалниот ризик главно произлегува од опциите во однесувањето и се одразува во претплатите и повлекувањата и можните вградени опции како што се горни (caps) и долни (floors) граници. Покрај тоа, очекуваните парични текови, нефункционалните изложености, како и вонбилансните ставки се земени предвид при мерење на изложеноста на ризик од каматни стапки. Моделите на опции, во голема мерка се засноваат на линеарна регресија користејќи ги историските податоци како влезни податоци.

Ризикот од каматни стапки се мери, следи и управува во рамки на одобрените лимити на ризик и контроли на ризикот. Банката управува со позициите на каматните стапки и ја стабилизира својата маргина на каматните стапки пред сè со ценовната политика и политиката на трансферни цени. Важен дел од управувањето со ризикот од каматната стапка е претставен со портфолиото на хартии од вредност во банкарската книга, чија примарна цел е одржување на соодветни резерви на ликвидност, и исто така придонесува за стабилноста на маргината на каматните стапки, поради што ризикот од вреднување е вклучен во Моделот на управување со ризик од каматни стапки на Банката.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)
3.2.2 Каматен ризик (продолжува)

Изложеноста на ризик од каматни стапки произлегува главно од позициите на банкарската книга, особено во окружување со стабилни каматни стапки во првата половина од годината и подинамична втора половина од годината со растечки променливи каматни стапки (двете ЕУРИБОР и домашните променливи стапки), каде Банката одржуваше зголемен обем на кредити со фиксна и приспособлива каматна стапка (при намалувањето на кредити со приспособливи каматни стапки, заради досегашната имплементација на препораката од НБРСМ за исклучување на приспособливите каматни стапки во новите договори за кредити и депозити), движење до достасување на долгорочни хартии од вредност на банкарската книга на страната на средствата и тековна трансформација на депозитите од орочени во депозити по видување, на страната на обврските. Сепак, порастот на варијабилните каматни стапки во втората половина од годината, покажува промена во актуелното влијание кое ќе зависи од различни фактори, вклучително и стабилноста на економијата, окружувањето и нивото на инфлација. Банката инвестираше во нови краткорочни хартии од вредност (американски и германски државни записи), со повисоки приноси од долгорочните инвестиции, што ја одразува каматната политика на светската економија под влијание на инфлацијата.

Банката управува со ризикот од каматни стапки во согласност со Политиката за управување со ризик од каматни стапки. Политиката за управување со ризик од каматни стапки на Банката е рамка за ризик дизајнирана од Службата за управување со ризици во согласност со апетитот за ризик на Банката, упатствата од НЛБ д.д. (засновани на препораки од Европската централна банка (ЕСВ), Базелскиот одбор за супервизија на банките и Европското банкарско здружение) и Одлуката за управување со ризик од каматни стапки во банкарската книга од НБРСМ. Политиката за управување со ризик од каматни стапка вклучува систем на лимити и е во согласност со Стандардите за управување со ризик на НЛБ Групацијата.

Ризикот од каматни стапка во банкарската книга се мери, следи и се пријавува месечно во Банката, од страна на Службата за управување со ризици, додека со позициите раководи Секторот за финансиски пазари и средства. Изложеноста кон ризик од каматни стапки се пријавува месечно од страна на Службата за управување со ризици до НЛБ д.д., Одборот за средства и обврски и Одборот за управување со ризици и квартално до Надзорниот одбор на Банката.

а) Анализа на финансиските инструменти во согласност со изложеност на ризик од каматни стапки

Анализа на финансиските средства и обврски на Банката во соодветни групи на рочност базирано на преостанатиот период до следниот датум на кој може да се променат каматните стапки. Паричните текови се презентирани со земање предвид на договорната рочност и во согласност со амортизациониот план (врз основа на преостанатиот период до следниот датум на кој каматните стапки може да се променат). Финансиските инструменти без рочност како депозитите по видување се прикажани во блокот до 1 месец, додека финансиските инструменти со истечена рочност како на пример, нефункционалните кредити се прикажани во блокот некаматоносни, без оглед на нивните карактеристики и очекувањата на Банката. За цели на управување со ризикот, Банката користи различни техники на моделирање на паричните текови. Следната табела ги прикажува отворените нето-ризични позиции на каматните стапки по најважните валути на Банката.
Јазот до 3 години вклучува некаматоносни и каматоносни јазови со рочности од 1 месец до 3 години.
За подобра и појасна презентација Банката го промени известувањето за каматниот ризик во однос на 2021 година. Податоците за 2021 година се приспособени на променетите шеми со цел да се задржи конзистентноста со презентацијата во тековната година.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)
3.2.2 Каматен ризик (продолжува)

31.12.2022

Валута	До 3 години	3 - 5 години	5 - 10 години	Над 10 години	Вкупно
MKD	9.806.888	2.864.530	1.447.324	677.357	14.796.099
EUR	(12.625.325)	6.062.824	5.926.322	1.231.654	595.475
CHF	11.401	71	21	-	11.493
USD	(1.013.053)	2.896	3.694	2.575	(1.003.888)
Останати	(140.571)	802	1.697	791	(137.281)

31.12.2021

Валута	До 3 години	3 - 5 години	5 - 10 години	Над 10 години	Вкупно
MKD	7.135.049	3.749.539	1.368.758	674.555	12.927.901
EUR	(12.296.518)	7.420.168	4.423.534	920.754	467.938
CHF	457.431	-	-	-	457.431
USD	(903.751)	3.348	2.234	944	(897.225)
Останати	48.871	528	1.396	1.091	51.886

б) Анализа на сензитивност на нето-приходи по камати и економски осврт на ризик на каматните стапки во банкарската книга

Анализа на сензитивност на приходи по камата за период од 12 месеци претпоставува ненадеен паралелен пад на каматните стапки за 100 базични поени за MKD, EUR, USD, CHF и други значајни валути. Анализата се базира на претпоставките дека позициите остануваат непроменети. Процена на влијанието на промена на каматните стапки за 100 базични поени на износот на нето-каматните приходи од банкарската книга:

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)
3.2.2 Каматен ризик (продолжува)

2022	Просек (проценка)	Минимум (проценка)	Максимум (проценка)
Сензитивност на каматниот приход			
MKD	138.099	102.904	184.881
EUR	8.151	(6.287)	27.076
USD	18.744	2.966	27.904
CHF	225	(484)	2.109
Останато	1.706	(318)	6.552

2021	Просек (проценка)	Минимум (проценка)	Максимум (проценка)
Сензитивност на каматниот приход			
MKD	130.779	96.079	171.587
EUR	23.647	16.693	37.669
USD	3.033	2.443	3.495
CHF	(4)	(6)	(1)
Останато	(164)	(313)	(32)

Износите во табелата се пресметани врз основа на месечни пресметки на краткорочните каматни јазови каде примената на паралелна смена на кривата на принос за 100 базични поени претставува реалистичко и практично сценарио. Просечната вредност претставува аритметичка средина на месечните пресметки, додека максималните и минималните вредности претставуваат највисоката и најниската вредност пресметана во текот на периодот. Негативните вредности за валутите претставуваат позитивен ефект од промена во каматните стапки за 100 базични поени во износот на нето-каматните приходи.

Методот на базична вредност на поен (BPV) е мерка за сензитивност на финансиските инструменти на пазарните каматни стапки, односно промена на бараниот повратот. Базична вредност на поенот е мерка на промената на пазарната вредност на позицијата во случај на претпоставена промена во пазарната каматна стапка со одреден број базични поени, што е изразено во монетарни единици. Методот на базична вредност на поен (BPV) се користи за процена на промената во вредноста на позицијата во случај кога промената на пазарните каматни стапки ги менува шестмесечните пропишани паралелни и непаралелни шок-сценарија.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.2 Пазарен ризик (продолжува)
3.2.2 Каматен ризик (продолжува)

Проценка на влијанието на промената на каматните стапки во согласност со тековното сценарио, на економската вредност на позицијата од банкарската книга:

2022	Просек (проценка)	Минимум (проценка)	Максимум (проценка)
Каматен ризик во банкарската книга - BPV	533.537	396.385	696.697
Каматен ризик во банкарската книга - BPV, како % од капиталот	4,34%	3,22%	5,60%

2021	Просек (проценка)	Минимум (проценка)	Максимум (проценка)
Каматен ризик во банкарската книга - BPV	486.534	345.657	907.706
Каматен ризик во банкарската книга - BPV, како % од капиталот	4,59%	3,36%	9,12%

Износите во табелата се пресметани врз основа на месечни пресметки на каматните јазови. Применетата ненадејна промена на кривата на принос е во согласност со сценариото со највисок негативен ефект на стапката на вредност на базичниот поен (паралелно зголемување од 200 бп/400 бп за валута MKD и израмнувачки шок). Просечната вредност претставува аритметичка средина на месечните пресметки додека максималните и минималните вредности претставуваат највисоката и најниската вредност пресметана во текот на периодот. Пресметките ги земаат предвид алокациите на значаен дел од депозитите без доспевање и други претпоставки на однесување.

Изложеноста на каматни стапки на банкарската книга главно произлегува од инвестиции во кредити со фиксни и варијабилни каматни стапки и од долгорочни должнички хартии од вредност, како и од трансформација на орочени депозити во депозити по видување како резултат на ниските каматни стапки на депозитите.

3.2.3 Ризик од промена во цени на портфолио на хартии од вредност во банкарската книга

Стратегијата на Банката за тргување со финансиски инструменти вклучува насоки за ефективно управување со ризиците поврзани со сопственичките инструменти. Тргување со сопственички хартии од вредност не е дозволено кај подружниците. Дозволени се само брокерски трансакции на берза.
Во услови на инвестиции во сопственички инструменти, Банката има усвоено политика за управување со овие инвестиции, кои се одобрени од Управниот одбор и Надзорниот одбор. Политиките се однесуваат на инвестициската структура на портфолиото, неговото диверзифицирање, следење и мерење на ризиците.
Сметководствената вредност на сопственичкото портфолио во банкарската книга е претставена во белешка 21.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.3 Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик е ризик дека Банката не е во состојба да ги исполни своите обврски за плаќање поврзани со нејзините финансиски обврски кога тие доспеваат и да ги замени средствата кога ќе се повлечат. Тоа е ризик дека Банката не е во состојба да ги исполни сите свои реални и потенцијални плаќања или обврски за давање обезбедување, како и ризик дека Банката не е во состојба да го финансира растот на средствата по разумни цени или само со преголема цена. Последица може да биде неисполнување на обврските за отплата на штедачите и исполнување на обврските за кредитирање.

Постојат два вида ликвидносен ризик:
- финансирање на ликвидносниот ризик е ризикот да не може да се надоместат очекуваните како и неочекуваните тековни и идни одливи на пари и потребите за обезбедување затоа што нема доволно пари. Евентуално, тоа ќе влијае на дневното работење на Банката или на нејзината финансиска положба;
- пазарен ликвидносен ризик е ризик Банката да не може да го продаде средството навреме по разумна цена заради недоволна длабочина на пазарот (недоволна понуда и побарувачка) или нарушувања на пазарот. Пазарниот ризик ја вклучува чувствителноста кон ликвидносната вредност на портфолиото како резултат на промените во важечките корективни фактори и пазарната вредност.

Ликвидносниот ризик се дефинира како важен вид ризик, со кој треба да се управува внимателно. Банката има воспоставена рамка за управување со ликвидносниот ризик што овозможува одржување на ниска толеранција за ликвидносен ризик. Збирот на параметри и ограничувања за ликвидосен ризик се формулира со цел да се управува со ликвидносната позиција во рамките на барањата утврдени од регулаторот. Со одржување на профил на непречено долгорочно доспевање, ограничувајќи ја зависноста од финансирање на големи клиенти и одржувајќи здрав и цврст ликвидносен штит, Банката одржува здрава и стабилна ликвидносна позиција, дури и под сериозно неповолни услови.
Надзорниот одбор ја одобрува Политиката за управување со ликвидносен ризик, која ги истакнува клучните принципи за управување со ликвидноста на Банката. Одборот за средства и обврски добива редовен извештај за ликвидноста и за успешноста во однос на одобрените ограничувања и цели. Одборот за средства и обврски го надгледува развојот на финансиската и ликвидната позиција на Банката и одлучува за прашања поврзани со ликвидносниот ризик.

Толеранцијата кон ликвидносен ризик е мала, затоа Банката одржува соодветно ниво на ликвидност за да обезбеди доволно средства за намирување на своите обврски во секое време, дури и ако се реализира специфично стрес-сценарио. Банката ја мери и управува со својата ликвидност во три фази:
- тековна изложеност и усогласеност со лимитите;
- предвидувачко и стрес-тестирање;
- ликвидност во исклучителни околности.

Целите на следење и управување со ликвидносниот ризик во Банката се следниве:
- обезбедување доволно ниво на ликвидни средства за подмирување на сите обврски на Банката;
- обезбедување адекватни процедури и методи за следење и управување со ликвидноста на Банката;
- обезбедување адекватно контролирано окружување;
- воспоставување систем за регулаторно известување и информирање на Одборот за средства и обврски на Банката и други компетентни тела / регулатор;
- дефинирање на ликвидносни средства и детерминирање адекватен износ на капацитет за контрабалансирање и оптимално управување;
- обезбедување регуларни проекции на идни парични текови и стрес-тестирање на ликвидносен ризик;
- обезбедување усогласеност на оваа политика со апетитот за ризик и Планот за непредвидена ликвидност.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.3 Ликвидносен ризик (продолжува)

Според упатствата од матичното друштво НЛБ д.д., севкупната процена на позицијата на ликвидноста се оценува во Процесот на процена на адекватноста на интерната ликвидност (ILAAP) најмалку еднаш годишно. Тој вклучува јасна формална изјава за адекватноста на ликвидноста, поддржана со анализа на исходите на процесот на процена на адекватноста на интерната ликвидност (ILAAP). Банката одржува доволна количина резерви на ликвидност во форма на готовина, хартии од вредност издадени од Владата и централната банка и пласмани во банки. Во моменталната ситуација, Банката исто така се обидува да го следи што е можно поблизу долгорочниот тренд на диверзификација како на страна на обврските, така и на страната на средствата од Извештајот на финансиска состојба. Банката редовно изведува стрес-тестови на отпорност со цел да ја тестира стабилноста на ликвидноста и достапноста на резервите на ликвидност во различни стресни ситуации. Покрај тоа, посебно внимание се посветува на следењето и известувањето за коефициентот на покриеност на ликвидноста (LCR) и нето-стабилниот финансиски однос (NSFR), подготвени според упатствата на НЛБ д.д.

Коефициентот на покриеност на ликвидноста (LCR) останува висок и стабилен, далеку над минималните барања и внатрешните нивоа на предупредување (295 %). Интерно: мин. 130 %, килибарна ≤120 %, црвена: ≤105 %. Според составот на коефициентот на покриеност на ликвидноста (LCR), главните двигатели што резултираат со висок коефициент на покриеност на ликвидноста (LCR) се:

- висококвалитетните ликвидни средства (HQLA) кои содржат хартии од вредност издадени од Владата и НБРСМ и готовина;
- стабилна депозитна база на небанкарскиот сектор; одливите што може да се случат се главно депозити по видување на небанкарскиот сектор кои се сметаат за прилично стабилни;
- приливите претставуваат претежно висока ликвидна актива на жиро-сметки во најдобрите банки и приливи од редовни кредити на небанкарскиот сектор.

Сообносот на нето-стабилниот финансиски однос (NSFR) беше во рамките на пропишаните нивоа на предупредување и имаше стабилен тренд во даденото пазарно опкружување (165 %). Нето-стабилниот финансиски однос (NSFR) демонстрира силна и стабилна структура на финансирање.

Главни двигатели што резултираат со висок нето-стабилен финансиски однос (NSFR):

- расположливо стабилно финансирање се претежно депозитите на население, корпоративните депозити и капиталот што претставува расположливо стабилно финансирање;
- барано стабилно финансирање се претежно редовни кредити на домаќинствата и корпоративни кредити.

Почнувајќи од 31 март 2021 година НЛБ д.д. се подготвува за обратен стрес-тест за ликвидност на Банката. Обратното стрес-тестирање дава дополнителен увид во ризичната позиција на Банката, како и потенцијалните идни менаџерски активности. Резултатите покажуваат колку одливи би требало да се случат и кога за Банката повеќе да не го преживува стресот. Концептот на обратен стрес-тест се заснова на линеарното зголемување на стапките на одлив додека 3-месечниот вишок не падне под 0; во тој момент, Банката повеќе нема доволно ликвидносни резерви за да преживее 3 месеци стрес-период.

Обратниот стрес-тест се базира на неповолно комбинирано сценарио. Во обратниот стрес-тест, сите стапки на одлив се зголемуваат линеарно додека вишокот на ликвидност од 3 месеци не падне под 0 (максималната стапка на одлив за секоја ставка е поставена на 100 %). Во тој момент, Банката повеќе нема доволно ликвидни резерви и приливи за да преживее 3 месеци стрес-период. Стапките на повторливи стапки за обратен стрес-тест се пресметуваат за период од 1 недела, 1 месец, 2 месеца и 3 месеци. Резултатите покажуваат колку одливи би требало да се случат и во таква ситуација Банката повеќе да не го преживува стресот (тест за сериозност и времетраење).

3. Управување со ризици (продолжува)
3.3 Ликвидносен ризик (продолжува)

Управувањето со ликвидносниот ризик вклучува и подготовка на дополнителни извештаи според барањата на локалниот регулатор. Во согласност со локалната регулатива, Банката го подготви ILAAP (процесот на процена на адекватноста на интерната ликвидност) во 2022 година.

Банката во текот на 2022 година редовно го утврдуваше коефициентот на покриеност на ликвидноста (LCR), кој е во рамките на законски утврдениот лимит, односно над него.

Банката управува со својата позиција на ликвидност (ликвидност во рамки на еден ден) дневно, за период од неколку дена или неколку недели однапред, врз основа на планирањето и следењето на паричните текови. Банката е одговорна за сопствената позиција на ликвидност и ги извршува следниве активности:

- управување со ликвидноста во текот на денот;
- планирање и следење на паричните текови;
- следење и почитување на регулативата за ликвидност на НБРСМ;
- донесување деловни решенија;
- формирање и управување со резервите на ликвидност;
- вршење ликвидносен стрес-тест да се дефинира штит за ликвидноста за непречено функционирање на платниот систем во услови на стрес.

Банката активно управува со ликвидноста во текот на денот, земајќи ги предвид карактеристиките на платните подмирувања за да обезбеди навремено подмирување на обврските во нормални и во стресни околности.

Банката има дефинирано план за управување со ликвидноста во исклучителни околности (План за непредвидени состојби на ликвидност), кој ги утврдува упатствата, и план за активности за препознавање проблеми, барање решенија и справување со исклучителни околности. Исто така, се предвидува воспоставување систем за управување со ликвидноста кој обезбедува одржување на ликвидноста на Банката и ги штити комерцијалните интереси на нејзините клиенти и акционери.

Управувањето со ликвидносниот ризик на Банката е под строг надзор од НЛБ д.д. како матична банка. Известувањето до НЛБ д.д. се врши секојдневно. Банката е одговорна за обезбедување на соодветна ликвидност преку потребните извори на финансирање и нивна соодветна диверзификација и доспевање и со управување со резерви на ликвидност и исполнување на барањата на регулативата за ликвидност. Изложеноста кон ликвидносен ризик редовно се следи и се пријавува до Одборот за средства и обврски.

Управувањето со резерви на ликвидност

Банката има резерви на ликвидност расположливи за покривање на обврските што доспеваат или може да станат доспеани. Резервите на ликвидност мора да станат достапни за кратко време. Резервите на ликвидност опфаќаат готовина, сметка за порамнување во НБРСМ, депозити по видување и орочени депозити во банки и хартии од вредност издадени од Владата и од НБРСМ. Расположливите резерви на ликвидност се резервите на ликвидност намалени за барањата за задолжителна резерва и заложените средства. Заложените средства се депозити по видување во износ од 326.850 илјади денари (2021: 273.967 илјади денари) и кредити на финансиски организации во износ од 139.097 илјади денари (2021: 128.765 илјади денари).

Капацитетот за контрабалансирање (CBC) се утврдува врз основа на ревидираната методологија за стрес-тестови за ризик на ликвидност. Резултатот од стрес-тестот идентификува вишок/дефицит на ликвидност во периодот на преживување од 3 месеци, користејќи го комбинираното сценарио за неповолен стрес.

Расположливите средства за исполнување на сите обврски вклучуваат готовина, средства во НБРСМ, инвестиции во хартии од вредност, кредити и побарувања од банки и кредити и побарувања од други комитенти. Банката, исто така, ќе може да ги исполни неочекуваните нето-

3. Управување со ризици (продолжува)
3.3 Ликвидносен ризик (продолжува)

одливи на пари со продажба на хартии од вредност и изнаоѓање на дополнителни извори на финансирање, како што се пазари за обезбедување на средства.

При утврдување на јазот помеѓу финансиските обврски и финансиските средства во рочниот блок за достасување до еден месец, потребно е да се биде свесен за фактот дека финансиските обврски вклучуваат вкупни депозити по видување, како и дека Банката дополнително ја пресметува стабилноста на депозитите по видување при обезбедување усогласеност со прописите на централната банка. За да се обезбеди ликвидност на Банката, и врз основа на нејзиниот пристап кон ризик, во претходните години Банката состави значителен износ на висококвалитетни ликвидни инвестиции, главно државни хартии од вредност.

3.3.1 Процес на управување со ликвидносен ризик

Процесот на управување со ликвидносниот ризик на Банката, којшто се спроведува во Банката и се следи од Секторот за ризици, евалуација и контрола и Секторот за финансиски пазари и средства, вклучува:

- утврдување на интерните стапки на ликвидност и нивно редовно пресметување и следење;
- дефинирање на границите и нивоата на предупредување на индивидуалните избрани интерни стапки на ликвидност;
- следење на трендовите во избраните интерни стапки на ликвидност;
- пресметување на резултатот на ликвидност;
- изготвување план за паричен тек со преостаната рочност;
- следење на дневните податоци;
- дневно следење на коефициентот на покриеност на ликвидноста (LCR);
- следење на предвремените повлекувања на депозити;
- месечна пресметка на ликвидносните стапки за коефициентот на покриеност на ликвидноста (LCR) и нето-стабилен финансиски однос (NSFR);
- следење на оптоварувањето на средствата;
- изведување сценарија за да се види како ненадејната и неочекувана реализација на одливот ќе влијае на стапките на ликвидност: коефициентот на покриеност на ликвидноста (LCR) и нето-стабилен финансиски однос (NSFR);
- подготовка на интрадневни стрес-тестови за ликвидност;
- следење на стабилноста на депозитите по видување;
- подготовка на стрес-тестови за ликвидност и проекции за ликвидност на идните парични текови според буџетот и во стресни околности.

Следењето и известувањето се во форма на мерење на паричен тек и проекции за следниот ден, недела и месец соодветно, бидејќи овие се клучните периоди за управување со ликвидноста. Почетна точка за овие планирања е анализата на договорната достасаност на финансиските обврски и очекуваната наплата на финансиските средства.
Секторот за ризици, евалуација и контрола исто така ги следи неусогласените среднорочни средства, нивото, типот и искористеноста на пречекорувањата и влијанието на потенцијалните и преземени обврски како што се акредитивите и гаранциите.

3.3.2 Пристап на финансирање

Изворите на ликвидност редовно се разгледуваат од службата во рамки на Секторот за ризици, евалуација и контрола за да се одржи широка разновидност според валута, географска секторизација, добавувач, производ и услови.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.3 Ликвидносен ризик (продолжува)

3.3.3 Недериватни парични текови

Табелата подолу ги претставува одливите на парични текови на Банката на недериватните финансиски обврски според преостанатата договорна рочност на датумот на Извештајот за финансиската состојба. Износите кои се прикажани во табелата подолу се договорните недисконтирани парични текови, а Банката управува со ликвидносните ризици врз основа на очекуваните недисконтирани текови на парични средства. При утврдување на паричниот тек за инструменти со променлива стапка, Банката ја користи моменталната каматна стапка. Во извештајот за ликвидносен ризик се вклучени и останатите обврски како оние според МСС 19.

31.12.2022	До 1 месец	1-3 месеци	3-12 месеци	1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Финансиски обврски и потенцијални обврски кредитно ризични						
Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку биланс на успех	-	-	-	8.670	3.716	**12.386**
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност						
- депозити на банки	349.479	-	-	-	-	**349.479**
- кредити од банки	77.125	66.729	331.370	1.104.610	533.413	**2.113.247**
- депозити на коминтенти	74.848.851	1.919.585	7.180.025	6.230.635	-	**90.179.096**
- кредити од други комитенти	1.549	1.184	3.909	5.370	-	**12.012**
- субординирани обврски	-	-	158.317	1.149.186	2.334.883	**3.642.386**
- останати финансиски обврски	1.229.855	7	82.138	8.075	26.857	**1.346.932**
- обврски по наеми	22.113	12.297	51.144	83.470	3.964	**172.988**
Потенцијални обврски кредитно ризични	284.843	489.602	1.987.875	2.190.000	47.209	**4.999.529**
Нефинансиски гаранции	219.384	106.836	365.351	687.819	643.859	**2.023.249**
Вкупно	**77.033.199**	**2.596.240**	**10.160.129**	**11.467.835**	**3.593.901**	**104.851.304**
Вкупно финансиски средства	**24.044.262**	**4.368.292**	**22.191.544**	**35.504.460**	**24.953.382**	**111.061.940**

31.12.2021	До 1 месец	1-3 месеци	3-12 месеци	1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Финансиски обврски и потенцијални обврски кредитно ризични						
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност						
- депозити на банки	392.740	-	-	-	-	**392.740**
- кредити од банки	42.779	28.695	203.770	887.805	349.001	**1.512.050**
- депозити на коминтенти	67.181.993	2.357.991	9.242.574	7.527.462	-	**86.310.020**
- кредити од други комитенти	2.448	4.928	8.052	8.890	84	**24.402**
- субординирани обврски	-	-	141.206	1.171.162	2.424.441	**3.736.809**
- останати финансиски обврски	2.077.682	4	80.473	2.857	13.332	**2.174.348**
- обврски по наеми	5.042	11.447	48.665	109.422	5.773	**180.349**
Потенцијални обврски кредитно ризични	857.183	533.107	1.931.438	2.557.186	18.394	**5.897.308**
Нефинансиски гаранции	130.399	352.200	695.530	637.159	675.476	**2.490.764**
Вкупно	**70.690.266**	**3.288.372**	**12.351.708**	**12.901.943**	**3.486.501**	**102.718.790**
Вкупно финансиски средства	**22.249.776**	**4.147.162**	**17.597.029**	**38.959.202**	**23.207.180**	**106.160.349**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.3 Ликвидносен ризик (продолжува)

3.3.4 Анализа на Извештајот за финансиска состојба по резидуална рочност

31.12.2022	До 12 месеци	Над 12 месеци	Вкупно
Средства			
Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	18.068.674	-	**18.068.674**
Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	2.445.090	2.589.329	**5.034.419**
Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност			
- должнички хартии од вредност	5.665.652	6.834.730	**12.500.382**
- кредити на и побарувања од банки	1.487.830	13.766	**1.501.596**
- кредити на и побарувања од комитенти	21.112.148	51.001.254	**72.113.402**
- останати финансиски средства	1.824.706	18.761	**1.843.467**
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	247.481	-	**247.481**
Вложувања во придружени друштва (евидентирани по методот на главнина)	-	15.997	**15.997**
Вложување во недвижности	-	95.975	**95.975**
Недвижности, опрема и средства со право на употреба	-	2.013.712	**2.013.712**
Нематеријални средства	-	294.420	**294.420**
Останати средства	73.890	-	**73.890**
Вкупно средства	**50.925.471**	**62.877.944**	**113.803.415**
Обврски			
Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку биланс на успех	-	12.386	**12.386**
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност			
- депозити на банки	349.479	-	**349.479**
- депозити на други комитенти	83.906.974	6.151.949	**90.058.923**
- обврски по кредити	470.656	1.624.878	**2.095.534**
- субординирани обврски	1.638	2.762.162	**2.763.800**
- останати финансиски обврски	1.397.555	122.365	**1.519.920**
Резервирања	216.836	150.784	**367.620**
Обврски за данок на добивка	28.493	-	**28.493**
Обврски за одложен данок	-	90.039	**90.039**
Останати обврски	143.678	-	**143.678**
Вкупно обврски	**86.515.309**	**10.914.563**	**97.429.872**
НЕТО	**(35.589.838)**	**51.963.381**	**16.373.543**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.3 Ликвидносен ризик (продолжува)
3.3.4 Анализа на Извештајот за финансиска состојба по резидуална рочност (продолжува)

31.12.2021	До 12 месеци	Над 12 месеци	Вкупно
Средства			
Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки	15.118.573	-	**15.118.573**
Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	3.018.908	4.155.043	**7.173.951**
Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност	-	-	**-**
- должнички хартии од вредност	2.190.704	10.637.260	**12.827.964**
- кредити на и побарувања од банки	2.783.451	28.708	**2.812.159**
- кредити на и побарувања од комитенти	19.364.305	47.343.776	**66.708.081**
- останати финансиски средства	1.518.026	1.595	**1.519.621**
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	246.951	-	**246.951**
Вложување во недвижности	-	95.975	**95.975**
Недвижности, опрема и средства со право на употреба	-	2.082.140	**2.082.140**
Нематеријални средства	-	312.448	**312.448**
Побарувања за данок на добивка	-	-	**-**
Останати средства	54.512	-	**54.512**
Вкупно средства	**44.295.430**	**64.656.945**	**108.952.375**
Обврски			
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност			
- депозити на банки	392.740	-	**392.740**
- депозити на други комитенти	78.706.874	7.410.849	**86.117.723**
- обврски по кредити	284.441	1.234.494	**1.518.935**
- субординирани обврски	1.025	2.767.317	**2.768.342**
- останати финансиски обврски	2.223.293	131.385	**2.354.678**
Резервирања	256.515	160.194	**416.709**
Обврски за данок на добивка	78.730	-	**78.730**
Обврски за одложен данок	-	102.924	**102.924**
Останати обврски	232.326	-	**232.326**
Вкупно обврски	**82.175.944**	**11.807.163**	**93.983.107**
НЕТО	**(37.880.514)**	**52.849.782**	**14.969.268**

3. Управување со ризици (продолжува)

3.4 Управување со нефинансиски ризици

3.4.1 Оперативен ризик

При преземање на оперативни ризици, Банката ги следи упатствата дека ваквите ризици не можат материјално да влијаат врз нејзиното работење и според тоа, апетитот за оперативни ризици е низок до умерен. Банката има воспоставено систем на собирање штетни настани, идентификација, процена и управување со оперативни ризици, со цел да обезбеди квалитетно управување со оперативните ризици.

Банката ги следи оперативните лимити на нето-загуба изразени како вредност која произлегува од штетен настан кој Банката го толерира во нејзиното работење. Лимитите се поставени на ниво на Банка и на ниво на бизнис-линија. Ако збирот на нето-загубата го надмине прагот на толеранција, потребен е посебен третман во случај на големи штетни настани и, доколку е потребно, се вклучуваат дополнителни мерки за спречување или ублажување на исти или слични штетни настани. Исто така, дефинирана е критична граница на штетни настани, што во случај на надминување бара процена на можното зголемување на капитал за оперативниот ризик во рамките на процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP) и други можни мерки за управување со ризик. Покрај тоа, Банката не дозволува одредени ризици во своето работење - за нив е дефиниран т.н. нулта праг на толеранција. За следење на некои поважни клучни индикатори на ризик, Банката разви систем за рано предупредување, кој може да покаже зголемување на оперативниот ризик. Со цел да се следат одредени важни ризици што може да укажуваат на зголемен оперативен ризик како индикатор за рано предупредување, Банката разви специфична методологија. Ваквите ризици периодично се следат во различни деловни области, а резултатите се дискутираат на Одборот за оперативен ризик. Одборот за оперативен ризик беше прогласен за највисок орган во областа на управување со оперативен ризик. Главната задача на споменатиот орган е да разговара за најзначајните оперативни ризици и штетни настани и да го следи и поддржува ефикасното управување со оперативните ризици, вклучувајќи го и нивното ублажување во рамки на поединечен субјект. Банката усвои релевантни документи кои редовно се ажурираат и коишто се во согласност со НЛБ-стандардите и со развојот на управувањето со оперативниот ризик. Целата Банка користи унифицирана софтверска поддршка, која исто така редовно се надградува.

Во Банката, пријавената нето-загуба што настанала како резултат на штетни настани во 2022 година е повисока од претходната година и претставува мал дел од капиталните барања за оперативен ризик. Земајќи ја предвид пандемијата што се случи на глобално ниво, нето-загубите се во рамки на пропишаните лимити. Општо, значително внимание се посветува на пријавување на штетни настани, мерки за нивно ублажување и дефинирање на оперативни ризици во сите сегменти. За соодветно и побрзо третирање на големи штетни настани, Банката воведе ескалациска скала за известување за штетни настани на највисоките нивоа на одлучување во Банката и на Надзорниот одбор на Банката. Дополнително внимание се посветува на известување за потенцијални загуби со цел да се подобрат интерните контроли, а со тоа да се минимизираат тие и слични настани. Понатаму, воспоставена е методологија за следење, анализа и известување на клучните индикатори за ризик, што служи како систем за рано предупредување. Целта е да се подобрат деловните и процесите за поддршка, како и да се овозможи брз одговор.

Преку сеопфатна идентификација на оперативните ризици, можните идни загуби се идентификуваат, проценуваат и соодветно управуваат. Со најголемите оперативни ризици се управува активно преку преземените мерки за нивно намалување. Профилот на оперативен ризик се подготвува еднаш годишно, врз основа на идентификација на оперативниот ризик. Посебен акцент се става на најактуелните ризици, меѓу кои особено се оние со мала веројатност за појава и многу големо потенцијално финансиско влијание. За таа цел, Банката разви методологија за стрес-тестирање на оперативниот ризик. Методологијата е комбинација на моделирање на податоци за штетни настани и анализа на сценарија за исклучителни, но веродостојни настани. Анализа на сценаријата се прави врз основа на искуство и знаење на експерти од различни критични области.

3. Управување со ризици (продолжува)
3.4 Управување со нефинансиски ризици (продолжува)
3.4.1 Оперативен ризик (продолжува)

Капиталните барања за оперативен ризик во Банката се пресметуваат користејќи стандардизиран пристап, што значи дека постигнатите финансиски резултати се делат во осум деловни линии.

3.4.2 Управување со деловен континуитет

Во Банката плановите за континуитет се подготвени да се користат во случај на природни непогоди, ИТ-катастрофи и несакани ефекти на животната средина за да се намалат нивните последици.

Годишниот план придонесува за константна надградба и унапредување на процесот на управување со деловниот континуитет. Основата за модернизација на плановите за континуитет на деловното работење произлегува од редовната годишна анализа на деловното влијание (BIA). Врз основа на тоа, се проверува соодветноста на плановите за деловни згради и ИТ-плановите. Најдобар показател за соодветноста на плановите за деловен континуитет е тестирањето. Во 2022 година, во Банката е спроведено тестирање на план за бизнис-континуитет (BCP). Не беа откриени големи отстапувања.
При ИТ-катастрофи/падови, Банката успешно го користеше ИТ-планот, со што обезбеди деловно работење во итни ситуации.

Знаењето (Know-how) и методологиите се пренесени од НЛБ д.д. на Банката, за кои се донесени соодветни документи кои се во согласност со стандардите на НЛБ д.д. и ревидирани во согласност со развојот на управувањето со деловниот континуитет.
За поефикасно функционирање на системот за управување со деловниот континуитет, обезбедени се обуки и посети од НЛБ д.д. секоја година. Во 2022 година, НЛБ д.д. спроведе работилница за главните координатори на плановите за деловен континуитет (BCP).

На крајот на годината, кризниот менаџмент донесе и усвои дополнителни и подетални сценарија за планови за деловен континуитет (BCP) со цел дополнително да го подобри севкупниот план за управување со деловен континуитет (BCM) за 2023 година.

3.4.3 Управување со останати видови нефинансиски ризици – капитален ризик, стратегиски ризик, репутациски ризик и ризик на профитабилност

Ризиците што не се вклучени во пресметката на капиталните барања според регулаторниот пристап, но имаат или може да имаат значајно влијание врз профилот на ризик на Банката, редовно се проценуваат, следат и управуваат. Покрај тоа, тие се интегрираат во процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP).

Банката воспостави интерни методологии за идентификување и процена на специфични видови ризик, кои се однесуваат на деловниот модел на Банката или кои произлегуваат од други надворешни околности. Ако одреден ризик се проценува како материјално значаен ризик, се применуваат релевантни еднократни мерки за спречување и за ублажување, вклучувајќи и редовно следење на нивната ефикасност. Врз основа на ова, се разгледуваат и интерните барања за капитал, како дел од процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP).

3. Управување со ризици (продолжува)
3.4 Управување со нефинансиски ризици (продолжува)

3.4.4 Вонбилансна евиденција

а) Гаранции, акредитиви и лимити

Банката издава банкарски гаранции и акредитиви во име на своите комитенти на трети лица. Истекувањата на роковите на кои се издадени не се концентрирани во еден период.

Следната табела ги покажува договорните износи на преземените обврски на Банката по категории:

	2022	2021
Гаранции		
- во МКД	6.103.783	6.510.700
- во странска валута	2.357.578	1.713.297
Акредитиви		
- во странска валута	794.516	1.606.862
Лимити на сметки и картички	4.210.767	4.292.763
Вкупно	**13.466.644**	**14.123.622**
Намалено за: посебна резерва (белешка 42)	(280.737)	(307.714)
Вкупно	**13.185.907**	**13.815.908**

Овие потенцијални обврски имаат вонбилансен кредитен ризик, бидејќи само надоместоците и исправките за потенцијални загуби се признаваат во Извештајот за финансиска состојба, сè додека обврските не се исполнат или истечат. Голем број од потенцијалните обврски ќе истечат без да бидат целосно или делумно повлечени. Поради тоа, износите не претставуваат очекуван иден паричен тек.

б) Анализа на дериватните финансиски инструменти по номинална вредност

	2022	2021
Форвард договори		
- зависни од промената на курсот	74.916	80.877
Своп договори		
- зависни од промената на курсот	403.575	326.242
Вкупно	**478.491**	**407.119**

Дериватните финансиски инструменти прикажани во табелата погоре се краткорочни. Објективните вредности на дериватните финансиски инструменти се прикажани во белешка 7.

в) Капитални обврски

	2022	2021
Капитални обврски за набавка на:		
- недвижности и опрема	9.547	4.518
- нематеријални средства	-	2.370
Вкупно	**9.547**	**6.888**

3. Управување со ризици (продолжува)
3.4 Управување со нефинансиски ризици (продолжува)
3.4.4 Вонбилансна евиденција (продолжува)

г) Комисионо работење

Средствата што се управуваат во име на трети лица се водат одделно од средствата на Банката. Приходот и трошоците што произлегуваат од овие средства се наплатуваат од соодветните средства и Банката нема обврска во врска со овие трансакции. Банката наплаќа надоместоци за своите услуги.

	2022	2021
Бруто износ на обврски управувани во име на трети лица	53.304.432	48.231.258
Провизија од активностите	34.421	33.977

3.5 Хиерархија на објективна вредност на финансиски и нефинансиски средства и обврски

МСФИ 13 ја одредува хиерархијата на техниките за вреднување во зависност од тоа дали влезните податоци кои се користат при вреднувањето се познати или не. Овие два вида влезни податоци ја претставуваат следната хиерархија на објективна вредност:

- Ниво 1 – објективната вредност е определена од котираните цени (непроменети) на активните пазари за идентични средства и обврски. Во Ниво 1 се вклучени државните обврзници и благајнички записи со кои се тргува на меѓубанкарски пазар и сопственички хартии од вредност со кои се тргува на Македонската берза, кои имаат податоци за котирани цени. Кога средството или обврската може да се разменува на повеќе активни пазари, мора да се утврди главниот пазар за средството или обврската. Во отсуство на главен пазар, мора да се утврди најповолниот пазар за средството или обврската.

- Ниво 2 – објективната вредност се утврдува со користење на техники за вреднување кои вклучуваат влезни податоци од активните пазари (влезните податоци директно или индиректно може да се потврдат на активен пазар, на пример: котирани цени на активните пазари за слични финансиски инструменти или кој било значаен инпут во моделот за утврдување на објективната вредност што може да се потврди и да се следи на активен пазар). Ниво 2 опфаќа дериватни средства и обврски за управување со ризик (Fx forward и Fx swap), сопственички инструменти издадени од VISA Inc USA, вложување во недвижности и финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Билансот на успех.

- Ниво 3 – објективната вредност е утврдена со примена на техники за вреднување коишто содржат влезни податоци што не можат директно или индиректно да се потврдат и да се следат на активните пазари, односно врз основа на техники за вреднување во кои најголемо учество имаат информациите за ризиците на финансиските инструменти. Ниво 3 ги опфаќа сопственичките инструменти издадени од SWIFT SCRL Белгија.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.5 Хиерархија на објективна вредност на финансиски и нефинансиски средства (продолжува)

Сопственичките и должничките хартии од вредност ќе бидат трансферирани од Ниво 1 во Ниво 2 кога хартијата од вредност е исклучена од активниот пазар, но може да се користат техники за вреднување кои вклучуваат котирани цени од активни пазари за слични финансиски инструменти, или кој било значаен инпут во моделот за да се одреди објективната вредност, кој може да се потврди и е достапен на активен пазар.

Сопственичките и должничките хартии од вредност ќе бидат трансферирани од Ниво 1 во Ниво 3 кога хартијата од вредност е исклучена од активниот пазар и може да се користат само техники за вреднување кои вклучуваат инпути кои не можат директно или индиректно да се потврдат и не се достапни на активниот пазар или врз основа на техники за вреднување во кои најголемо учество имаат информациите за ризиците на финансиските инструменти.

Сопственичките и должничките хартии од вредност ќе бидат трансферирани од Ниво 2 во Ниво 1 кога хартијата од вредност е вклучена на активниот пазар.

Сопственичките и должничките хартии од вредност ќе бидат трансферирани од Ниво 2 во Ниво 3 кога техниките за вреднување кои вклучуваат котирани цени од активни пазари за слични финансиски инструменти, или кој било значаен инпут во моделот за одредување на објективната вредност не може да се потврдат и не се достапни на активниот пазар.

Сопственичките и должничките хартии од вредност ќе бидат трансферирани од Ниво 3 во Ниво 1 кога хартијата од вредност е вклучена на активниот пазар.

Сопственичките и должничките хартии од вредност ќе бидат трансферирани од Ниво 3 во Ниво 2 кога може да се користат техники за вреднување кои вклучуваат котирани цени од активни пазари за слични финансиски инструменти, или кој било значаен инпут во моделот за одредување на објективната вредност може да се потврди и е достапен на активен пазар.

Во 2022 година нема трансфери меѓу нивоата.

Квантитативните информации за класификација на финансиските средства и обврски според нивоата на нивната објективна вредност се прикажани во следните табели.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.5 Хиерархија на објективна вредност на финансиски и нефинансиски средства (продолжува)

а) Финансиски и нефинансиски средства и обврски мерени по објективна вредност во Извештајот за финансиска состојба

31.12.2022	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Финансиски средства				
Финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка				
- вложувања во хартии од вредност - должнички	4.908.087	-	-	**4.908.087**
- вложувања во хартии од вредност - сопствени	47.796	76.354	2.182	**126.332**
Деривати - средства	-	283	-	**283**
Финансиски обврски				
Деривати - обврски	-	2.048	-	**2.048**
Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку биланс на успех	-	12.386	-	**12.386**
Нефинансиски средства				
Вложување во недвижности	-	95.975	-	**95.975**

31.12.2021	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Финансиски средства				
Финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка				
- вложувања во хартии од вредност - должнички	7.048.916	-	-	**7.048.916**
- вложувања во хартии од вредност - сопствени	47.796	75.052	2.187	**125.035**
Деривати - средства	-	804	-	**804**
Финансиски обврски				
Деривати - обврски	-	-	-	**-**
Финансиски обврски мерени по објективна вредност преку биланс на успех	-	-	-	**-**
Нефинансиски средства				
Вложување во недвижности	-	95.975	-	**95.975**

3. Управување со ризици (продолжува)

3.5 Хиерархија на објективна вредност на финансиски и нефинансиски средства (продолжува)

б) Финансиски и нефинансиски средства и обврски во Ниво 2 според хиерархијата на објективна вредност

Финансиските инструменти во Ниво 2 од хиерархијата на објективна вредност во Банката вклучуваат вложувања во недвижности, финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Билансот на успех, деривати (FX forward и FX swap) и сопственички инструменти издадени од VISA Inc USA.

Објективните вредности на дериватите се утврдуваат со помош на моделот за дисконтирање на паричните текови, врз основа на безризична крива на принос.

Вложувањата во недвижности се вреднуваат со употреба на приходен метод, каде се проценува сегашната вредност на идните очекувани приноси. При вреднување на вложувања во недвижности, се користат просечните наемнини на слични локации и стапките на капитализација, како што се: принос без ризик, премија за ризик, премија за ликвидност, премија за ризик за управување со инвестиција и премија за ризик за заштита на капиталот. Кириите на слични локации се генерираат од разни извори, како што се податоци од наемодавателот и наемопримателот, веб-бази на податоци и сопствени бази на податоци. Банката на располагање има видливи податоци за вложувањата во недвижности при нивната продажба.

в) Финансиски и нефинансиски средства и обврски во Ниво 3 според хиерархијата на објективна вредност

Финансиските инструменти во Ниво 3 од хиерархијата на објективна вредност во Банката вклучуваат сопственички инструменти издадени од SWIFT SCRL Белгија.

Усогласување на движењата во текот на годината во објективните вредности мерени во Ниво 3

	Финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	**Вкупно средства**
Состојба на 1 јануари 2022	**2.187**	**2.187**
Останати добивки / (загуби) за периодот кои што не се признаени во билансот на успех	(5)	**(5)**
Трансфер од ниво 3	-	**-**
Состојба на 31 декември 2022	**2.182**	**2.182**
Состојба на 1 јануари 2021	**22.945**	**22.945**
Останати добивки / (загуби) за периодот кои што не се признаени во билансот на успех	1.585	**1.585**
Трансфер од ниво 3	(22.343)	**(22.343)**
Состојба на 31 декември 2021	**2.187**	**2.187**

3. Управување со ризици (продолжува)

3.5 Хиерархија на објективна вредност на финансиски и нефинансиски средства (продолжува)

г) Објективна вредност на финансиски инструменти кои не се мерат по објективна вредност во финансиските извештаи

Финансиски инструменти кои не се мерат по објективна вредност

Табелата подолу ги резимира сметководствените и објективните вредности на оние финансиски средства и обврски кои во Извештајот за финансиската состојба на Банката не се презентирани по објективна вредност.

	31.12.2022		31.12.2021	
	Сметководствена вредност	**Објективна вредност**	**Сметководствена вредност**	**Објективна вредност**
Финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност				
- должнички хартии од вредност	12.500.382	12.293.292	12.827.964	12.956.645
- кредити на и побарувања од банки	1.501.596	1.500.989	2.812.159	2.813.590
- кредити на и побарувања од комитенти	72.113.402	71.066.216	66.708.081	65.599.169
- останати финансиски средства	1.843.467	1.843.467	1.519.621	1.519.618
Финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност				
- депозити на банки	349.479	349.479	392.740	392.740
- кредити од банки	2.083.596	2.052.910	1.494.708	1.512.238
- депозити на други комитенти	90.058.923	89.964.200	86.117.723	86.021.903
- кредити од други комитенти	11.938	11.496	24.227	24.440
- субординирани обврски	2.763.800	1.978.714	2.768.342	2.632.021
- останати финансиски обврски	1.519.920	1.519.920	2.354.678	2.354.697

Објективната вредност е износ за кој средството би се продало, односно износ кој треба да се плати за пренос на обврска во вообичаена трансакција помеѓу учесниците на пазарот на датумот на мерењето. Мерењето на објективната вредност е врз основа на претпоставката дека трансакцијата да се продаде средството или пренесе обврската се случува на:

- активниот пазар за средството или обврската, или
- во отсуство на основниот пазар, на најповолниот пазар за средството или обврската.

Главниот или најповолниот пазар мора да бидат достапни за Банката.

Објективната вредност на средството или обврската се мери со користење на претпоставката дека учесниците на пазарот при одредување на цената на средството или обврската, дејствуваат за нивниот најдобар економски интерес.

Следниве методи и претпоставки беа употребени за да се процени објективната вредност:

Кредити и побарувања од банки

Кредитите и побарувањата од банки ги вклучуваат меѓубанкарските пласмани.

Објективна вредност на депозитите орочени преку ноќ е нивната сметководствена вредност. Проценетата објективна вредност на депозитите со фиксна камата е базирана на

3. Управување со ризици (продолжува)

3.5 Хиерархија на објективна вредност на финансиски и нефинансиски средства (продолжува)

дисконтираниот паричен тек, користејќи ја преовладувачката каматна стапка на пазарот на пари за долгови со сличен кредитен ризик и резидуална рочност.
Проценетата објективна вредност на другите кредити и побарувања од банки го претставува дисконтираниот износ на проценетите идни парични текови што се очекува да бидат примени. Очекуваните парични текови се дисконтираат по тековните пазарни стапки за да се утврди објективната вредност.

Кредити и побарувања од други комитенти

Кредитите и побарувањата од други комитенти се намалени за исправките на вредност. Проценетата објективна вредност на кредитите и побарувањата претставува дисконтиран износ на идните парични текови кои се очекуваат да бидат примени. Очекуваните парични текови се дисконтираат со примена на тековните пазарни каматни стапки за да се определи објективната вредност.

Депозити на банки и комитенти, останати депозити, обврски по кредити и субординирани обврски

Објективната вредност на каматоносните финансиски обврски е проценета со дисконтирање на идните парични текови со примена на расположливи стапки за обврски со слични услови и резидуална рочност.

Проценетата објективна вредност на депозитите без рочност, кои ги вклучуваат и некаматоносните депозити, претставува износ кој треба да се исплати по видување.
Објективната вредност на орочените депозити со варијабилни каматни стапки се проценува со дисконтирање на идните парични текови користејќи расположливи стапки за долгови со слични услови и резидуална рочност.
Субординираните обврски носат варијабилни каматни стапки и нивната објективна вредност се проценува со дисконтирање на идните парични текови користејќи расположливи стапки за долгови со слични услови и резидуална рочност.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.5 Хиерархија на објективна вредност на финансиски и нефинансиски средства (продолжува)

Хиерархија на објективна вредност на финансиски инструменти кои не се мерат според објективна вредност во финансиските извештаи

31.12.2022	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупна објективна вредност
Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност				
- должнички хартии од вредност	-	12.293.292	-	**12.293.292**
- кредити на и побарувања од банки	-	1.500.989	-	**1.500.989**
- кредити на и побарувања од комитенти	-	71.066.216	-	**71.066.216**
- останати финансиски средства	-	1.843.467	-	**1.843.467**
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност				**-**
- депозити на банки	-	349.479	-	**349.479**
- депозити на други комитенти	-	89.964.200	-	**89.964.200**
- обврски по кредити	-	2.064.406	-	**2.064.406**
- субординирани обврски	-	1.978.714	-	**1.978.714**
- останати финансиски обврски	-	1.519.920	-	**1.519.920**

31.12.2021	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупна објективна вредност
Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност				
- должнички хартии од вредност	-	12.956.645	-	**12.956.645**
- кредити на и побарувања од банки	-	2.813.590	-	**2.813.590**
- кредити на и побарувања од комитенти	-	65.599.169	-	**65.599.169**
- останати финансиски средства	-	1.519.618	-	**1.519.618**
Финансиски обврски мерени по амортизирана набавна вредност				**0**
- депозити на банки	-	392.740	-	**392.740**
- депозити на други комитенти	-	86.021.903	-	**86.021.903**
- обврски по кредити	-	1.536.678	-	**1.536.678**
- субординирани обврски	-	2.632.021	-	**2.632.021**
- останати финансиски обврски	-	2.354.697	-	**2.354.697**

Во 2022 и 2021 година нема трансфери помеѓу нивоата.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.6 Управување со капиталот

Целите на Банката при управување со капиталот, кој е поширок концепт од прикажаниот „капитал“ во Извештајот за финансиската состојба, се:

- да се усогласи со капиталните барања поставени од регулаторот;
- да ја заштити способноста на Банката за одржување континуитет во работењето за да може да продолжи да дава принос на акционерите и останатите заинтересирани страни; и
- да одржи силна капитална основа за да го поддржи развојот на својот бизнис.

Капиталната адекватност и користењето на пропишаниот капитал се следат на месечна основа од менаџментот на Банката, применувајќи техники кои се базирани на насоките развиени од НБРСМ за целите на супервизијата. Бараните информации се доставуваат до НБРСМ на месечна основа.

Согласно со Законот за банки, банките се должни да одржуваат:

- (CET1 стапка) = CET1 капитал / РПА = мин. 4,5 %;
- (Tier1 стапка) = Tier1 капитал / РПА = мин. 6 % и
- Вкупна стапка на адекватност на капиталот = Сопствени средства / РПА = мин. 8 %.

CET - редовен основен капитал
РПА - ризично пондерирана актива
Tier1 – основен капитал

Банката е должна да одржува заштитни слоеви на капиталот, чијшто вкупен износ треба да биде покриен само со позициите кои се дел од редовниот основен капитал (CET1):

- заштитен слој за зачувување на капиталот дефиниран како 2,5 % од ризично пондерираната актива;
- противцикличен заштитен слој дефиниран како процент од ризично пондерираната актива. Стапките на противцикличниот заштитен слој се утврдени за различни географски изложености, во согласност со макроекономската состојба во соодветната земја, во интервал од 0 % до 2,5 % од ризично пондерираната актива. Противцикличниот заштитен слој применлив за банките во РСМ е 0,5 % од ризично пондерираната актива од 1 август 2023;
- заштитен слој за системски значајни банки дефиниран како процент од ризично пондерираната актива, одреден годишно од НБРСМ за секоја системски значајна банка, кој може да биде во опсег од 1 % до 3,5 % од ризично пондерираната актива. НЛБ Банка е идентификувана како системски значајна банка и треба да одржува заштитен слој за системски значајни банки од 2,0 % од ризично пондерираната актива. Износот на ваквиот заштитен слој се дефинира годишно од НБРСМ за секоја системски значајна банка;
- системски заштитен слој дефиниран како процент од ризично пондерираната актива утврден од НБРСМ за сите банки или пак неколку банки во Република Северна Македонија. Системски заштитниот слој може да се движи од 1 % до 3 % од ризично пондерираната актива и може да биде различен за различни банки или групи банки. Системски заштитниот слој моментално е неприменлив за Банката (0 %).

НБРСМ пропишува секоја банка или банкарска група да: (а) држи минимално ниво на пропишан капитал од 310.000 илјади денари, (б) ги почитува пропишаните заштитни слоеви на капиталот и (в) го одржува показателот за вкупен пропишан капитал во однос на ризично пондерираната актива („Basel ratio“) на или над нивото на меѓународно утврдениот минимум од 8 %. Во согласност со законските измени и важечките прописи со кои се пропишуваат заштитните слоеви на капиталот, Банката е обврзана на стапка на капитална адекватност (CAR) 15,75 %, а почнувајќи од 1 август 2023 Банката е обврзана да постигне стапка на капитална адекватност (CAR) 16,25 %.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.6 Управување со капиталот (продолжува)

Пропишаниот капитал на Банката е поделен во два дела:

- Ниво 1: Редовен основен капитал (капитални инструменти, премија на капитални инструменти, задолжителна општа резерва, задржана нераспределена добивка која што не е оптоварена со какви било идни обврски, тековна добивка или добивка на крајот на годината и збирна сеопфатна добивка според барањата на НБРСМ) и Додатен основен капитал (капитални инструменти, премија од продажба на капитални инструменти, коригирани за регулаторните усогласувања според барањата на НБРСМ). Редовниот основен капитал не смее да биде понизок од 4,5 % од ризично пондерираната актива. Основниот капитал не смее да биде помал од 6 % од ризично пондерираната актива;

- Ниво 2: капитални инструменти и субординирани кредити и премија од продажба на капиталните инструменти коригирани за регулаторните усогласувања според барањата на НБРСМ.

Вкупно капитално барање (OCR)
Банката може да го надмине вкупното капитално барање (OCR) на редовна основа во очекуваните околности. Банката мора да ги исполни минималните барања за капитал на супервизорска оценка и евалуација на профилот на ризик (SREP) (на 1 јануари 2023 година, исполнување на барањата за капитал на супервизорска оценка и евалуација на профилот на ризик (SREP) само од редовен основен капитал (CET1)) и сите релевантни консолидирани барања за заштитни слоеви. Вкупното капитално барање (OCR) е определено од идна перспектива, вклучувајќи дополнителен заштитен слој за управување со потенцијални неочекувани промени.

Вкупно SREP (Супервизорска оценка на профилот на ризик) капитално барање (TSCR)
Банката може да го надмине применливото вкупно SREP капитално барање (TSCR) во секое време во случај на сериозни стресни услови (нормативна перспектива на процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP)). Со оглед на тоа, нормативната стрес-перспектива на процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP) е интегрирана во апетитот за ризик. Покрај тоа, на врвот на TSCR е поставен заштитен слој за управување.

Интерна стапка на адекватност на капиталот
Интерната стапка на адекватност на капиталот, дефинирана во процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP), гарантира дека сите ризици се соодветно покриени од интерен капитал од економска перспектива. Интерната стапка на адекватност на капитал покажува вишок на интерен капитал над капиталните барања за соодветни ризици од економска перспектива.

Банката ја следи сопствената локална регулатива во врска со процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP).
Процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP) на Банката, усогласен со принципите на НЛБ Групацијата, ги исполнува барањата на регулативата за потребите за капитал (CRR), упатствата на Европската централна банка (ECB) и на Европската асоцијација за банкарство (EBA) и ја следи добрата банкарска практика. Процесот на процена на адекватноста на интерниот капитал (ICAAP) е интегриран во целокупниот систем за управување со ризик со цел да се обезбеди соодветен капитал и одржливост во секое време, вклучително и проактивна поддршка за информирано одлучување.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.6 Управување со капиталот (продолжува)

SREP барања		**2022**	**2021**
Столб 1 (P1)	CET 1	4,50%	4,50%
	Ниво 1	6,00%	6,00%
	Вкупно капитал	8,00%	8,00%
Столб 2 (P2R)	Вкупно капитал	3,25%	3,00%
Вкупно SREP потребен капитал (TSCR)	CET 1	7,75%	7,50%
	Ниво 1	9,25%	9,00%
	Вкупно капитал	11,25%	11,00%
Барања за комбиниран заштитен слој (CBR)			
Заштитен слој за зачувување на капиталот	CET 1	2,50%	2,50%
Заштитен слој на капиталот за системски значајни банки	CET 1	2,00%	1,50%
Противцикличен заштитен слој на капиталот	CET 1	0,00%	0,00%
Системски заштитен слој	CET 1	0,00%	0,00%
Вкупни капитални барања (OCR)=MDA праг	CET 1	12,25%	11,50%
	Ниво 1	13,75%	13,00%
	Вкупно капитал	15,75%	15,00%

Активата пондерирана за кредитен ризик претставува збир од пондерираните износи на сите биланси и вонбиланси изложености. Сите средства се класифицираат во неколку категории на изложеност и дадени се пондери за ризик според нивото на кредитен квалитет на должникот или изложеноста, земајќи ги предвид ефектите на соодветниот колатерал.

Актива пондерирана за валутен ризик е збир на апсолутниот износ на нето-позицијата на Банката во злато и збирната девизна позиција.

Збирната девизна позиција на Банката ги вклучува девизните средства и обврски. Нето-спот и нето-форвард девизна позиција класифицирани како В, Г и Д ризични категории се известуваат на нето-основа, односно намалени за какви било загуби поради оштетување/посебна резерва. Банката го користи стандардизираниот пристап за утврдување на потребниот капитал за оперативниот ризик, што значи го дели постигнатиот финансиски резултат во осум деловни линии.

Табелата прикажана во продолжение го резимира составот на пропишаниот капитал и показателите на Банката за годините кои завршуваат на 31 декември. Адекватноста на капиталот е пресметана врз основа на статутарните финансиски извештаи во согласност со регулативата на НБРСМ. За време на овие две години, Банката се придржува до сите пропишани капитални барања.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.6 Управување со капиталот (продолжува)

	31.12.2022	31.12.2021
Капитални инструменти CET 1	854.136	854.136
Премија на капитални инструменти CET 1	2.274.484	2.274.484
Задолжителна општа резерва	7.785.882	7.119.458
Задржана нераспределена добивка	2.235.666	1.991.178
Кумулативна останата сеопфатна добивка	(42.375)	259.828
(-) Нематеријални средства	(50.815)	(79.770)
Ниво 1 капитал	**13.056.978**	**12.419.314**
Дополнителен основен капитал ниво 1 (AT1)	-	-
Ниво 1 капитал	**13.056.978**	**12.419.314**
Ниво 2 капитал	2.427.129	2.567.915
Вкупен капитал (Сопствени средства)	**15.484.107**	**14.987.229**
Ризично пондерирана актива за кредитен ризик	77.002.033	75.008.222
Ризично пондерирана актива за пазарен ризик	560.142	927.833
Ризично пондерирана актива за оперативен ризик	7.732.353	7.397.231
Ризично пондерирана актива ризик од договорна страна	8.582	8.811
Вкупна ризично пондерирана актива (РПА)	**85.303.110**	**83.342.097**
Стапка на редовен основен капитал	15,31%	14,90%
Стапка на основен капитал	15,31%	14,90%
Вкупна стапка на адекватност на капиталот	18,15%	17,98%

Со цел исполнување на бараната стапка на капитална адекватност на локално ниво (15,75 %) и на ниво на НЛБ Групација (16,25 % со вклучен додаток од 50 базични поени како интерен менаџмент-додаток), Надзорниот одбор на Банката одлучи, а по претходно добиена согласност од НБРСМ, дел од добивката по оданочување остварена во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година во согласност со регулативата на НБРСМ, во износ од 730.913 илјади денари, да се вклучи во пресметката на редовен основен капитал (CET1) со датум 31 декември 2022 година. Износот кој е вклучен во пресметката на редовниот основен капитал (CET1) е ограничен за распределба (исплата) на акционерите во иднина и треба да се потврди на годишното Собрание на акционери на Банката.

3.7 Известувања по сегменти

Известувањето по сегменти е презентирано во согласност со стратегијата базирана на нов модел за мерење на профитабилноста имплементирана во сите НЛБ-подружници. Сегментите на Банката се деловни единици кои се фокусираат на различни клиенти и пазари. Со нив се управува одделно, бидејќи секоја деловна единица бара различни стратегии и нивоа на услуги.

Деловните активности на Банката се поделени во неколку сегменти. Нето-приходите од камати се прераспределуваат помеѓу сегментите врз основа на интерните стапки на трансфер на цени (FTP).

Сегментите на Банката се поделени во три сегменти.

3. Управување со ризици (продолжува)

3.7 Известувања по сегменти (продолжува)

Сегментите се следни:

- сегментот банкарство на мало опфаќа операции со физички лица и микро и мали претпријатија по внатрешна методологија (вкупна кредитна изложеност до 12.300 илјади денари и приход од 120.000 илјади денари);
- сегментот комерцијално банкарство вклучува операции со големи компании, мали и средни претпријатија со вкупна кредитна изложеност над 12.300 илјади денари и приход од 120.000 илјади денари и клиенти под интензивен третман. Вклучува и операции со банки, штедилници, меѓународни финансиски институции, осигурителни друштва, пензиски фондови, инвестициски фондови и други активности (активности на Банката);
- сегментот финансиски институции ги опфаќа трансакциите со следниве производи: чувар на имот и услуги, хартии од вредност, задолжувања, субординирани обврски, должнички хартии од вредност, управување со девизен/валутен ризик, управување со каматниот ризик, управување со ризикот на пазарот на пари, примарен пазар.

Банката е првенствено финансиска институција, а нето-приходите од камати претставуваат најголем дел од нејзините нето-приходи.

Повеќе од 95 % од вкупните приходи на Банката кои вклучуваат приходи од камати, приходи од дивиденди и приходи од провизии и надомести се остварени на домашниот пазар.

Нема приход од трансакции со еден надворешен клиент што изнесува 10 % или повеќе од приходот на Банката.

31.12.2022	**Банкарство на мало**	**Комерцијално банкарство**	**Финансиски пазари**	**Останато**	**Вкупно**
Нето приходи од камата	2.308.618	848.467	162.400	-	**3.319.485**
Приходи од камати	2.398.591	853.647	341.873	-	**3.594.111**
Расходи за камати	(89.973)	(5.179)	(179.474)	-	**(274.626)**
Приходи од провизии	935.929	29.322	(86.314)	167.994	**1.046.931**
Исправки на вредност	(449.665)	199.183	74.097	(8.658)	**(185.043)**
Резервирања	(17.246)	44.126	-	8.291	**35.171**
Бруто изложеност Средства	49.528.622	26.509.401	36.554.934	5.253.989	**117.846.946**
Бруто изложеност Обврски	74.945.670	15.167.453	6.688.951	91.702	**96.893.776**
Нето изложеност Средства	47.943.467	24.134.459	36.471.517	5.253.972	**113.803.415**

31.12.2021	**Банкарство на мало**	**Комерцијално банкарство**	**Финансиски пазари**	**Останато**	**Вкупно**
Нето приходи од камата	2.055.206	753.671	212.307	83.653	**3.104.837**
Приходи од камати	2.217.698	768.922	343.514	87.485	**3.417.619**
Расходи за камати	(162.492)	(15.252)	(131.207)	(3.831)	**(312.782)**
Приходи од провизии	692.257	300.947	73.158	(91.369)	**974.993**
Исправки на вредност	170.071	(16.402)	63.305	51.676	**268.650**
Резервирања	14.510	(47.819)	-	(35.413)	**(68.722)**
Бруто изложеност Средства	45.723.791	24.730.652	36.524.982	5.442.545	**112.421.970**
Бруто изложеност Обврски	71.025.418	15.198.631	7.377.894	(209.801)	**93.392.142**
Нето изложеност Средства	44.499.850	22.216.937	36.424.296	5.811.292	**108.952.375**

4. Нето-приходи од камати

	2022	2021
Приходи од камата пресметани користејќи го методот на ефективна каматна стапка		
Кредити на и побарувања од:		
- банки	62.698	5.223
- други комитенти	3.282.161	3.111.907
Парични средства и сметки во НБРСМ	3.398	3.310
Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	68.256	113.575
Должнички хартии од вредност мерени по амортизирана набавна вредност	177.598	183.604
Вкупно	**3.594.111**	**3.417.619**

Расходи за камати		
Расходи за камата пресметани користејќи го методот на ефективна каматна стапка		
Депозити на банки	74	-
Депозити на коминтенти	92.500	179.913
Обврски по кредити	17.258	8.711
Субординирани обврски	145.132	98.944
Обврски по наеми	2.206	2.736
Останати каматни и слични расходи		
Негативна камата	16.287	21.414
Трошок за камата за дефинирани користи за вработени (белешка 42)	1.169	1.064
Вкупно	**274.626**	**312.782**
Нето приходи од камати	**3.319.485**	**3.104.837**

Во ставката „Негативна камата“ е вклучена камата за депозити на банки во износ од 5.070 илјади денари (2021: 5.105 илјади денари) и камата за задолжителна резерва во НБРСМ во износ од 11.217 илјади денари (2021: 16.309 илјади денари).

5. Приходи од дивиденди

	2022	2021
Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	1.594	1.057
Вкупно	**1.594**	**1.057**

6. Нето-приходи од провизии и надомести

	2022	2021
Приходи од провизии и надомести		
Акредитиви и гаранции	91.623	86.534
Платен промет	954.039	886.364
Комисиски и доверителски активности	29.535	26.094
Примени провизии по кредитни картички	369.302	325.638
Инвестициско банкарство	7.985	10.920
Трансакции со трговци	394.117	353.010
Порамнувања со картички	310.185	241.153
Примени провизии од банкарско осигурување	48.118	35.908
Останати провизии	23.409	29.852
Вкупно	**2.228.313**	**1.995.473**
Расходи за провизии и надомести		
Платен промет	244.700	225.976
Порамнувања со картици и надомести за кредитни картици	918.790	784.040
Инвестициско банкарство	230	1.038
Останати платени провизии	17.662	9.426
Вкупно	**1.181.382**	**1.020.480**
Нето приходи од провизии и надомести	**1.046.931**	**974.993**

Банката обезбедува старателски услуги, комисиони услуги, корпоративна администрација, кредитирање, платен промет во земјата и странство, управување со вложувања и советодавни услуги на трети лица, кои ја вклучуваат Банката во донесувањето одлуки за распределба, набавка и продажба во однос на широк опсег на финансиски инструменти. Комисионите средства не се вклучени во овие финансиски извештаи. Некои од овие договори ја инволвираат Банката во прифаќање цели за остварување на референтните нивоа на поврат на средствата кои ги чува за трети лица.

7. Нето-добивка/(загуба) од финансиски инструменти чувани за тргување

	2022	2021
Нето добивки/загуби од тргување		
- добивки	612.215	419.842
- загуби	(264.906)	(142.692)
Нето добивки/загуби од деривати		
- добивки	283	804
- загуби	(2.048)	-
Вкупно	**345.544**	**277.954**

8. Нето-добивка/(загуба) од финансиски обврски мерени по објективна вредност преку Биланс на успех

	2022	2021
Нето добивка/(загуба) од финансиски обврски		
- добивки	2.164	-
- загуби	(337)	-
Вкупно	**1.827**	**-**

9. Нето-добивка/(загуба) од курсни разлики

	2022	2021
Приходи од курсни разлики	767.457.393	339.094.836
Расходи за курсни разлики	(767.435.114)	(339.102.424)
Вкупно	**22.279**	**(7.588)**

10. Нето-добивки/(загуби) од депризнавање на средства

	2022	2021
Нето добивки/(загуби) од депризнавање на недвижности и опрема:		
- сопствени недвижности и опрема	722	445
- средства со право на употреба	(506)	2.651
Нето добивки/(загуби) од депризнавање - останато (без средства чувани за продажба)	(2.722)	(379)
Вкупно	**(2.506)**	**2.717**

11. Други оперативни приходи

	2022	2021
Приходи од закуп	13.170	13.222
Приходи од небанкарски услуги - транспорт на готовина	43.731	41.987
Останато	81.980	14.078
Вкупно	**138.881**	**69.287**

Ставката „Останато“ главно се состои од приход од наплатен надомест од тужба.

12. Други оперативни расходи

	2022	2021
Осигурителни премии за депозити	157.313	149.118
Трошоци по судски постапки	1.656	1.821
Реваloризација на вложувањата во недвижности до објективна вредност (белешка 30)	-	11.479
Останато	44.621	33.352
Вкупно	**203.590**	**195.770**

Премијата за осигурување на депозити се пресметува како процент од 0,25 % од депозитите и каматите на физички лица и обврски за нераспределени приливи од странство за физички лица.

Ставката „Останато“ главно се состои од трошоци поврзани со донации.

13. Трошоци за вработените

	2022	2021
Плати	652.036	613.124
Придонеси за социјално осигурување	213.139	194.570
Трошоци за пензии:		
- дефинирани планови за придонеси	25.953	24.658
Регрес за годишен одмор	22.795	21.800
Награди за членови на Управниот одбор и менаџери	28.609	15.777
Неискористени годишни одмори	-	(7.150)
Други трошоци за вработени	49.053	29.331
Нето расходи/(приходи) за резервации за пензии и слични обврски (белешка 42)	593	809
Нето расходи/(приходи) за резервации за други долгорочни користи за вработените (белешка 42)	(7.000)	1.989
Останато	869	706
Вкупно	**986.047**	**895.614**
Број на вработени	949	877

14. Општи и административни трошоци

	2022	2021
Технологија		
- одржување на софтвер и опрема	67.175	50.371
- пристап до податоци и трошоци за претплата	14.103	14.402
- лиценци	26.764	27.489
Објекти и опрема		
- електрична енергија	51.826	28.593
- други трошоци поврзани со објекти и опрема	21.943	22.036
- трошоци за одржување	55.267	48.771
- трошоци за осигурување на материјални средства	4.215	3.581
- трошоци за обезбедување - објекти	18.433	30.610
- кирии и закупнини	17.656	17.277
Материјални трошоци	42.842	25.505
Маркетинг и односи со јавност	30.413	28.570
Трошоци за службени патувања	22.668	10.342
Телекомуникациски и поштенски трошоци		
- поштенски услуги	7.335	10.329
- телекомуникации и интернет	37.686	38.694
Трошоци за изнајмување на персонал	33.994	41.073
Услуги за наплата на побарувања	10.951	15.592
Трошоци за ревизорски услуги	3.349	2.912
Трошоци за стипендии и образование	4.847	4.457
Трошоци за други комуникациски услуги	19.815	17.703
Даноци и други јавни давачки	3.252	2.121
Членарини и слични провизии	2.506	2.510
Останато осигурување	12.358	18.790
Други општи и административни трошоци	125.525	107.199
Вкупно	**634.923**	**568.927**

Ставката „Други општи и административни трошоци“ вклучува трошоци за транспорт на готовина, консултантски услуги, интелектуални услуги, услуги за архивирање и други услуги.

15. Амортизација

	2022	2021
Амортизација на недвижности и опрема:		
- сопствени недвижности и опрема (белешка 31)	152.889	140.044
- средства со право на употреба (белешка 31)	77.426	75.031
Амортизација на софтвер и други нематеријални средства (белешка 32)	104.757	83.814
Вкупно	**335.072**	**298.889**

16. Добивка/(загуба) од модификација

	2022	2021
Загуби од модификација на финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност	(148)	(10.819)
Вкупно	**(148)**	**(10.819)**

17. Резервирања

	2022	2021
Резервирања за вонбилансни изложености- гаранции и потенцијални обврски (белешка 42)		
Зголемување на резервирањата	(385.949)	(412.680)
Ослободување на резервирањата	412.826	346.348
Резервирања за судски спорови (белешка 42)		
Зголемување на резервирањата	-	(2.390)
Ослободување на резервирањата	8.294	-
Вкупно	**35.171**	**(68.722)**

18. Исправка на вредноста

	2022	2021
Исправки на вредност на финансиски средства		
Пари, парични средтва во НБРСМ и депозити по видување во банки		
Зголемување на исправката на вредност	(6.909)	(11.202)
Ослободување на исправката на вредност	6.451	14.524
Финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка (белешка 27. б)		
Зголемување на исправката на вредност	(5.229)	(26.142)
Ослободување на исправката на вредност	8.999	42.332
Должнички хартии од вредност мерени по амортизирана набавна вредност (белешка 27. б)		
Зголемување на исправката на вредност	(1.230)	(38.773)
Ослободување на исправката на вредност	16.042	82.742
Кредити на и побарувања од банки мерени по амортизирана набавна вредност (белешка 27. а)		
Зголемување на исправката на вредност	(8.620)	(19.905)
Ослободување на исправката на вредност	10.190	22.141
Кредити на и побарувања од физички лица мерени по амортизирана набавна вредност (белешка 27. а)		
Зголемување на исправката на вредност	(1.370.172)	(1.368.088)
Ослободување на исправката на вредност	841.846	1.460.712
Кредити на и побарувања од правни лица мерени по амортизирана набавна вредност (белешка 27. а)		
Зголемување на исправката на вредност	(1.436.375)	(2.151.894)
Ослободување на исправката на вредност	1.532.057	1.653.529
Останати финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност (белешка 27. а)		
Зголемување на исправката на вредност	(63.081)	(43.174)
Ослободување на исправката на вредност	21.298	28.030
Наплатени отпишани побарувања (белешка 27. а)	276.301	649.687
Вкупно исправки на вредност на финансиски средства	**(178.432)**	**294.519**
Исправка на вредност на нефинансиски средства		
Исправки на вредност на останати средства (белешка 28)	(6.611)	(18.094)
Исправки на вредност - недвижности и опрема (белешка 31)	-	(7.775)
Вкупно исправка на вредност на нефинансиски средства	**(6.611)**	**(25.869)**
Вкупно исправки на вредност	**(185.043)**	**268.650**

18. Исправка на вредноста (продолжува)

Наплатените отпишани побарувања во износ од 276.301 илјада денари (2021: 649.687 илјади денари) вклучуваат износи од наплатени отпишани побарувања и наплатени отпишани побарувања од преземени средства. Во 2022 наплатени претходно отпишани побарувања со преземање на средства се 56.486 илјади денари (2021: 229 илјади денари).

19. Данок на добивка

	2022	2021
Тековен данок на добивка за известувачкиот период	246.410	226.071
Одложен данок	(12.885)	23.703
Вкупно	**233.525**	**249.774**

	2022	2021
Добивка пред оданочување	2.562.242	2.653.166
Данок на добивка по даночна стапка од 10%	256.224	265.317
Ефект од:		
Даночно ослободени приходи	(1.594)	(510)
Реинвестирана добивка која не подлежи на оданочување	(74.537)	(12.407)
Расходи непризнаени за даночни цели	132.079	12.211
Даночни ослободувања за донации во спорт	(27.194)	(18.199)
Времена разлика од даночниот режим	(38.568)	(20.341)
Данок на добивка (ефективна даночна стапка 9,62% и 8,52% соодветно)	**246.410**	**226.071**
Одложен данок:		
Поврзани со потекнувањето и враќањето на времените разлики	(12.885)	23.703
Данок на добивка прикажан во Билансот на успех	**233.525**	**249.774**

	Биланс на состојба		Биланс на успех	
Одложен данок	**2022**	**2021**	**2022**	**2021**
Проценка на преземени средства	(11.707)	(13.686)	(1.979)	1.058
Проценка на недвижности дадени под закуп по објективна вредност	(230)	-	230	279
Исправки на вредност	(84.379)	(98.014)	(13.635)	18.709
Модификација	6.277	8.776	2.499	3.657
Одложени даночни средства/(обврски), нето	**(90.039)**	**(102.924)**	**(12.885)**	**23.703**

20. Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување во банки

	2022	2021
Парични средства во благајна	2.812.622	3.205.387
Сметки кај НБРСМ различни од задолжителна резерва	5.271.116	5.262.907
Депозити по видување во банки	5.022.822	3.033.591
Намалено за: исправка на вредноста	(3.358)	(2.062)
Задолжителна резерва во НБРСМ	4.671.298	3.378.366
Ограничени депозити	296.104	243.155
Намалено за: исправка на вредноста	(1.930)	(2.771)
Вкупно	**18.068.674**	**15.118.573**

Ставката „Пари, парични средства во НБРСМ и депозити по видување кај банките“ е вклучена во Парични средства и парични еквиваленти.

Банката мора да ги исполни барањата за задолжителна резерва во денари и во странска валута кај НБРСМ.

Задолжителната резерва во денари на 31 декември 2022 година е во износ од 3.907.620 илјади денари (2021: 4.978.297 илјади денари). Ефективната каматна стапка на задолжителната резерва во денари е 0 % (2021: 0 %). Задолжителната резерва во денари се чува на жиро-сметка отворена во НБРСМ.

Задолжителната резерва во странска валута на 31 декември 2022 година е во износ од 5.207.364 илјади денари или 84.405 илјади евра (2021: 3.556.186 илјади денари или 57.705 илјади евра). Во согласност со Одлуката за задолжителна резерва, до 9 август 2022 година Банката одржуваше 95 % од износот на задолжителната резерва во евра распределени на девизната сметка на НБРСМ во странство и 5 % од износот на задолжителната резерва во евра распределени на нејзината сметка во евра во МИПС. Од 10 август 2022 година со исполнувањето на барањето за пресметка на задолжителна резерва од обврските, од јули 2022 година, Банката одржуваше 90 % од износот на задолжителната резерва во евра распределени на девизната сметка на НБРСМ во странство и 10 % од износот на задолжителната резерва во евра распределени на нејзината сметка во евра во МИПС.

НБРСМ не пресметува надоместок за задолжителната резерва во денари. Надоместокот треба да се пресметува на задолжителната резерва во евра по стапка еднаква на пониската цена од 0 % и каматната стапка на депозитот преку ноќ на Европската централна банка (ECB) кој се применува на последниот ден од периодот за одржување на резервите. Доколку просечниот алоциран дневен износ на средствата на Банката е повисок од потврденото барање за задолжителна резерва во евра за целиот период на одржување на задолжителната резерва, надоместокот треба да се наплатува за вишокот на издвоени средства по стапка еднаква на пониската цена од 0 % и каматната стапка на депозитот преку ноќ на Европската централна банка (ECB) кој се применува на последниот ден од периодот на негативен преглед, намален за 0,15 процентни поени.

21. Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

а) Анализа според видот на финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

	2022	2021
Финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка вклучени во парични еквиваленти		
Благајнички записи:		
- Народна Банка на Република Северна Македонија	1.187.640	1.725.827
Вкупно финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка вклучени во парични еквиваленти	**1.187.640**	**1.725.827**
Останати финансиски средства мерени по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка		
Државни обврзници:		
- Република Северна Македонија	3.720.447	4.121.154
- земји членки на ЕУ	-	615.952
Државни записи:		
- земји членки на ЕУ	-	585.983
Акции:		
- останати финансиски институции	126.332	125.035
Вкупно	**5.034.419**	**7.173.951**
од нив сопственички инструменти	126.332	125.035
од кои котирани	-	-
од кои некотирани	*126.332*	*125.035*
од нив должнички инструменти	4.908.087	7.048.916
од кои котирани	*3.720.447*	*5.323.089*
од кои некотирани	*1.187.640*	*1.725.827*
Исправка на вредност	(19.507)	(23.320)

21. Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка (продолжува)

б) Движење на финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

	2022		2021	
	Сопствени инструменти	**Должнички инструменти**	**Сопствени инструменти**	**Должнички инструменти**
На 1 јануари	**125.035**	**7.048.916**	**32.923**	**5.332.440**
Курсни разлики	-	(7.529)	-	(5.244)
Камата припишана на главница	-	68.256	-	113.575
Зголемување	-	10.054.255	-	23.103.967
Продажба и достасување	-	(11.958.042)	-	(21.369.919)
Нето добивка/(загуба) од промени во објективната вредност	1.297	(297.769)	92.112	(125.903)
На 31 декември	**126.332**	**4.908.087**	**125.035**	**7.048.916**

Благајничките записи што ги поседува Банката на 31 декември 2022 се должнички хартии од вредност издадени од НБРСМ со рок на достасување од 35 дена и фиксна каматна стапка. Номинирани се во денари. Примарен пазар се аукциите на благајнички записи што ги организира НБРСМ. На секундарен пазар, со нив може да се тргува на пазар преку шалтер. Само банките и штедилниците може да тргуваат со благајнички записи.

Ефективната каматна стапка на овие хартии од вредност се движела од 1,25 % до 4,75 % (2021: 1,25 % до 1,50 %) на годишно ниво.

Еврообврзниците класифицирани како должнички хартии од вредност кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се во износ од 3.720.447 илјади денари (2021: 4.121.154 илјади денари). Еврообврзниците што ги поседува Банката на 31 декември 2022 се со рок на достасување од 6 и 7 години и се деноминирани во евра. Вкупниот износ на еврообврзниците вклучува камата од 90.949 илјади денари (2021: 91.147 илјади денари). Ефективната каматна стапка е од 1,18 % до 3,13 % на годишно ниво.

Сопствениччките инструменти се издадени од финансиски друштва во износ од 126.332 илјади денари (2021: 125.035 илјади денари).
Котираните хартии од вредност се вреднуваат по последна куповна цена на секој ден на тргување на Македонската берза за хартии од вредност, а за странски хартии од вредност цените се обезбедени од Bloomberg.

22. Финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност

	2022	**2021**
Должнички хартии од вредност	12.500.382	12.827.964
Кредити на и побарувања од банки	1.501.596	2.812.159
Кредити на и побарувања од комитенти	72.113.402	66.708.081
Останати финансиски средства	1.843.467	1.519.621
Вкупно	**87.958.847**	**83.867.825**

23. Должнички хартии од вредност

	2022	2021
Должнички хартии од вредност мерени по амортизирана вредност		
Државни записи	1.774.682	597.247
Државни обврзници	10.776.292	12.296.133
Намалени за: исправки на вредност - група 1 (белешка 27. б)	(50.592)	(65.416)
Вкупно	**12.500.382**	**12.827.964**

Државни записи

Државните записи класифицирани како финансиски средства по амортизирана набавна вредност се во износ од 1.774.682 илјади денари (2021: 597.247 илјади денари).
Државните записи во сопственост на Банката на 31 декември 2022 се издадени од Сојузна Република Германија и Соединетите Американски Држави. Целиот износ ќе достаса во 2023 година. Државните записи се номинирани во денари. Ефективната каматна стапка е од 1,68 % до 4,18 % на годишно ниво.

Обврзници

Континуираните државни обврзници се класифицирани како финансиски средства по амортизирана набавна вредност во износ од 10.106.580 илјади денари (2021: 11.612.238 илјади денари).
Континуираните државни обврзници се со рок на достасување од 2, 3, 5, 10 и 15 години и се номинирани во денари и денари со валутна клаузула во евра. Вкупниот износ на континуираните државни обврзници вклучува камата од 91.572 илјади денари (2021: 96.695 илјади денари). Ефективната каматна стапка е од 0,80 % до 3,50 % на годишно ниво. Во текот на 2023 година ќе достасаат континуирани државни обврзници во номинален износ од 3.800.000 илјади денари.

Еврообврзниците класифицирани како финансиски средства по амортизирана набавна вредност се во износ од 669.712 илјади денари (2021: 683.895 илјади денари).
Еврообврзниците што ги поседува Банката на 31 декември 2022 се со рок на достасување од 6 години и се деноминирани во евра. Вкупниот износ на еврообврзниците вклучува камата од 13.126 илјади денари (2021: 13.154 илјади денари). Ефективната каматна стапка е од 2,03 % до 2,05 % на годишно ниво.

24. Кредити на и побарувања од банки

	2022	2021
Пласмани кај други банки	1.471.559	2.741.683
Вклучено во пари и парични еквиваленти	1.471.559	2.741.683
Кредити и побарувања од други банки	30.565	72.553
Намалено за: исправка на вредноста – група 1 (белешка 27. а)	(528)	(2.077)
Вкупно	**1.501.596**	**2.812.159**

На 31 декември 2022 година ставката „Пласмани кај други банки“ вклучува обврски по камати за депозити на Банката до три месеци во странски банки врз основа на негативна камата во износ од 0 илјади денари (2021: 289 илјади денари).

25. Кредити на и побарувања од комитенти

	2022	2021
Кредити на физички лица		
- пречекорување на сметки	1.171.103	1.157.162
- кредитни картички	2.402.948	2.327.591
- други кредити	25.770.886	23.528.082
- хипотекарни кредити	17.959.718	16.188.561
- паднати гаранции	76	-
Вкупно	**47.304.731**	**43.201.396**
Кредити на претпријатија		
- претпријатија	28.577.483	27.045.664
- останати финансиски институции	144.032	161.989
- држава	794	268
- непрофитни институции	7.364	12.279
Вкупно	**28.729.673**	**27.220.200**
Бруто кредити и побарувања	**76.034.404**	**70.421.596**
Намалено за: исправка на вредноста (белешка 27. а)	(3.921.002)	(3.713.515)
Вкупно	**72.113.402**	**66.708.081**

Краткорочните депозити кај финансиски друштва со рок на достасување до 3 месеци се вклучени во Парични средства и парични еквиваленти во износ од 139.314 илјади денари (2021: 128.983 илјади денари).
Ставката „Кредити на и побарувања од други комитенти“ вклучува авансни плаќања за недоспеани кредити и камати во износ од 193.717 илјади денари (2021: 235.595 илјади денари).

26. Останати финансиски средства

	2022	2021
Побарувања по кредитни картички	353.161	188.698
Побарувања од купувачи	16.941	25.852
Побарувања по провизии	110.493	86.599
Авансно исплатени пензии	1.362.413	1.200.195
Останато	47.067	47.482
Намалено за: исправки на вредност (белешка 27. а)	(46.608)	(29.205)
Вкупно	**1.843.467**	**1.519.621**

На 27 декември 2022 година, Банката ги исплати пензиите за клиентите на Банката во износ од 1.362.409 илјади денари, кои беа рефундирани од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија на 5 јануари 2023 година.

Ставката „Останато“ вклучува побарувања за услуги за трансфер на пари, побарувања за судски такси во извршни постапки и други побарувања.

27. Движење на исправката за финансиските средства

а) Движење на исправката на вредноста на финансиски средства мерени по амортизирана набавна вредност

	Состојба на 1 јануари 2022	Трансфер во/(од) група 1	Трансфер во/(од) група 2	Трансфер во/(од) група 3	Трансфер	Зголемување / намалување	Отписи	Промени во моделот / параметри за ризик	Курсни разлики и останати движења	Состојба на 31 декември 2022	Наплата на отпишани побарувања
Очекувани загуби за 12 месеци											
Кредити на и побарувања од банки	2.077	-	-	-	-	(1.299)	-	(271)	21	528	-
Кредити на и побарувања од физички лица	336.654	(53.746)	60.628	267.069	273.951	(131.722)	(2.588)	185.881	2.135	664.311	-
Кредити на и побарувања од правни	649.083	(54.917)	32.682	2.050	(20.185)	51.497	(6)	(211.596)	(50)	468.743	-
Останати финансиски средства	5.118	(484)	595	670	781	1.310	(962)	(851)	-	5.396	-
Очекувани кредитни загуби за целиот животен век за кредитно неоштетени											
Кредити на и побарувања од банки	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од физички лица	50.833	50.480	(139.037)	41.037	(47.520)	116.198	(159)	20.107	(133)	139.326	-
Кредити на и побарувања од правни лица	297.091	53.470	(128.277)	23.642	(51.165)	14.048	(14)	7.476	(337)	267.099	-
Останати финансиски средства	995	431	(882)	185	(266)	1.637	(1.725)	282	-	923	-
Очекувани кредитни загуби за целиот животен век за кредитно оштетени											
Кредити на и побарувања од банки	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од физички лица	692.471	3.266	78.408	(308.105)	(226.431)	284.376	(154.909)	53.486	13.810	662.803	(91.849)
Кредити на и побарувања од правни лица	1.687.383	1.448	95.595	(25.694)	71.349	37.024	(142.488)	5.869	59.583	1.718.720	(178.700)
Останати финансиски средства	23.092	52	288	(854)	(514)	38.000	(21.658)	1.405	(36)	40.289	(5.752)
Од кои: купени кредитно оштетени финансиски средства	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-

27. Движење на исправката за финансиските средства (продолжува)

	Состојба на 1 јануари 2021	Трансфер во/(од) група 1	Трансфер во/(од) група 2	Трансфер во/(од) група 3	Трансфер	Зголемување / намалување	Отписи	Промени во моделот / параметри за	Курсни разлики и останати	Состојба на 31 декември 2021	Наплата на отпишани побарувања
Очекувани загуби за 12 месеци											
Кредити на и побарувања од банки	4.259	-	-	-	-	(511)	-	(1.724)	53	2.077	-
Кредити на и побарувања од физички лица	418.147	(51.544)	101.650	295.956	346.062	(253.511)	(493)	(173.553)	2	336.654	-
Кредити на и побарувања од правни лица	361.894	(39.763)	74.947	3.425	38.609	159.755	(15)	88.617	223	649.083	-
Останати финансиски средства	3.876	(405)	495	1.121	1.211	162	(481)	350	-	5.118	-
Очекувани кредитни загуби за целиот животен век за кредитно неоштетени											
Кредити на и побарувања од банки	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од физички лица	109.768	39.389	(175.577)	40.213	(95.975)	33.784	(228)	3.600	(116)	50.833	-
Кредити на и побарувања од правни лица	387.946	38.558	(174.718)	12.693	(123.467)	1.207	(89)	31.436	58	297.091	-
Останати финансиски средства	646	367	(842)	278	(197)	561	(686)	671	-	995	-
Очекувани кредитни загуби за целиот животен век за кредитно оштетени											
Кредити на и побарувања од банки	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од физички лица	820.808	12.157	73.926	(336.169)	(250.086)	337.722	(148.784)	(41.710)	(25.479)	692.471	(83.691)
Кредити на и побарувања од правни лица	1.862.788	1.205	99.771	(16.119)	84.857	227.572	(70.444)	(11.424)	(405.966)	1.687.383	(548.950)
Останати финансиски средства	29.625	38	347	(1.399)	(1.014)	13.653	(18.927)	(253)	8	23.092	(17.046)
Од кои: купени кредитно оштетени финансиски средства	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-

б) Движење на исправката на вредноста на должничките хартии од вредност

